# ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И ИДЕИТЕ ЗА ПОДУНАВСКА ФЕДЕРАЦИЈА, КОНФЕДЕРАЦИЈА И УНИЈА
(документи)

**Association of the Historians of the Republic of Macedonia**

# THE GREAT BRITAIN AND THE IDEAS FOR DANUBIAN FEDERATION, CONFEDERATION AND UNION
## (Documents)

Translated and edited by:

Todor Chepreganov, Ph. D
Teon Dzingo, Ph. D
Irena Avirovich, Ph. D
Sonja Nikolova, Ph. D

SKOPJE
2016

**Здружение на историчарите на Република Македонија**

# ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И ИДЕИТЕ ЗА ПОДУНАВСКА ФЕДЕРАЦИЈА, КОНФЕДЕРАЦИЈА И УНИЈА
## (документи)

Превод и редакција:

д-р Тодор Чепреганов
д-р Теон Џинго
д-р Ирена Авировиќ
д-р Соња Николова

СКОПЈЕ
2016

CIP Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
94:32"1906/1914"(091)
327(410)"1906/1914"
ВЕЛИКА Британија и идеите за Подунавска федерација, конфедерација и унија : (документи) / превод Тодор Чепреганов ... [и др.]. - Скопје : Сојуз на историчарите на Република Македонија, 2016. - 163 стр. ; 21 см
На насп. насл. стр.:The Great Britain and the ideas for Danubian federation, confederation and union : (documents). - Фусноти кон текстот. - Регистар
ISBN 978-9989-776-12-0
1. Ств. насл. на наспор. насл. стр.
а) Европа - Политичка историја - 1906-1914 - Документи б) Велика Британија - Надворешна политика - 1906-1914 в) Австро-Унгарија - Историја
COBISS.MK-ID 101963018

# ВОВЕД

Завршувањето на Првата светска војна и Версајскиот мировен договор сосема ја променија политичката карта на Европа. По војната и мировната конференција од една страна се распаднаа трите големи мултиетнички империи, а од друга германскиот милитаризам беше поразен. Сигурно, дека распаѓањето на Империите имаше свој историско-последователен развој во чија основа пред се лежи крутоста на владејачките елити кои немала никаков слух за процесите кои во тој период ги беа зафатиле народите во Империјата – појавениот револуционерен дух и решавањето на националното прашање.

Од друга страна решенијата на мировната конференција од 1919 година сосема ги занемарија династичките или историските интереси и се базираа исклучиво на етничкиот принцип. Несомнено дека формирањето на националните држави од Централна и Источна Европа им даде можност на тие народи да уживаат поцелосна национална слобода која дотогаш ја немаа. Меѓутоа, се покажа дека формирањето на чисто национални држави ќе оди многу тешко во оние области кои се многу измешани. Поради тоа миротворците во Версај мораа да направат стратешки и економски отстапки дури и во случаи кога историската логика одеше против принципот на националност и слободно национално самоопределување.

Но треба да се има предвид дека историски кога и да се појавеше идејата за преуредување на Централна Европа секогаш била поврзана со желбата за формирање на Европски поредок. Од друга страна она што го донесе мирот од Версај во Централна Европа не беше, според пророштвото на Масарик, бастион против германската агресија, промовирајќи траен мир и политичка стабилност. Посебно е интересен фактот што сега земјите беа етнички мотивирани а, политичкото и територијалното ривалство продолжи да има

предност пред економската рационалност и безбедност. Единствената разлика беше во тоа што миротворците исполнувајќи ги национални аспирации на одделни земји се судрија со фактот дека претходните иредентистички националности – Грците, Полјаците, Романците и Србите, по формирањето на нивните држави, се бореа да го задржат статус кво, додека германскиот и унгарскиот национализам беа исполнети со етосот на иредентизмот и ревизионизмот.

Меѓу двете светски војни етничките конфликти беа дополнително отежнати со два сериозни недостатоците на договорите за малцинствата. Прво, на етничките малцинства не им беше дадено правото на корпоративни постоење, им беше дадена само можноста на поединци да се обратат до Друштвото на народите за легален надомест на штета спротиставувајќи им се така на сопствените влади.

Второ, решението за извршување на договорите беше оставено во рацете на земјите наследнички кои можеа лесно да не ги почитуваат препораките на Советот под претекст како директно мешање во нивните внатрешни работи, што и најчесто се случуваше.

Во средината на 1930-тите години станало сосема јасно дека земјите од Централна и Источна Европа со изграден цврст национализам заедно со растечката неспособност на Друштвото на народите не се во состојба да можат да им застанат на патот на се по агресивната Германија и од друга страна на можните Руски аспирации.

Почетокот на Втората светска војна, имено германскиот напад на Полска во септември 1939 година, беше важен чекор кон создавање на нов европски поредок т. е. Pax Germanica врз основа, пред се, на политичко и економско покорување на Централна и Источна Европа. Настаните јасно покажаа дека целосната и монополитичка контрола на Централна и Источна Европа ја загрозува безбедноста на



светот. Во таква констелација на сили, а имајќи предвид дека независноста и стабилноста на Централна и Источна Европа е од витално значење, пред сѐ Велика Британија како и Соединетите Американски Држави посветија внимание во реорганизацијата на Централна и Источна Европа со цел да ја зголемат соработката на земјите во регионот.

Во контекст на овие активности британската влада формирала дури и служба за истражување со цел да даде научно аргументирани анализи во однос на развојот и иднината на земјите од Централна и Источна Европа. Во службата влегле специјалисти и професори, а истата била раководена од историчарот Арнолд Тојнби.

При анализата на етничките, економските и политичките услови на Дунавската басен, експертите едногласно истакнале дека создавањето на национални држави не ги исполнило очекувањата. Според нивните анализи неуспехот на Версајскиот мировен договор се должел пред се на:

1. Надворешни фактори, во кои спаѓале недостатокот на политичка и економска соработка меѓу малите држави, пред се поради нивниот иредентизам, малцинските проблеми, тарифните бариери и притисокот од светската економска криза (1929-1932), недостаток на интерес од страна на западните сили пред се британските и американските изолационистички тенденции како и политиката на празни ветувања од страна на Франција и германската и италијанската поддршка на унгарскиот и бугарскиот ревизионизам и

2. Внатрешни фактори во кои спаѓале: проблемот на селаните кој се однесувал на недостатокот од радикални реформи во земјоделството во Унгарија и Полска; индустрискиот проблем на трудот – незадоволна и политички необразована маса на работници која била оставена на милост и немилост на радикалната демагогија; проблемот на буржоазијата - полуобразована, непотистичка, неодговорна и

општествено нечувствителна владејачка класа; лажниот образовен систем – распространетоста на необјективен и шовинистички дух; лажниот политички систем – псевдо демократски системи, нечесни функционери и бирократија; еврејското прашање - постојано експлоатирано од страна на владите; разликата во културно ниво во рамките на државите и воената неподготвеност.

Од 1939 година, со цел да се избегне повторување на горенаведените внатрешни и надворешни проблеми во регионот, до британското министерство за надворешни работи биле доставени неколку предлози во врска со реконструкцијата на Централна и Источна Европа.

При нашите истражувања во Public Record Office дојдовме до неколку документи кои се однесуваат токму на британските идеи за повоеното уредување на Централна и Источна Европа. Во зборникот презентираме еден од тие предлози и размислувањата и реакцијата на британските експерти во однос на дадените идеи за иднината на Централна и Источна Европа.



1

# ИДНИНАТА НА НАЦИИТЕ ВО ПОДУНАВЈЕТО,
26 септември 1942

## Крајот на наследничките држави

Надворешните факти за историјата на земјите во Подунавјето по склучувањето на мирот во 1919 година, се добро познати. Оставен на ривалските влијанија на големите континентални сили, Басенот неколку години беше делумно француска и делумно италијанска сфера на влијание. На Малата антанта,[1] формирана под покровителство на Франција и формирана од сојузите на Чехословачка, Романија и Југославија ѝ се спротивстави ревизионистичка Унгарија помогната од Италија. Австрија, чија независност толку умешно ја воспоставија победниците, подоцна, исто така, бараше заштита од Италија.

Меѓутоа, во 1936 година, Германија, обновувајќи ја својата сила, со својата армија навлезе во Рајнската област[2] и ја утврди, а како резултат на тоа ја затвори Франција од Малата антанта. Овој удар на француското влијание источно од Рајна, оневозможи каква било ефективна воена акција од Французите, кои, во соработка со чешката армија, би можеле да ја стават под контрола Германија. Италија, преокупирана со градењето на Империјата, се покажа премногу слаба за да ја држи Австрија против Рајхот и мораше да ја напушти.

[1] Воен сојуз меѓу Југославија, Чехословачка и Романија кој постоел од 1920 до 1938 година.

[2] По Првата светска војна западниот дел на Рајнската област бил окупиран од силите на Антантата, а со Версајскиот мировен договор била демилитаризирана. Германските сили ја ремилитаризираат во 1936 година.

Аншлусот (насилно присоединување) од 1938 година[3] го уништи она што требаше да биде прва централноевропска линија на антинацистичката одбрана базирана на соработка помеѓу Виена, Прага и Варшава. По австриската анексија и заземањето на Чехословачка, британската политика се обиде да ѝ даде гаранции на Романија за да изгради втора линија на одбрана за да ја држи Германија надвор од Балканот. Но, ниту ова ниту претходно даденото ветување на Полска не можеше да ја одврати Германија, ниту да се спречи војната.

Иако најголемиот дел од нејзиното население никогаш не беше прогерманско, Подунавскиот басен падна во германски раце скоро без борба. Австрија, на долги стази не можеше да ја одбрани својата традиција и цивилизација; Чесите ги предадоа судетските области и потоа ја изгубија својата независност и демократските институции; Словаците беа употребени како продолжена рака против Чешка; порано слободољубивата Унгарија стана подмитена и потчинета држава; осакатената Романија работеше за нејзиниот осакатувач; дури и Југословените, таа боречка раса, си дозволија себеси да бидат опколени пред да се кренат на оружје. Овие настани би можеле да се објаснат само со чудната психологија создадена во периодот помеѓу двете светски војни. Непобитен факт е дека повоената состојба на народите по течението на реката Дунав не им донесе ниту мир ниту леб.

Мировните договори од 1919 година се обидоа да формираат принципи на национална независност во Подунавскиот басен. Хабсбуршката династија, поддржувач на супранационалниот концепт, беше отстранета заедно со

[3] Анексија на Австрија од страна на нацистичка Германија во 1938 година.

[4] На 30 септември 1938 година британската, француската и италијанската влада од една страна и Германија од друга страна го склучиле Минхенскиот договор.



конзервативните елементи низ Империјата. Силата во земјите-наследнички, премина во рацете на либералите (освен во Австрија каде што нејзините работници и селани беа во расчекор). Бидејќи подунавскиот либерализам се поврзуваше со национализмот, сепак, овие кругови во најголем дел беа либерали само по теорија. Припаѓајќи на т.н. интелигенција, тие никаде не претставувале значаен дел, но израснати во непријателство со централистичките тенденции на Хабсбуршката Империја, нивниот национализам беше екстремен. Сега, тие имаа шанса, преку тесноградиот карактер да се договорат со секоја од наследничките држави и со добивање на неограничен политички суверенитет да ги реализираат своите непоколебливи амбиции.

По доаѓањето на власт, основната цел на новите лидери, несомнено, беше да воспостават близок контакт со секоја категорија од населението – само по себе не многу лесна задача бидејќи падот на Хабсбуршката Монархија и големите промени што се случија како резултат на тоа, дојдоа толку ненадејно што луѓето не можеа да го разберат неговото значење. Династичките традиции, длабоко вкоренети, беа чести и се одржуваа одвреме-навреме; национализмот беше далеку од тоа да биде општо прифатен. Уште повеќе, поранешните потчинети на Хабсбурговците беа ненавикнати да учествуваат во државните работи – посебно во надворешната политика како прерогатив на Круната, што претставаше табу.

Со цел да го зајакнат новиот режим, масите беа воспитувани да бидат одговорни граѓани и задоени сè уште со не шовинистички патриотизам. Меѓутоа, тоа не беше направено. Нивните водачи не можеа да раскинат со минатото или да ги надраснат кавгите што беа доминантни во последната декада на Австро-унгарската Монархија. Национализмот ги поведе кон централизација отфрлена од оние делови и заедници што се бореа за самоуправување и нивната нетолеранција беше постојан напад кон многуте малцинства.

Заедничката изолација несоодветна за државите во Подунавјето беше неусогласена со локалните услови – лидерите не можеа да сфатат дека заедничките интереси бараат приближување меѓу нивните влади. Желбите и контражелбите ригидно се спротивставуваа една на друга; немаше медијатор да се залага за разбирање. Сомневајќи се една во друга тие беа слепи за остатокот од светот и сега се најдоа себеси како играчки во рацете на странските интереси. Овој вид ултранационализам никогаш не беше сфатен од страна на релативно неполитичките маси; беше и остана отуѓен од нив, но бидејќи нивниот став беше рационален, оној на нивите лидери беше непоколеблив.

Во средината на дваесеттите, изолационистичките тенденции се ширеа од политичката сфера во економската. Секоја подунавска држава започна да се формира како независна економска единица, иако поради различни и навистина често спротивни мотиви. Ако тогаш не постоеја услови за економска независност, тие требаше да бидат создадени! Австрија не сакаше да доживее таков глад како во периодот по потпишувањето на мирот и така нејзините селски лидери, новопечени како политичари, тежнееја за самостојност во одгледувањето на жито и подоцна во други земјоделски производи. Во исто време, Чехословачка, свесна за своите богатства, настојуваше да се осамостои во поглед на земјоделството, сметајќи дека со тоа ќе ги осигура добивките од 1919 година, затоа што Унгарија од самиот почеток настојуваше да ги поврати своите изгубени територии; да го направи она што сметаше дека е основно за да промовира индустријализација, а исто така да биде спремна за војна за ревизија. За возврат, Југославија и Романија се чувствуваа обврзани да ја следат истата политика на индустријализација со цел да се обезбедат себеси со воен потенцијал за одбрана на нивната зголемена територија. Во секој поглед подунавскиот економски национализам беше на дневен ред, донесен од политичари



кои најчесто беа целосно неискусни во економијата. На економијата на секоја наследничка држава - тоа ѝ даваше правец апсолутно спротивен од нивната природна структура. Во барањето автархија, традиционалната размена на стока помеѓу главните индустриски држави Австрија и Чехословачка и претежно земјоделските држави Унгарија, Југославија и Романија, требаше да биде елиминирана – или макар многу повеќе намалена. Во исто време, неразвиените или дури нови типови производство требаше да бидат воведени и охрабрувани. Тоа значеше фунда-ментални промени што бараа државна интервенција; адми-нистративните аранжмани им беа доверени на официјални или полуофицијални „центри“ преземени од воените контроли на Австриската Империја. Што поголема компентенци-ја им се дава на „центрите“ поголема е гужвата за адми-нистративни именувања. На овој начин, една армија од службеници, слабо платена и без традиција, скокна да ја зголеми уште повеќе веќе големата бирократска маши-нерија.

Овие службеници имаа растечка и евентуално диктаторска моќ. Трговијата во Подунавјето во почетокот беше спречувана со постојани високи даноци, но кога се откри дека таквите конвенционални трговски пречки би можеле да бидат надминати со размена, сосема базирана на битни предности на производството кои природно ги поседуваа различните региони, беа пуштени во оптек целосно нови работи. На дискриминирачките даноци на увоз, параметри и тајни попусти, им се додадоа ексклузивни билатерлни трговски договори, компензациски договори, увозни квоти и контроли при размената. Така заштитени и субвенционирани, се појави „развиено“ земјоделство на едно место и „развиени“ индустрии на друго.

Поради купиштата контролирани производи, на власт-ите што се занимаваа со нив постојано им недостигаше

експертско знаење и повикуваа претставници на големите концерни и други бизнисмени за совет и помош. Бидејќи сепак често ја искористуваат нивната позиција и бидејќи службениците не се чувствуваа одговорни, тенденцијата растеше да се направи контрола на привилегираните. Ова водеше кон официјално спонзорирање и во индустријата и во земјоделството на скапи картели и монополи. Политиката беше да се ограничи конкуренцијата. Повеќе не беше важно да се намалат трошоците, да се унапреди квалитетот на производите и да се зголеми потрошувачката; се сметаше на личните врски со политичарите, моќта да се добијат владини декрети направени во нивна користи снаодливост во сугерирањето на нови рестрикции на конкурентите или дури нивна елиминација.

Набрзо следуваа логичните последици – пад на бизнис - моралот, голема нееднаквост на приходите, потрошувачка, експлоатација и ограничување на потрошувачката.

Патот кон автархија водеше кон забрзана прогресивна дислокација на подунавската економија. Австрискиот експеримент насочен кон самостојност во житариците, беше, со алпскиот карактер на земјата, осуден на пропаст; извозната индустрија и меѓународната трговија беа жртвувани залудно, додека цените на прехранбените производи и цените на храната на селаните се зголемија. Во Чехословачка, сличен експеримент на автархија се направи во набавка на жито, од што главно корист имаа големите имоти и како таква реакционерна мерка, успеа. Претходно големиот увоз на жито за исхрана на луѓето престана целосно*, но како последица на тоа, индустриите што произведуваа потрошувачки стоки, концентрирани патем во Судетската област, на тој начин ги изгубија своите југоисточни пазари.

* Според Меѓународниот институт за земјоделство увозот на жито и брашно падна од 562.300 метрички тони во 1925/26 на 4700 во 1933/34.



Релативниот напредок на чехословачката воена индустрија беше резултат на монотоните европски тензии. Од друга страна, во Унгарија, Југославија и Романија на новите потрошувачки индустриски стоки, кои се појавија неплански, им недостасуваше во најголем дел солидна основа. Тие не можеа да го апсорбираат природниот прираст на населението или неискористената работна сила овозможена преку безбедносниот вентил што го понуди емиграцијата од 1914 година и останаа бескорисни во земјоделството. Индустриската самостојност остана само сон, а земјоделството, затворено од неговите природни пазари се најде во застој. Затоа, дури ни големата редистрибуција на земја, по ситнењето на големите имоти, не доведе до подобрување на состојбата.

Веќе во раните триесетти беше сосема јасно дека економскиот развој на земјите по Подунавјето запаѓа во ќорсокак. Се правеа интензивни напори за да се зголеми продажбата на произведената стока на западноевропските пазари кои сѐуште беа слободни, и за нив беа фрлени акумулирани аграрни вишоци. Извозот, како загуба неможе да го надомести ефектот на внатрешната, дунавска трговска стагнација. Да, како што беше невозможно да се изложуваат безгранично дела против здравиот разум, немаше, и не можеше да има враќање на разумот. Критиката остана нема во поодговорниот печат, додека субверзивната опозиција сѐ-уште беше зачудувачки слободна. Јавноста практично речи-си не знаеше реално што се случува. Над економијата на подунавските земји беше воведен авторитативен систем неколку години пред политичките слободи да бидат огра-ничени. Соочени со моќта што ја практикуваа државните органи и организациите кои беа наменети за заштита на интересите на малцинствата, индустријата во Австрија и Чехословачка и земјоделството во Унгарија, Југославија и

Романија не можеше да добие гласност; навистина, дури и највисоките интереси на државата на крајот мораше да бидат откажани. Дојде до разлабавување на врските меѓу Малата антанта, а исто така и меѓу Австрија и Унгарија поврзани со протоколот од Рим, бидејќи партнерите во овие договори, иако повремено на зборови зборуваат за соработка, а економски работат едни против други.

Политичката изолација на тој начин, исто така се засилува со економска изолација. Методите што се обидоа да наметнат автархија беа моделирани според моделот на германската „сива економија". Германскиот генералштаб усвои самостојност како систематска припрема за војна на одмазда која во нивните очи го оправда воведувањето на сите жртви на германскиот народ. Меѓутоа, во наследничките држави автархијата не беше ништо друго туку изговор кој ги одржува високите структури на позиција, ја зајакнува моќта на секретаријатите на земјоделските пазарни организации и обезбедува незаконско враќање на монополистичката трговија. Отстапувањето од нормалата, ограничувањето само во регионални рамки, кои ги поставуваат постоечките разлики во неприродно високи олеснувања, води кон хаос. Некои од подунавските земји, барајќи излез, се упатија кон воведување на „корпоративна држава", што претставуваше враќање назад кон средновековните гилди, додека другите се вратија во автархија.

Користејќи го овој економски хаос, Германија во 1935 година го започна економскиот пробив во Подунавскиот басен едвај успевајќи да ја сокрие својата цел за вклучување на оваа област во својата одбранбена економија. Очигледниот одговор на заканата на оваа политика, ефикасно вршена од Оската, бил да се комбинира во елиминирање на интер дунавските трговски бариери. Но, секоја таква акција беше заобиколена од сите оние што имаа стекнато интереси во овој свет на даноци и трговски бариери. Политичарите, од кои треба да потече иницијативата, беа на крајот од својата



памет. Тие беа поставени на позиции од кои не можеа да се повлечат и потценувајќи ја долго германската опасност, беа неспособни за заедничка акција против неа. Па оттука, тие избегаа во лесен оптимизам и опстојување и во самоубиствена „автархија". Офанзивната Оска покажа огромен успех и германската позиција стана толку доминантна што се сметаше дека на нејзините економски барања не може да ѝ се спротивстави. Оние што дотогаш тврдоглаво одбиваа да направат било внатрешни било надворешни отстапки, сега мислеа дека е разумно да направат компромис со Хитлер. Не се направи економската соработка меѓу наследничките држави и како последица на тоа, требаше да биде прифатено вклучувањето во германскиот „животен простор".

Најголемиот дел од населението во Подунавјето падна во еднолична економска мизерија и уморни од бескрајните расправи беа совладани од разочарувањата. Националната независност постепено го изгуби својото значење; националниот дух беше парализиран. Старата генерација – дури и во најнеочекуваните места – беше обземена со носталгија за добрите стари денови. Немаше ниту каква било идеја што ќе ги инспирира младите – израснати помалку во демократски дух и толеранција отколку во омраза – за еден претходен режим за кој тие знаеја малку и полни со љубомора кон нивните подунавски соседи. Државата ги негува националните митови, но не може да се повика на нивната лојалност. Отфрлени поради големата поткупливост и не гледајќи изгледи за живот, тие ја обвинуваа државата. Препуштени на судбината, тие беа лесна мета за идеологиите што се увезуваа од исток и запад, идеологии кои во државите на Подунавјето се споија во еден вид национал-болшевизам.

Со оглед на германската агресија, населението во Подунавјето не само што беше поделено – тие повеќе немаа верба во самите себе; им недостасуваше желба да ја одбра-

нат својата независност, тие пасивно го чекаа она што сметаа дека е неизбежна судбина.

Насекаде одделни делови дури и им посакуваа добредојде, што во суштина не беше ништо друго туку потчинување на строгите барања и срамно предавање. Австријци, Чеси, Словаци, Унгарци и Романци – никој не се спротивстави на германската окупација.

Југославија самата се бранеше со оружје. Тоа беше можно бидејќи внатрешните односи зедоа сосема различен правец од оној што беше заземен кај другите подунавски држави. Предупредени од чехословачкото уништување, Србите и Хрватите постигнаа договор на 24 август 1939 година, признавајќи ѝ автономен статус на Хрватска на федерална основа и така на крајот ја решија во принцип пречката која дваесет години беше главниот проблем во државата. Тоа беше одлучувачко политичко преструјување кое ѝ овозможи на Југославија да ги издржи непрекинатите обиди на Германија да ги наруши нејзините односи, како на другите, одвнатре. Старите борбени традиции и љубовта кон слободата, кои сѐуште живеат по српските планини, би можеле повторно да се наметнат. Свесни за големата надмоќ, но охрабрени од грчкиот пример и промената на Русија кон Германија, тие претпочитаа повеќе пораз отколку капитулација. Југославија може да се бори, да се одржи подолго, меѓутоа тоа е невозможно. За разлика од Србија од 1914 година, таа не е само Балкан туку и подунавска земја. Нејзиниот центар на гравитација се свртe кон север, каде што со нејзините отворени граници нејзината стратегиска позиција беше безнадежна. Дури и да имаше заеднички балкански фронт, отпор можеше да се даде единствено на нејзиниот јужен сектор. Славонија и Хрватска на север требаше да се предадат на почетокот, но поради внатрешни причини, тоа природно прашање не се поставуваше. Југославија како целина не можеше да се брани освен на



целиот подунавски фронт. Така падна последната од наследничките држави. Никогаш ниту една идеја, предложена со најдобри намери, не водеше толку, кон лоши резултати, отколку таа за „самоопределување“ на подунавските народи. Следуваше краток период на интоксикација со изолација и автархија, сиромаштија, дезинтеграција и на крајот, потчинување.

## Германската политика кон подунавските земји

Во германскиот монструозен план за светска доминација, Подунавскиот басен е предодреден да игра специјална и првостепено економска улога за снабдување на Рајхот со воени суровини надвор од досегот на блокадите. Унгарија, Југославија и Романија требаше да ги пополнат дупките со обезбедување на житарици, сточна храна и над сѐ сите масти; Чехословачка и Австрија, помалку ранливи на воздушни напади, требаше да бидат нејзин арсенал; романските нафтени извори требаше да го испорачуваат скапоценото гориво чиј недостиг претставуваше најголема загриженост на Германскиот генералштаб. Суровини за производство на замени требаше да се добиваат од подунавските ресурси на дрвена граѓа. Поголемите електрани, преземајќи го местото на оние во Рур, требаше да ја направат возможна миграцијата на исток на германската индустрија. За да ѝ служи на оваа намена, целиот транспортен систем требаше да биде реорганизиран. Затоа, интересот на нацистите војната да биде што подалеку од оваа област, е разбирлива.

Подунавските земји требаше да се освојат една по една од внатре со итрина и заплашување наместо со војна. Бескрвните победи над подунавските земји не се должат на моменталните успеси на Хитлер туку на дезинтеграциските процеси на долгорочната политиката. Со години нацистите со неверојатно и макотрпно лицемерие, припремаа почва и за политичката и за економската сфера. Ништо не беше ос-

тавено на случајност. Нацистичката дрскост организира сили на злото со германска темелност.

Имаше многу слаби точки за напад. Насекаде во Подунавскиот басен нацистите беа помогнати од широко распространетото разочарување кое го следеше подемот на идејата за национална независност. Милиони го обвинуваа решението од 1919 година за мизеријата во која се најдоа. Унгарија го мразеше него поради Тријанон[5], додека Австрија ја потсетуваше на сите ужаси на невработеноста. На Хрватите, Словаците и другите малцинства, тоа им беше кажано со навредливо непочитување. Меѓутоа, нацистите успеаја да ги искористат и оние што имаа корист од договорите, оние што сакаа да го зачуваат статус кво, што им дадоа на Србите и на Романците привилегирана позиција во државата и ги оставија Чесите како единствен народ по течението на Дунав кој сѐуште го уживаше просперитетот. Да се спречи какво било приближување меѓу народите од Подунавскиот басен беше првиот принцип и главен објект на нацистичката политика!

Сѐ беше направено да ги подели нив и да ги постави едни спроти други. Секој мал грст фанатици имаше задни намери коишто тие можеле да ги користат и да ги стават разликите во преден план. Наспроти тоа што можеа да бидат нивни цели, овие групи беа потпомогнати директно или индиректно. Навистина, немаше несогласување кое го избегнуваше нацистичката пропаганда ако само ветуваше успех во предизвикувањето раздор. Сѐ додека австриската влада, на пример, одбиваше да се договори со работниците,

[5] Договорот од Тријанон, потпишан во 1920 година, претставува мировен договор со кој биле уредени односите помеѓу сојузничките сили и Кралството Унгарија по Првата светска војна. Со договорот била уредена независноста на Унгарија и биле утврдени нејзините граници.



беше осудена како „убијци на работничката класа" и кога на крајот презеде чекор за помирување, огорчено биле укорени за вооружување на „црвените орди". Во Југославија, нацистите се обидоа да ги имаат српските централисти додека ги охрабруваа хрватските екстремисти кон сепаратизам. Истакнувајќи дека секоја педа од унгарската земја мора да биде повратена и дека ниту една педа од Романија не треба да се отстапи, *arrow kross*[6] во Унгарија и романската железна гарда, и двете нацистички гранки, ги држи на точка на вриење тензиите меѓу двете земји. Нацистите ги повикуваат само оние инстинкти што се просечни во човековата природа – завист, алчност и омраза – и така ги собираа злобните и незадоволни елементи. Насекаде ќелии и групи се помагаат и се чуваат во резерва за вршење на политички притисок, во случај да не успеат другите средства.

Нацистичката пропаганда примени друг тон кон масите, настојувајќи да се интегрира самата со поддржување на реформи, кои општо беа посакувани и задоцнети. Таа ги поддржуваше барањата толку доследно игнорирани од страна на респективните влади на подунавските држави за локална самоуправа помеѓу судетските Германци, Словаците и Хрватите. Каде и да се појавеше какво било угнетување, нацистите се јавуваа како апостоли на слободата. Нагласувајќи ги успесите на Третиот Рајх, со големиот притисок на трговската вештина беа употребени сите трикови за да се стави нацизмот на пазар. Германија, странска држава, доби досега беспримерна контрола на локалниот печат. Познатите „Културен пакт" и „Новинарски договори" видоа дека мрачната страна на нацизмот не излезе на виделина. Клаузулата: *ништо да не се соопштува за да се дискредитираат*

[6] Партија на вкрстените стрели.

*потпишувачите на договорот,* беше валидна само за послабата страна. Секако, најголем дел од населението, умерените не победија, но дволичната нацистичка политика дури и таму освои нешто – креира голема ментална конфузија.

Карактеристична, исто така, е и нацистичката акција во економските работи. Од воведувањето на обврските за житариците во 1925 година, Германија постојано го условуваше своето земјоделство со автархија и систематски забрануваше внесување на земјоделски производи, вклучувајќи ги и оние од земјите на Подунавјето. До 1934 година, курсот на таквите воени подготовки – бидејќи не беа ништо повеќе – покажа дека Германија не може да се самоподдржува во производство на земјоделски производи. Како последица на тоа, дојде до промена на трговската политика кон земјите од југоисточна Европа. Нацистите, убедени дотогаш дека е неопходно да го инкорпорираат Подунавскиот басен во својата „одбранбена економија", го води овој предмет со најголем цинизам. Предноста на народите на Подунавјето за интензивна трговија со Германија беше величено. Во исто време нацистите тајно ги охрабруваа тенденциите кон автархија во подунавските земји и така настојуваа да се влоши состојбата што е можно повеќе. Тие единствено признаваа, многу добро, дека тоа претставува гротескна економска војна меѓу овие држави, кои, евентуално ќе бидат во нејзини раце.

Враќањето на слободната внатрешна подунавска трговија беше единствениот вистински начин да се ослободи австриската економија од нејзините окови, но јавноста беше вознемирена од оваа одлука, не само од страна на австриските влади, склони кон автархични мерки, задолжени со кре-дити, туку, исто така и од Германците, со нивните небулозни шеми за австро-германски царински унии. Така, тие во Австрија го саботираа слаботo движење за слободна трговија по Дунав, но како и да е, ја изградија својата пропаганда за аншлусот за наводната неспособност на малите држави да продолжат да постојат. Чехословачка, поради земјоделската автархија, дојде до тоа нејзиниот нормален индустриски извоз да пропаѓа* и исто така пропушти да ја зацврсти Малата антанта преку заедничка трговија – така отворајќи пат на „животен простор" кон југоисток. Нацистите свесно ги користеа извозните тешкотии на чешката индустрија, што значеше невработеност за судетските Германци, како поттик на Прага. Едновремено ги одржуваше врските со чешките земјоделски лидери кои се надеваа да ги избегнат неопходните реформи на чешката трговска политика преку здружување со автархична Германија. Меѓу овие земјоделци се најдоа и поддржувачи на новата ориентација кон нацистичка Германија, така што кога дојде големото тешко искушение, дури и единството на Чесите веќе беше разнишано.

Во Унгарија, Југославија и Романија нацистите успеаја да купат земјоделски вишоци многу над светските цени. Разбирливо е дека ова изгледа како привидно спасување од постојаната непријатност предизвикана од тешката продажба на вишоците, но беше толку добредојдена што требаше да биде прифатена. Плаќањата на производителите беа веднаш авансирани од различни национални банки и испла-ќани на нацистите преку генијални клириншки сметки. Како последица, овие држави станаа зависни од германските долгови. Во замена, Германија одбра да им достави покрај „новиот аспирин и застарено оружје", машини и опрема за фабрики за „индустријализација". Тоа беше од неа што веќе постоечката пристрасност кон индустриската автархија во овие земјоделски земји го прими својот вистински поттик; но германската пропаганда истакнуваше дека „индустријализацијата" е пропаст за селаните. Додека со својата политика на купување, Германија ги зголеми цените на земјоделските производи поради што потрошувачите беа незадоволни, германска-

* Процентуалниот удел на унгарската вкупна трговија со Чехословачка падна во увоз од 21,5 во 1929 на 5,5 во 1937 и во извоз од 16,4 на 2,5 респективно. (Економист, 14 мај 1938).

та пропаганда итро ја префрли одговорноста за зголемувањето на цените на живот на локалните картели и монополи.

На овој начин, нацистите свесно потврдија дека подунавските земји заземаат, како во индустриски така и во земјоделски поглед курс кон автархија, што беше фатално и за едните и за другите и на тој начин беше во можност да ги држи подунавските земји слаби и поделени. Меѓутоа, нејзината одговорност за ова остана непозната за масите. Напротив, нацистите дрско се претвораа дека тие сакаат единствено да ја намалат невработеноста на работничката класа и незадоволството меѓу селаните; ветија дека и во Унгарија понатаму ќе се одгледува добиток и производството на млечни производи каде што аграрните реформи биле извршени малку колебливо и дури се претставуваа како замјоделски револуционери. На бизнис светот тие му се претставуваа како добродетели, опремени со грандиозни и очигледно добро обмислени „градежни шеми" – фрлајќи магија сè повеќе и повеќе врз оние што сè уште се колебаа. Илјадници безработни млади луѓе станаа слепи приврзаници преку ветувањето за административни работи дотогаш одржувани од страна на противниците на нацизмот. Преку внатрешна дизентеграција, подунавските земји, поединечно и сите заедно, станаа зрели за распад и во погоден момент тоа беше постигнато со притисок однадвор. Би можело да се помисли дека по заземањето на Австрија и Чехословачка, Германија требало да ја искористи оваа шанса за да им ја покаже на останатите подунавски народи искреноста на своите премногу ефикасни ветувања. Но, секоја политичка слобода беше укината; каде и да се појавеше отпор, неговите потенцијални лидери беа систематски уништувани. И покрај тоа, вистинската природа на нацистите остана непре-познатлива во Подунавјето. Жртвите на нацизмот беа претставени како темна страна на револуцијата, како транзициски симптоми за жалење, како



неизбежна придружба на инаку поволна зделка. Настаните во Виена и Прага беа доволни за да им ги отворат очите на сите и да станат познати на јавноста. Откривањето на вистинската состојба на работите беше попречена од аксиозноста Германија да не биде обвинета. Само така се објаснува тоа што германската политика и пропаганда, глумејќи успех во окупираните региони, можеше да ги спроведува своите понатамошни цели во подунавските земји без пречки, настојувајќи да ги убеди Унгарија, Југославија и Романија доброволно да ги заземат местата што им беа доделени во рамките на германскиот „животен простор". Можностите што произлегуваат од меѓусебното дополнување на индустриски голема Германија и земјоделскиот дел на Подунавскиот басен беа прикажувани во најдобро светло за да се привлечат селаните, формирајќи на тој начин толку голем процент на население во Подунавјето. Не беше погрешно што се укажуваше дека германската доминација ќе биде прифатена. Експлоатирани пред 1914 година од феудализмот и по 1919 година со монополизмот, селаните ништо не добија од постечкиот систем и знаеја дека нивните вишоци имаат големо значење за Германците. Затоа, тие очекуваа да бидат подобро третирани, одтогаш кога нивните вишоци не беа ништо друго туку непријатност. Исто така, тие сè надеваа дека стопирањето на „индустријализацијата" ќе ги спаси од тоа да се претворат во фабрички работници. Германците им ветија дека тие ќе ја исполнат нивната желба: да останат селани!

Повторно контрастот меѓу она што Германците велат дека ќе го направат и она што го прават станува многу брзо очигледен. Никаде во Подунавјето немаше фундаментални промени кон подобро. Тоа навистина беше тешко да се очекува бидејќи единствено што сакаше да обезбеди Германија, со помош на дунавските испораки, беа нејзините вишоци за воени цели. Намерата на нацистите беше да

воспоставаат ефикасна соработка со користењето на сличностите на подунавските економски организации за сопствени цели и сè да биде спремно квислиншката администрација во одреден момент да ги преземе работите во свои раце. Постепено клучните позиции беа пополнувани со оние што сакаа да бидат дел од нацистичките игри. Индустриските картели и задолжителните земјоделски маркетиншки организации во земјоделството, кои беа многу добро вградени во „одбранбената економија“, беа ставени под влијание на комесари и контролори. Бизнисот, далеку од тоа да биде ослободен од своите синџири, и понатаму беше ограничен; селанецот-земјоделец уште еднаш повторно се најде во неповолна состојба против големопоседниците што произведуваа жито,толку општопознато и многу потребно на германската воена машина. Преценетата вредност во размената на рајх-марката, ја направи експлоатацијата многу лесна. Не само вишоците туку и потребите исчезнаа. На крајот голата вистина стана општопозната – Германија ненаситна, ги голтна сите прехранбени производи и производство, но не направи никакви корисни враќања. Обелоденувањето на вистинските слабости на нацистичкиот систем требаше по секоја цена да биде избегнато, имагинарната потреба за припреми против намерните агресивни намери од Запад се нудеа како извинување за не реализирање на ветувањата на тој начин менувајќи ги во овој квартал обвинувањата за продолжување на поплаките. На сметка на „британската економска хегемонија“ беа обвинувањата за ситуацијата настаната со претераниот национализам во наследничките држави, а потоа и германското мешање. Подунавското население беше блиско со идејата дека можат да се надеваат на подобрување само кога ова имагинарно британско влијание ќе се отстрани. Од тој момент, тоа беше само чекор за воена пропаганда, пропаганда која прво требаше да ги задуши надежите дека националната слобода може да се врати преку победа на



Британците. Врз основа на нејзините земни успеси, победите на Германија беа земени здраво за готово и беше изградена легенда за германската непобедливост. Понатаму, беше претставено дека германските победи се во интерес на подунавските народи. Карактеристично, а во согласност со нејзините наводи за британското влијание, нацистичката пропаганда ја промени темата дека Запад го направил решението од 1919 година и потоа ги игнорирал подунавските народи, само за да ги остави на крајот на цедило. Се сугерираше дека Британија може сега да ги истакне своите интереси кон подунавските народи, но тоа ќе биде само привремено; таа ја сака нивната помош во војната, но ако победи само ќе го возобнови статус квото и тогашуште еднаш ќе ги остави на нивната судбина.

На овој начин нацистите се обидоа да создадат трајно незадоволство, поттикнување огорченост во недостиг на навремена британска помош и користејќи го одвратното чувство за какво било враќање на статус кво то. Само британското паѓање, истакнуваа пропагандистите, ќе го прекине недостигот на резерви – што се припишува на британската блокада – и ќе донесе радикални промени во подунавската среќа. Меѓутоа, да се биде на сигурната страна, се тврди, без оглед на условите под кои може да се склучи мир на запад, Германија ќе биде оставена да биде главна во Подунавјето, изјава која е во спротивност со лажливото уверување за победа. Успехот на нацистичката политика е сè повеќе и повеќе неверојатен, бидејќи таа мораше да надмине многу безначајни хендикепи. Длабоко вкоренетата аверзија кон Прусите, треба да биде ставена во заднина и се губат старите сомневања за германската страст за хегемонија. Успешно приспособувајќи се себеси кон состојбата на умот на обичниот човек, нацистите го искористија австриskiот мост меѓу десните и левите, на чешката политика на изолација виз-а-ви другите подунавски земји, на ревизионизмот во Унгарија,

изолација виз-а-ви другите подунавски земји, на ревизионизмот во Унгарија, антиревизионизмот и антиболшевизмот во Романија, и сè додека е можно, на српскиот централизам. Просечниот подунавец сè повеќе и повеќе е незаинтересиран за политика поради што нацистите сметаат дека лесно може да го придобијат нагласувајќи ја користа која економската сигурност во германската „Grossraum-wirtschaft“[7] автоматски ќе им биде дадена. Подунавецот, после сè, виде дека неуспешните големи економски програми на нивните влади завршиле со неуспех. Тој гледаше како еден по ден неговите соседи паѓаат под германскиот притисок. Политичката и економската соработка меѓу подунавските народи – на сите идеи кои треба да бидат најблиску до него – не направи толку многу за да му влезе во главата; на прво место потиснат од неговата влада тој сега беше запечатен од нацистите. Затоа тој не може да го замисли својот опстанок без надворешна помош, бидејќи економскиот спас повремено го гледаше во Британија сега се покажа како недоволен – и во секој случај беше почувствуван како неприроден – тој беше принуден, сакајќи или не, во Германија да го види својот спас.

Нацистите ги базираа своите калкулации на овој ментален склоп, што самото по себе објаснува зошто толку долго не се појави сериозна опозиција на нивната субверзивна пропаганда, инфилтрација, дипломатски интриги, парцијални барања, уцени и воена окупација. Тие се коцкаа со идејата дека инстинктот за самоодржување во моментот на главната опасност требаше да ги наведе Полска и подоцна и Грција да се кренат на оружје, со што подунавските народи би се воздржале од давање отпор. До предавањене би дошло туку кукавичлук, поради тоа што нема цел војната против Германија.

[7] Поголема економичност.



За долго време „сè тргна според планот“, врвот беше достигнат на арбитражата за Трансилванија на 30 август 1940 година.[8] Со една генијалност, речиси ѓаволска, беше повлечена граница која одговара на стратешките потреби на Германија. Ги остави и двете, и Унгарија и Романија незадоволни, го зголеми расколот меѓу нив, ги лиши од нивната последна трага на неутралност и ги принуди и понатаму по патот на срамот. Потоа, дојде повлекувањето. По склучувањето на Српско-хрватскиот договор, Германците можеа да работат во Југославија само преку неколку српски квислинзи и хрватски сепаратисти. Нивниот главен пропаганден слоган, повикот на пауперизација, беше залудно потрошен на простиот српски селанец, за кој, бидејќи тие не биле никогаш подобри, економскиот пад беше тешко уочлив. Со воениот удар против регентите[9] се покажа дека победата над Југославија нема да биде бескрвна. Но како и да е, нацистите потоа ја ставија под свое Романија,[10] која веќе ги напушти поранешните сојузници, и Унгарија која ѝ удри нож на Србија во грб, во извршувањето на агресија против Русија. Во својата алчност за територии, корумпираните политичари играа игра еден против друг. Оние од Романија беа убедени со ветувањето за враќање на Буковина и Бесарабија – веројатно и со отстапениот дел на,

[8] Во Виена Германија и Италија им излегоа во пресрет на барањата на Унгарија за ревидирање на Тријанонскиот договор од 1920 година со кој Трансилванија и Банат се обединија со Романија..

[9] По атенатот на Александар Караѓорѓевиќ во 1934 година во Марсеј, поради тоа што наследникот Петар II Караѓорѓевиќ беше малолетен со Кралството раководеше регентство на чело со принцот Павле Караѓорѓевиќ.

[10] Романија се приклучи кон Тројниот пакт на 3 март 1941 година.

Трансилванија – додека оние од Унгарија беа третирани како изгубени територии што тие ги добиле како подарок.

Со својата политика „еден по еден“, Германците станаа неспорни господари на Подунавјето. Но, нивниот успех не беше она што го очекуваа. Тие, без сомневање, се изгубија кога нивниот грабеж на крајот стана очигледен за подунавските народи и се соочија со можностите за војна наместо ветуваниот нов ред. Скршени од постојани политички пресврти, поделби, отстапување на територии, делумна и целосна мобилизација и на крајот војна, Србија, Хрватска, Унгарија, Романија и Словачка станаа неспокојни и неор-ганизирани. Овие тешки притисоци мора за некое време да ја намалија продуктивноста на сите југоисточни народи. Германските планови за култивирање мора да претрпеа уназадување – за да го направат ова минливо нацистите ќе направат сè што можат за да го скршат духот на подунавските народи, за толку долго за колку што Германија успеа да го скрши нивниот морал, само толку долго тие ќе работат напорно за неа.

Курсот на непријателства остави исклучително значење на Подунавскиот басен. Стана сосема јасно дека ова мора да биде војна на исцрпување, германската победа во најголем дел зависеше од економската искористеност на овој регион. Иако тоа е повеќе од она што подунавските земји можеа да го направат за да ги заменат храната и суровините кој континентот порано ги увезуваше од странство, требаше да се потпрат на подунавското земјоделство, минералните резерви и работната сила за да се ослободи принципот на самоодржливост во военото производство. Стратегиски, Дунавската долина е отскочна штица од која Германија ги предизвикува Средниот Исток и Русија.



## Велика Британија и Подунавјето

### а) 1919 – 1939

Не наидувајќи на каков било отпор од кого било, Германците беа во можност да ја спроведуваат својата политика „подели и владеј“ во Подунавскиот басен. Неговите народи не беа во позиција да организираат заеднички отпор против заедничкиот непријател. Франција и Италија беа заинтересирани единствено со своите соодветни штитеници (и на крајот дури ниту со нив) додека руската политика, поминувајќи низ неколку фази, се искристализира во зачувување на својот мир. А Британија?

За време на Првата светска војна, сојузниците го усвоија принципот за самоопределување на подунавските народи. Дали тоа значеше расна или територијална единица, остана некако необјаснето. Но, како еден анти хабсбурговски слоган, „самоопределувањето“ влијаеше како динамит на веќе од војната уморена монархија, чиј колапс убедливо ја ослабна Германија и на крајот ја доведе на колена. Така, војната заврши, но толку нагло што германскиот милитаризам, во никој случај не беше уништен и му беше дозволено да се сокрие. Рајхот на кајзерот исчезна, но работата на Бизмарк преживеа – обединување на германските племиња спроведена преку неговата политика на „крв и железо“.[11] На Германија ѝ беше дозволено да остане обединета под националистите, милитантна и, централистичка Прусија; прусијанизмот комплетно ја

[11] Ото фон Бизмарк Едуард Лёополд (1 април 1815 – 30 јули 1898. Еден од најважните политичари на Германија. Премиер на Кралството Прусија (1862 – 1890) и првиот канцелар на германскиот Рајх. Неговиот бескомпромисен пристап и авторитативно однесување му го донеле прекарот железниот канцелар.

изгуби поранешната географска конотација и се прошири со уште поголема брзина. Меѓутоа, во Хабсбуршката Империја на центрифугалните сили им беше дозволена слободна игра во таква мерка што ги надмина кај сите најсмелите соништа на ултранационалистите. Се сметаше дека се потребни сеопфатни реформи за да се поправат очигледните дефекти на дуалистичката монархија, распаѓањето не требаше да се дозволи. На еден или на друг начин, супранационалното единство на Подунавскиот басен – што еволуираше во текот на вековите – требаше да биде сочувано. За време на мировните преговори, веќе е сосема очигледно дека демаркациските граници помеѓу наследничките држави кои тогаш се формираа, не требашеда бидат само етнографски, пред сè поради замрсеноста на националностите во Подунавјето. Подобро информираните беа свесни дека најважното за историско политичко-економската единица на Хабсбуршката Монархија мора да биде следено со голема опасност, но обврските со кои влегоа и кои, фактички, се веќе постигнати, се чини исклучија какво било друго решение. Последиците од подунавските мировни договори беа несогледливи, победниците не се согласуваа и оние од англиското говорно подрачје започнаа да се повлекуваат од континенталните работи. Моментот кога се донесоа принципите на „самоопределување“ предизвика незадоволство. Само Чесите, Србите и Романците беа задоволни со нивниот нов статус. Унгарците беа незадоволни поради неспорните грешки кои произлегоа како резултат на новите граници,како и Австријците. Исто така, незадоволни беа национал-ните малцинства во сложените држави Чехословачка, Југославија и Романија.Тоа не беше долго пред Словачка и Хрватска да се најдат себеси без автономија, за која, десетте точки на претседателот Вилсон („на народите на Австро-Унгарија да им биде дадена најголема слобода за автономен развиток“) ги охрабруваа да размислуваат за неакако нивен



долг. Дури и најочигледните гранични неправди не беа коригирани ниту пак беа елеминирани внатрешните несогласувања во Чехословачка и Романија; во Југославија договорот меѓу Хрватска и Србија беше постигнат до август 1939 година. Ниту еден непристрасен преговарач не беше поставен на која било положба. Британија, единствената незаинтересирана европска голема сила, стоеше настрана. Многу посериозен, дури повеќе од политичка грешка, беше ефектот предизвикан од целосното непочитување на економските фактори на кои требаше да се смета пред да бидат формирани новите држави. Подоцна, премиерот Рејнод (Reynaud) го дефинира ова во „Програмата за мир“*:

„Таа стана банална изрека особено во Соединетите Американски Држави дека Версајскиот договор е одговорен за несреќите на Европа по војната...“. „Грешката на версајските политичари беше во тоа што направија царинските граници да коинцидираат со политичките граници и во давањето на државите наследнички на Австро-Унгарија и на Русија целосна сувереност во работите како економија, кога тоа би било можно да се наметне врз нив, барем во рамките на одредени граници царинска унија“.

Во Англија, економијата, за разлика од политичките импликации од мировните договори во Сент Жермен[33] и се истакнуваше дека Австриската Империја е „идеална економска единица“ и познато е дека имаше големи искушенија за селаните од плодните рамници и не помалку и од редот на работниците во некои од големите индустриски центри во Подунавјето. Меѓутоа, се сфати дека причините за економското паѓање беа меѓусебно зависни или дека неможноста е

---

* Atlantic Monthly, USA, April 1940.

[33] Потпишан на 10 септември во 1919 година, во палатата Сен-Жермен-ен-Лаје во Париз меѓу силите на Антантата и Австрија.

главно резултат на различните политики систематски водени во новите земи. Поради овие причини, заемите на Лигата наменети за намалување на болката, можеле да се употребат за стимулирање на себичните економски програми, а потоа да формираат база за здрава реконструкција. Флагрантното* непочитување на третата точка на Вилсон („отстранување што е можно побрзо на сите економски бариери"), „аграризација" на индустриските држави и „индустријализација" на аграрните држави, продолжи без привлекување внимание од Запад. (Економскиот национализам со сите негови последици сѐуште е туѓ за Англија, која не го усвои многу умерениот закон за увозни давачки сѐ до февруари 1932 година, седум година откако Централна Европа ја отфрли слободната трговија).

Дебаклот на австриската банка Кредит-Ансталт во 1931 година беше само предвесник за колапсот на подунавскиот економски текстил. Сепак, и покрај огромната сензација и штета од последиците предизвикани насекаде во Европа од банкротирањето на Кредит-Ансталт, не се признаваше дека тоа е резултат од политиката на автархија на подунавските земји. Во реалноста, малку претставници од националната економија на апсолутистичките држави останаа под контрола. Сакајќи да го спречат земјоделскиот увоз во Австрија и Чехословачка и покажувајќи нетрпеливост во Унгарија, Југославија и Романија да добијат слободна размена за купување индустриски суровински материјали од странство, сите тие постигнаа целосна согласност во нивната желба да ги префрлат подунавските земјоделски вишоци во Западна Европа. Од овие групи пристигна непрекинат прилив на извештаи дека Австрија и

* Atlantic Monthly, USA, April 1940.



Чехословачка не се во можност да го апсорбираат земјоделскиот увоз. Ова, заедно со прекумерно оптимистичките официјални извештаи и владините предлози (кои под влијание на економската соработка чија цел е сосема спротивна, имено самостојни), опасно ги доведе во заблуда Британија и Франција во сегашната економска состојба и особено до потеклото на „вишоците". На тој начин „подунавските планови", еден по еден пропаѓаа и требаше да пропаднат. Дури и кога на крајот автархичните држави создадоа личности,главните на старите национални лидери земаа сѐ повеќе и повеќе политичка сила што не беше уочено од Запад.

Основните причини за немирите во Подунавјето, политички и економски, така останаа делумно неотстранети и делумно непризнати. Едно особено далекувидно, но изолирано предупредување од страна на сер Фредерик Леит Рос* не беше прифатено. За Британија, Подунавскиот басен беше едноставно толку многу „буре барут", особено подложен да се запали од искра однадвор. За тоа време, Германија се претвори во предатор чиишто очи беа насочени кон подунавските земји.Нацистите успеаја да го убедат германскиот народ дека војнички тие останале неосвоени, дека всушност ја добиле војната, но поради „ударот од грб на фронтот" — изгубиле. Денес, фантастичниот обем на Хитлеровата амбиција е очигледен, но во тоа време, се веруваше дека тој не бара ништо повеќе освен обесштетување за „неправдите од Версај". Општо земено, и британската десница и британската левица манифестираа сентиментален поглед во однос на германските работи.

Нацистите бараа на населението што зборува германски во Подунавскиот басен да му се дозволи „самоопределување" бидејќи дотогаш било спречено. Со груби фалсификувања на историјата, нивната пропаганда,

* Societe des Nations, Geneve, 1935, „Protectionisme Agricole",AnnexeI, pp. 36/37.

тврдеше дека Австрија му припаѓа на германскиот Рајх. Со сознанието за овие барања, многу од Британците се надеваа дека ќе се отстрани една од најголемите германски неправди. Хитлеровото коцкање со англискиот дух за фер плеј, неговиот апел до англиската совест, се покажаа како добра калкулација. Малку се знаеше за антагонизмот помеѓу Австрија и Прусија кој се засили повторно и повторно во текот на два века. На Хитлер не се гледаше како на ренегат кој ја ангажира пруската моќ за да ја освои родната земја која ја мразеше, како и Прусите по избор за кои Геринг истакнал (1934 година во обраќањето на Прускиот државен совет): „Јас не познавам повистински Прусин од Фирерот", но повеќе како комична фигура, како „австриски молер" или „австриски каплар" (иако тој никогаш не служел во австриската војска). Многу малку можеа да веруваат во чудниот менталитет на сегашна Германија, на нејзината покорност и потчинетост, на нејзиниот вроден милитаризам и морбидниот вкус на војната, желбата за осветa и светска доминација. Немаше разбирање дека токму овие извонредни карактеристики го обележаа постојаниот конфликт на традицијата и духот меѓу Берлин и Виена.

Исто така, од корист на нацистите беше и фактот дека ветото од Хаг против планот за австро-германската царинска унија од 1931 година беше критикуван во Англија како грешка, погрешните мислења преовладуваа дека економскиот аншлус би бил предност за Австрија. Според тоа, аншлусот беше пречекан како нешто природно и корисно – недоразбирање кое имаше сериозни последици. Аншлусот не можеше да ги реши повоените проблеми на Австрија*.

* Според „Австрискиот Институт за бизнис концепт" од 36 држави кои доставиле извештаи до Друштвото на народите, Австрија во јануари 1937 година имала највисок индекс на големопродажни цени (1929-100). Во исто време стапката на раѓање во Австрија беше најмала во светот.



Камен на сопнување беше огромната сиромаштија – гладот и ништо друго. Интервенцијата против нејзината катастрофална автархија можеше ефикасно да ѝ помогне. Доколку австрискиот народ ги уживаше сите привилегии на евтина храна и евтини суровини, од чиј увоз и преработки тие беа многу зависни, беше можно да им се обезбеди скромен просперитет. Австриското национално движење, родено како резултат на отфрлањето на нацизмот, тогаш би било во можност успешно да се спротивстави на нацистичката опасност и да му зададе удар на угледот на Хитлер низ континентот. Ограничени на мала пангерманска фракција, неговата пропагандна кампања против Австрија би изгубила многу од силината. Тој не беше во можност да ги привлече австриските млади со ветувања за работа или девојчињата со можности за брак, ниту успеа да го убеди германскиот народ – и Британците – дека Австрија сака „да се врати на Рајхот". Подготвеноста на Австријците да се борат ако Германците ја нападнат нивната територија, би го одвратила Хитлер од инвазија; настаните во Централна Европа можеа да земат сосема различен курс.

Пацификацијата, која Британците се надеваа дека ќе резултира со аншлусот на Австрија, не се случи и Хитлер веднаш го сврте вниманието на следната цел, Чехословачка. Бохемија беше опкружена со германската армија стационирана во Австрија. Со непредвидливите последици, кои не му беа јасно ставени на знаење на чешкиот народ во минатите дваесет години, судбината на нивната земја беше запечатена. Структурата на државата беше веќе поткопана од страна на непријателската нацистичка пропаганда инсинуирајќи дека падот на судетската индустрија е намерна повреда на Судетските Германци од Чесите. Кога комисијата на Рунциман пристигна за да ги регистрира фак-

тите, нацистичката агитација толку ја беше затрула атмосферата што лорд Рунциман лесно можеше да заклучи дека јазот меѓу Чесите и судетските Германци е непремостлив. Иако, колебливо, се веруваше дека уште еднаш Хитлер може да се пацифизира со исполнување на неговото „последно територијално барање". Иако се чувствуваше жалење за аншлусот, како немилосрден метод спроведен од нацистите, се чинеше дека тоа е вистинската работа што можеше да се направи. Не е сосема необјасниво што народот во Британија беше вовлечен во емоционални фрази на пангерманската нацистичка пропаганда и падна во трагични грешки гледајќи во заземањето на Австрија и Судетската област чекори кон мирот. Свесни за минатите грешки, а исто и за психолошките штети, австриската и чешката влада не успеаја да ги потенцираат своите законски можности против Хитлер. Тој, од друга страна, доследен на принципите на „Мајн камф", не се срамеше од најдрските интерпретации и со тие средства успеа неговите нелегитимни барања да направи да изгледаат оправдани. Најголемото мнозинство во Британија, оддалечено од централноевропските тензии, веруваше дека аншлусот и Минхенскиот договор претставуваат напредок од настаните од 1919 година; дека принципот на „самоопределување" на крајот беше спроведен во Подунавскиот басен. На Хитлеровите барања не се гледаше од стратешки и економски агол,инаку, никој не би можел да не забележи што сер Остин Чемберлен потенцираше веќе на 1 април 1936 година во Долниот дом:

„Независноста на Австрија е клучна. Ако Австрија исчезне Чехословачка станува неодбранлива. Тогаш целиот Балкан ќе биде потчинет на огромното ново влијание. Тогаш стариот германски сон Централна Европа да биде управувана од и потчинета на Берлин ќе стане реалност од Балтикот до Средоземното и Црното Море со ѓалосни последици не само за нашата земја, но за нашата цела империја".



Окупацијата на Австрија иницираше страшен редослед на настаните во Централна и Источна Европа. Чешката дефанзивна бариера во Судетските Планини беше заобиколена, а истото се случи и со Мажино линијата. Австрија формира мост кон Словачка-Полска на север, Унгарија на југ беше фатена во клешти. Стратегиски, Југославија директно и Романија индиректно, беа загрозени; Унгарија беше направена беспомошна со германската окупација на Австрија. Едновремено, Германците добија директни контакти со Италија преку преминот Бренер. Важноста на ова беше да се стави јасно на знаење дека Хитлер ќе ја држи Италија под своја контрола, испрати свои поздрави до Либија и принуди целиот превоз до британската армија на средниот исток да кружи 12.000 милји околу Саре. Економски, австриската и судетската индустрија, додадена на германското веќе прекумерно индустриско производство, претставуваше тешка одговорност за неа. Ако тие воопшто би можеле да се користат тоа би било само со приспособување на военото производство. Секако, ако тоа беше наменето за да се врзат пред сè земјоделските земји на Подунавјето дури многу поблизу до Германија, австриските и судетските акции на трговијата во Подунавјето, сепак смалени, се сметаат за предност. Преку автоматското преземање на австриските и судетските економии, германската трговија во Југоисточна Европа ќе стане водечка и навистина неранлива.

Ако неколку во Британија признаеја дека овие чекори претставуваат стратегиска и политичка опасност, неколкумина сѐуште сметаа дека тоа би можело да се спречи со вонредни мерки. Иако премногу доцна да се формира економска контратежа, во некои кругови ова сепак се веруваше дека е сѐуште можно. Се негуваше илузија дека независноста на подунавските држави би можела да се поттикне

со предлози против Германците за подунавските извозни вишоци. Во Лондон ова беше претставено како лек за Унгарија, Југославија и Романија, но нејзиното реализирање наскоро се покажа дека тоа во никој случај не е толку едноставно како што се веруваше. Еден таков вештачки план не можеше друго освен да не успее поради колебањето на Британците да потрошат пари во мирно време на скапи, и за неа непотребни подунавски производи, својствена слабост на нејзината сопствена трговска позиција во Басенот, и германскиот контрапритисок. На секој знак на британска „интервенција", Германците беа погодени со вистински гнев, додека Британија, во понатамошниот обид да ги смири, се покажа спремна да го признае целиот Подунавски басен за германско економско влијание.

Веќе во март 1938 година, Черчил, во неговиот незаборавен говор, притисна за одлучна политичка акција за обединување на подунавските и балканските држави „од кои сите имаа силни армии, кои вкупно изнесуваа 75.000.000 луѓе, кои имаа неколку милиони обучени борци, кои имаа големи ресурси, и сите сакаат да живеат во мир во рамките на нивните држави, кои индивидуално можеби се скршени од поразот и ограбени, но обединети, претставуваат голема сила на отпорот" (24 март 1938). Дали овие држави сфатија дека само единството може да ги заштити? Дали ако соработката меѓу Британија и Франција против агресијата беше договорена порано отколку што беше, судбината можеби можеше да биде спречена? Но само кога една година подоцна германските трупи влегоа во небранетата Прага, конечно беше сфатено дека: „обединувањето на сите Германци", и комерцијалната надмоќност во југо-источна Европа не беше нивната цел. "Потчинувањето и искористувањето на народите на Подунавјето беше оценето како чекор кон европска хегемонија.

Во очајнички обид да го сопре агресорот, Британија за прв пат презеде иницијатива давајќи ѝ гаранции на Романија. Меѓутоа, во тоа време, германската ерупција не може-



ше повеќе да се задржи.

## б) Во време на војна

Британија ја спречи првичната цел на нацистите да воспостават господство во подунавските земји и потоа го искористи ова за непречен развој на нивната воена економија, сѐ додека не се создадоа услови да се сврти кон Запад. Германија не очекуваше дека „дегенерирана" Британија ќе се придружи кон гаранциите дадени на Полска. Втората светска војна почна предвреме, исто така и за Германија. Дали беше можно да се спречи во организирањето на Подунавјето како база за снабдување во воено време и да се спречи да ја искористи стратегиската предност што таа веќе ја имаше таму? Задачата беше голема бидејќи британската воена акција беше едвај изводлива во регион толку недостапен, додека економскиот контраудар како право на предност нудеше сѐ помалку и помалку шанси за успехво однос на германската супериорна позиција.

Ако која било акција можеше да влијае врз развојот на настаните во подунавските земји, тоа беше политичката, и политичката војна требаше да биде цел. Беше од голема важност да се крене духот на отпор во Подунавјето и исто така, што е можно побрзо во оние области веќе окупирани, односно да се постави заеднички фронт помеѓу Унгарија, Југославија и Романија од другите загрозени балкански држави. Иако Германија можеше да зборува за неа, симпатиите на народите на Подунавјето беа со Британија. Целиот Подунавски басен – Австријците, Чехословаците, Југословените, Унгарците и Романците – задржаа сентиментална приврзаност кон Британија за време на повоените години, како „победници" и „поразени". Некои се однесуваа со разочарување кон она што беше колеблива британска надворешна политика и 20 до 30% од населението

британска надворешна политика и 20 до 30% од населението на Подунавјето, поголемиот дел млади, можеа да станат нацисти или комунисти, но немаше промена во ставот на мнозинството. Британците ја базираа својата политика на тие симпатии.

Од 1938 година Винстон Черчил постојано повторуваше дека само заеднички фронт ќе ги спаси народите на Подунавјето и Балканот. Меѓутоа, оваа концепција изгуби многу од својата прецизност да се освои Југоисточна Европа, и вестите од други извори, како британскиот печат, билтените на Би-би-си и разговорите, некои британски административни мерки и дури од деталите од британската надворешна политика (сите изобличени од народниот јазик или печатот на Оската) се чини не се согласуваа со Черчил. Во такви услови просечниот подунавец не можеше да добие впечаток дека Велика Британија го употребува своето влијание да ги помири народите на Подунавјето и да го зголеми чувството на солидарност меѓу нив.

Од аспект на Централноевропејците, позицијата на Австрија во лицето на нацистичката агресија е слична на онаа со Чехословачка; и двете ги претрпеа истите мизерии и уништувања на националната култура, „контрола" во нивната администрација и во нивната економија и политички живот. Тие гледаа дека и покрај тоа што им е даден кредит на Чесите за *минхенската жртва*, што ѝ даде скапоцено време на Британија, очигледно се заборави дека од 1933 до 1938 година, Австрија не можеше да биде потчинета од нацистичкиот тероризам; таа требаше да биде нападната од Вермахтот. Природно, ако се признава дека политиката на помирување доживеа неуспех во случајот со Чесите, тој се прашувазошто го нема истиот став за Австријците? Ако гаранции за иднината им се дадени на Чесите, дали австриското прашање остана отворено? Тој можеби го слушнал



постојното повторување на Черчил за Австрија како прва нацистичка жртва, но мора да се има предвид дека тоа е чисто индивидуално, бидејќи британското признавање на принудениот аншлус не беше укинато.

Австрискиот случај заслужуваше помош, а нејзините поплаки, за разлика од оние на Германија, беа вистински. Без сомневање дека Австријците ќе ги истераат Германците по војната. Иако тамошното нацистичко малцинство брзо ги обнови своите чувства со влегувањето на Хитлер во 1938 година, Австрија сега врие од немири и антигермански чувства. Австрија беше земјата во која пангерманизмот беше нападнат. Фактот дека таа припаѓа на Подунавјето, уште повеќе го определува повоеното уредување. Чехословачкиот и австрискиот народ мораше да бидат обединети поради нивната заедничка судбина, но приближувањето беше одложено поради британската акција со етикетирањето на Австријците како непријатели, додека потполно застанаа зад Чесите.

Исто така, дискриминација се покажа и во однос на прашањето за Трансилванија, еден од најкомплицираните проблеми на Централна Европа. Мора да се признае дека Унгарија претрпе некои неправди во 1919 година, кога романската влада го заседе она што го сакаше. Кога Романија во летото 1940 година беше присилена да ја отстапи Бесарабија и Буковина на Русија и јужна Добруџа на Бугарија, проблемот на Трансилванија исто така стана акутен. Изјаснувањето за нивната кавга тогаш беше против вистинските интереси и на Унгарија и на Романија.Тоа требаше да се остави за по војната, бидејќи сега имаше итна потреба да се биде обединет против нацистичката опасност. Британија изгледаше дека е на страната на Романија. Сепак оваа земја, квислинзирана и економски навлезена, не само што се покори на германскиот „економски ултиматум" од

март 1939 година, но исто така ја подреди нејзината надворешна политика на нацистите, отфрлајќи ги на 1 јули 1940 година британските гаранции; страдајќи од морално распаѓање по претходното отстапување. Таа не можеше повеќе да се спротивстави на поделбата на Трансилванија. Во Унгарија, од друга страна, ситуацијата беше парадоксална – додека прифаќајќи ја оскината помош во нејзината ревизионистичка амбиција таа продолжи да се бори против нацистите во внатрешната политика. Британско-то поддржување на Романија ги увери Унгарците дека нивните национални интереси единствено би можеле да бидат реализирани, ако воопшто може, со помош на Оската. Британија ѝ кажа отворено на Унгарија за последиците што мора да произлезат од партнерството со германскиот империјализам. Ослободена од нејзините обврски кон Романија, таа треба да истакне дека за да го прифати делот од Трансилванија како подарок од Оската, не треба да сноси долг на благодарност. Кога ќе дојде време за реконструкција на Централна Европа, Британија ќе го употреби своето влијание за да види дека ќе им се излезе во пресрет на унгарските неправди.

За да се избегнат грешките направени во последната војна од хипотекарен мир со разни ветувања, британската политика овојпат сака да се воздржи од правење обврски за време на војната. Меѓутоа, кога владите на Полска и Чехословачка во егзил ги истакнаа на 11 ноември 1940 годинанивните заеднички мировни цели, Британците ги одобрија. Сигурно е пожелно да ги помири овие словенски народи и да ги елиминира нивните долгогодишни разлики. Колку навистина ова ќе биде ефектуирано, останува да се види.

Декларацијата со која двете влади се решени да влезат во поблиско политичко и економско здружување, што би било основа за ново уредување во Централна Европа, беше сосема друга работа, и обврзани да се види каква ќе биде ре-



акцијата. Самата појава на идејата за полско-чешко здружување, веќе предизвикало меѓу народите на Подунавјето сомневање дека зад тоа лежи формирање на „западнословенска држава“ – едновремено, германската употреба на договорот во настојување да ги придобие нив како активни партнери. Тоа може да биде повеќе од коинциденција што Германија го одбра овој момент да ги убедува Унгарија, Романија и словачките марионетски влади да го стават нивниот потпис на Тројниот пакт на 22, 23 и 24 ноември. Тие потписи беа изнудени поради плашењето со „Голема Полска“ која нацистите, исто така, ја употребуваа за да ги збунат Чесите во Протекторатот. Изгледа веројатно дека по нејзиното трагично искуство со нејзините западни и источни соседи, Полска во иднина ќе бара поблиска политичка соработка на југ. Но чешките лидери, неуспевајќи да најдат прибежиште во изолација, мора да сфатиле дека, заедно со Полска, никогаш не ги ослободило од одговорноста што неодминливо се наметнува за географската позиција што нивните земји ги заземаат во Подунавјето. Полско-чехословачката конфедерација, дали значеше алтернатива на отфрлениот изолационизам или како средство да добијат со Полска поддршка за доминантна позиција во Централна Европа, е помалку важно за потребите на ситуацијата, како што тие се претставуваат себеси. Ова е момент од витално значење, кога битката за Британија заврши со пораз на Луфтвафе, кога Грците се кренаа на оружје и војната влезе во својата нова фаза во Југоисточна Европа – треба да се направи обид да се спречат народите од Подунавјето да соработуваат со Германците. Од чешката влада, единствениот претставник во егзил во Британија, треба да дојде обединувачки повик на нациите од Подунавскиот басен да го прекинат нивното деструктивно неединство. Нивната идна федерација треба да биде истакната, но наместо ова, нивната чувствителност беше навредена со Полско-чешкиот договор.

Кога на 25 март 1941 година југословенската влада, исто така, го потпиша Тројниот пакт, скоро сите во Британија ги обвинуваа Хрватите. Но Хрватите не можеа многу да направат во тие услови бидејќи и покрај цензурата; важните српски весници и телеграфот беа под нацистички притисок. Немаше Хрват меѓу водечките поддржувачи со прогер-манска ориентација. Навистина, со надворешната политика на регентството тие тешко можеа да интервенираат. Нив ги немаше ниту меѓу оние што правеа опструкции на Балканскиот пакт ниту беа забележителни за време на потпишувањето на Тројниот пакт.

За хрватското население и за неговите селански лидери основното прашање беше прво да се добие автономија и по 26 август 1939 година да се реализира Српско-хрватскиот договор. Од населението, само незначително малцинство беше прогерманско, исто како и меѓу Србите. Но, бидејќи по долгата борби за автономија раните останаа, едвај имаше време да се излекуваат и бидејќи беа болно свесни дека нивната земја е невозможно да се брани, тие требаше да се третираат со внимание што би ги спречило нив да бидат изиграни од измамата на Хитлер со една 'Независна Хрватска'.

Британската тенденција да прават разлика меѓу подунавските народи и одобрувањето на Полско-чешкиот договор, беше напуштање на основната стратегија јасно поставена од Черчил. Во Подунавјето се чувствуваше, правилно или погрешно, дека оние нации што биле наградени што се бореле на британска страна во 1919 година се сметаа за 100% пробританци, а за другите се претпоставува дека ништо не може да ги спречи нив да бидат прогерманци. Влијателните чешки, романски и српски кругови, кои веруваа во соработката со Германците, се чини дека беа игнорирани и многу често се заборава дека пронацистите меѓу Австријците, Унгарците и Хрватите, беа пред сè, само



малцинствата. Во такви услови атмосферата во Подунавјето во никој случај не беше во корист на развој на духот на отпор против нацистите. Верувајќи дека нивната склоност да бидат настроени пробритански не предизвикало воодушевување во Британија, голем дел од нив заклучиле дека мора да бидат во добри односи со Германија. И оние што беа фаворизирани од Британија, засега беа во искушение да влезат во договори со Хитлер за да преживеат, додека чекајќи евентуално спасување преку британската слобода.

Меѓутоа, на подунавскиот проблем не може да се гледа како на чисто политички; економијата е испреплетена со неа во најтесна смисла. Навистина, тие би можеле да се опишат како одлучувачки фактори. Хитлеровиот адут лежи во неговото признавање дека „земјоделското Подунавје" при-родно е надополнето од „индустрискиот голем германски Рајх". Сè додека народите на Подунавјето не сметаа на ова, нивните симпатии значат малку, па дури и зголемениот гнев против Германците не можеше да води кон заеднички отпор.

Народите на Подунавјето веруваа дека, било за добро било за зло, немаат кому да му се обратат освен на Германија — верувањешто беше единствено засилено со „економско задоволување" во корист на Германија и кое нема да се промени кога Британија, непосредно по почетокот на војната, организира да ги купува подунавските вишоци.* Меѓутоа, овој чекор е оправдан во воено време, неговото продолжување подоцна, повеќе или помалку, нема теорија. Британската обврска кон сопственото земјоделство кон она

---

* Економска корпорација на Обединетото Кралство формирано во април 1940 година со цел превентивно купување, кое беше спречено во Подунавјето со постојано стегање на германската прегратка и таму дојде до забрзан крај со влегувањето на Италија во војна.

на Доминионите, на САД и на Јужна Америка, го исклучува ова како постојано решение.

Народите на Подунавјето знаат добро дека нивните економски болести се многубројни и длабоко вкоренети за да бидат отстранети со лесни средства со купување на „випоци". Но, економската заднина на настаните беше едвај позната во Британија и појасен увид не беше уочен сè додека Австрија и Чехословачка не беа окупирани и само Унгарија, Југославија и Романија од подунавските држави беа сèуште отворени за истражување. Во еден одличен и објективен преглед „Југоисточна Европа" (второ издание) издадено во јуни 1939 година од страна на Кралскиот институт на меѓународни работи, овој регион се истакнува дека бил главно земјоделски, сиромашен и пренаселен; методите за обработка биле заостанати и „индустријата вработувала само мал дел од вкупната популација". Заклучокот е дека „сите овие држави промовираа индустријализација но може да се сомнева дали ова навистина е лек" – „многу поопсежно решение...би било многу поинтензивно земјоделство". На тој начин, вистинската насока беше наведена за унгарската, југославенската и романската економија. Следејќи го тоа и развојот на шемата за сите подунавски земји, германската програма за Југоисточна Европа беше спротивна.

Во декември 1940 година се појави друг преглед под истиот наслов „Југоисточна Европа", издаден исто така од Кралскиот институт за меѓународни работи. Тој, базиран на слични фактички работи, малку го менува заклучокот во првиот преглед, истакнувајќи дека „на прв поглед има случај против зголемувањето на земјоделското производство...како правно средство". Како доказ за ова, беше направен осврт на „малата променливост на побарувачката на земјоделските производи", која дискутабилна самата по себе како генерализација, е потполно некоректна посебно за Подунавјето, каде што неисхранетоста е неверојатно раширена и е можно огромно проширување на потрошувачката. Во зборовите: „индустријализацијата...се чини нуди главна надеж за подобрување" и „дава неколку декади повеќе на сличен или забрзан развојпри што државите од Југоисточна Европа може да развијат пobалансирна економија". Вториот преглед препорачува дека овој вид индустријализација (индустриска заштита) ќе продолжи ако претходните две декади веќе не направиле да се покаже дека курсот, кој подготви терен за Хитлер, повторно е осуден на пропаст во иднина.

Брилјантните есеи постојано ја прикажуваат нацистичката експлоатација на Југоисточна Европа, и сепак, не укажуваа дека има друг излез освен „индустријализацијата". Други посочија дека да се биде поврзан со мирната Германија не значи дека на подолг рок ќе резултира со експлоатација. Од таквата дискусија земјоделското Подунавје може да заклучи дека Британија дури сега гледа дека нема друга можност туку бескорисно настојување за индустриска самостојност или економско здружување со Германија. Беше и е грешка да се смета земјоделското Подунавје издвоено од другите. За да се отстранат недоразбирањата кои сèуште преовладуваат, треба да се има предвид целото Подунавје. Од тој аспект, се поставува прашањето: колку гледишта во иднина ќе се претстават?

Сè до сега Британија не понуди никаква прифатлива алтернатива на нацистичките економски планови и политички изгледаше како да не сака да направи разлика меѓу пријателите и непријателите и меѓу подунавските народи како нации. Кога нацистите, со цел дезинтеграција, беа брзи за да се искористи секоја можност за да предизвика раздор и недоверба кон Британија, Британија требаше да работи за реинтеграција, покажувајќи им на народите на Подунавјето

дека нејзина цел е да ги обедини нив. Треба да се сфати дека поразот на Хитлер не би можел да ги задоволи како воена цел. Хитлер немаше ништо да им понуди на Британците, Норвежаните, Холанѓаните и на Белгијците, кои погледнато назад со децении, ако не и векови, живееја независен богат живот. Тие немаа потреба да им биде кажано за што се борат, ниту имаа потреба Полјаците, Грците и Србите, чиј патриотизам се шири во сите делови на населението. Мора да се запомни дека народите на Подунавјето добија национална независност само за да ја изгубат по дваесет години; уште повеќе за време на овој период, огромни области беа намалени до бедна сиромаштија. Тие не можеа да видат сѐ во светлината на меѓувоеното разочарување; патриотизмот не може да цвета кога тие знаат дека ниту една од нив не може да опстои во изолација. Хитлер понуди безбедност ако еден пороби друг и апелот од ова беше опасно потценет во Британија. Ако подунавските народи решат да се борат против Германија,ним мора да им се даде надеж дека по победата на Британија тие, исто така, би биле способни да го живеат пристојно својот национален живот.

Што направи Британија за да обезбеди, преку дипломатски канали, заеднички подунавски фронт, нема да биде познато до подоцна. Она што е сигурно денес е дека поради недостиг на единство, надежта за заедничка акција на народите на Подунавјето не може да се материјализира. Во ова тешко разочарување некој може да отиде толку далеку што може да мисли многу работи – дека подинамична британска политика, барем по Минхен, би ја довело Романија во ситуација да истапи против германските барања; дека унгарското пријателство со Англија сепак би било во можност да ја одврати да ја отфрли нејзината фикс идеја да ја возобнови Унгарија од 1914 година; дека Југославија,ако се ослободеше од своите квислинзи порано, ќе имаше повеќе време за мобилизација и да ги координира одбранбените планови со



Грција; дека тогаш помошта со која Британија се обврза со ветување и чест да ја снабди Грција, можеби би била успешна и воената ситуација во пролетта 1941 година можеби ќе беше убедливо подобра. Но, да се замисли сето ова не подразбира само да се потцени итрината и ефикасноста на непријателот, туку да се признае неуспехот дека од силувањето на Австрија па натаму дури и правилната британска политика за Подунавјето можеше да постигне малку. Веќе во тоа време сите одлучувачки фактори беа против Британија.

Стратешки, Подунавскиот басен беше изгубен со нацистичкото господство на Виена, а не како што многу веруваа, со окупацијата на Чехословачка. Ова второ нацистичко освојување само стави крај на сонот за помирување во западна Европа. Според зборовите на претседателот Рузвелт (27 мај 1941): „нападот на Чехословачка започна со освојувањето на Австрија“. Со оваа инвазија Хитлер доби отскочна штица кон север, исток и југ; ниту еден кој го разбира ова не можеше да верува дека подунавските и балканските држави можеа сѐуште да бидат заштитени од најголемата светска, најмоќна армија и најсилната авијација. Во недостиг од ефективна воена поддршка, акцијата на дипломатскиот фронт во Подунавјето, каде што целата градба од 1919 година се сруши, исто така беше лимитирана. Помошта од овие потенцијални пријатели можеше да се осигура само со коренита нова политика. Ова значеше дека Британија ја презема врз себе обврската за идното водство таму. Поаѓајќи од традицијата да се справува со сите тие држави одделно, таа требаше да го одвои принципот на нивната сувереност кој таа самата го имаше признаено. Исто така беше многу неверојатно дека таква согласност би била дадена од бугарската, југословенската и романската влада. До последниот момент тие се држеле за своите илузии за неутралност, да уживаат во имунитетот кој беше нивна декларирана политика на почетокот на војната и .британска-

та политика беше оставена на колебањето да се оди над решенијата на овие влади.

Конечно, имаше пречка бидејќи Германија доби голема економска предност. Не само што таа ја доби трката за вишоците,туку преку нејзиното детално познавање на локалните услови и можности таа веќе ги фати овие држави во својата економска мрежа. Од друга страна Британија пропушти да спонзорира, уште додека беше изводливо, економска програма која ќе биде дизајнирана во корист на подунавските народи. Кога веќе беа окупирани Австрија и Чехословачка, ништо повеќе не можеше да се проба освен да се испита позицијата, да се постават принципите на британскиот контраплан, содржина која можеше да се реализира во некоја соодветна фаза од војната.

Тоа се условите кои од 1939 до 1941 година ја попречија британската политика за Подунавјето. За време на периодот „лажна војна", кога нашироко се дискутираше за војна или мир и по нападот на Норвешка и паѓањето на Франција, кога беше преокупирана со многу поважни проблеми, британската јавност целосно ги изгуби од вид работите од Подунавјето и концентрираните напори на агентите на Хитлер не беа спречени со каква било позитивна британска политика.

Имаше солидни воени успеси: РАФ[13] триумфираше во битката за Британија, грчкиот отпор донесе изненадувачки успех, Југославија покажа дух. Меѓутоа, тоа не можеше да се експлоатира. Британија можеше единствено да реагира на ситуацијата создадена од Германија; пливајќи од итност до итност, нејзината политика се ограничи на импровизација, и тоа сепак мајсторски, не можеше да го спречи потчинувањето на Југоисточна Европа.

На 24 март 1938 година Черчил ќе истакне:

„Нацификацијата на целиот Подунавски басен е опас-

[13] Royal Air Force (Кралски воздушни сили).



ност од првостепена магнитуда за Британската Империја...Пред две години беше сигурно, пред три години беше лесно и пред четири години само телеграма можеше да ја коригира позицијата".

Сигурно во воено време беше тешко да се демонтираат грешките на политиката на „чекај и гледај" која се водеше дваесет години. Тоа на крајот ја спречи Велика Британија да постигне дипломатска победа со обединувањето на југоисточните европски народи и што можеше да има единствено контрабаланс, голем расчекор во областа. И покрај тоа што југословенското востание и сојузничкиот отпор во Грција и Крит му украдоа на Хитлер некои скапоцени денови и најверојатно ја задржа германската кампања против Русија, битката за Балканот беше изгубена.

...

Не беше одлучувачки фактор ниту недостигот од британската политика кон Подинавјето во воено време, ниту британската многу осудувана политика на помирување од 1937/38 година, дури ниту нејзината претходна и долгогодишна изолираност кон Подунавјето, туку начинот на кој „самоопределувањето" беше имплементирано во мировни-те договори беше самото по себе погрешно. Основната грешка што се дозволи овој принцип да биде злоупотребен и давањето безрезервна независност на националните држави по распаѓањето на некогашната Хабсбуршка Монархија резултираше со цела низа грешки, секоја влечејќи ја следната зад неа. До 1938 година овој систем не успеа да обезбеди модус вивенди. Сега, по долго време мора да се соочиме со фактот дека договорите направени за Подунавјето во 1919 година целосно се погрешни.

## Факти со кои мора да се соочиме

### Политика

Подунавскиот басен е заедница јасно разграничена на запад, север и исток. Меѓутоа, внатрешно оваа комплексност не може да се подели со граници кои, исто така, се стратегиски небранливи. Само природните поделби, предложени од поголемите водотеци, не може да служат како политички граници, за региони кои ги ограничуваат не претставуваат главно решение за различните народи. Овие повеќе се наоѓаат преку реките, така што природните бариери во рамките на Подунавскиот басен никогаш не се поклопуваат со државните граници.

Од друга страна, расните или лингвистичките граници, бидејќи сепреклопуваат, не може да се фиксираат. За разлика од регионите што се населени со компактни етнички групи има неколку поголеми и безброј помали лингвистички џебови и острови, расфрлени по целиот басен. Во најголем дел ова е директна или индиректна последица на отоманската инвазија. Исто така, со векови старата заедничка администрација, служењето војска во рамките на Хабсбуршката Империја и слободата да се заработи за живот онаму каде што може да се најде, водеше кон постојана размена на населението и преку мешани бракови, на општо мешање, илустрирани со дивергенцијатачесто забележлива меѓу националноста и потеклото на името. Преку широки зони и во многу градови различни националности се нераскинливо заплеткани. Фактички, населението е билингвално.Во овие услови, каков било попис на националноста ќе може лесно да се разбере како неверодостоен, дури и ако се спроведе под гаранции на целосна слобода.

Денес, трансферот на население често се истакнува како целисходен за да се постигне хомогеност, инаку тоа целосно недостасува тука, што е основно за расните и линг-



вистичките единици. Соочени со оваа сегашна конфузна состојба на работите во подунавските земји, (каде што населението беше истребено од нацистите ќе треба во секој случај повторно да се населува) таа идеја треба да биде привлечна. За да се отстранат сомневањата за нејзината изводливост, нејзините поддржувачи обично укажуваат на трансферот извршен од страна на Грците и Турците. Затоа неопходно е да се спомене, само како план, на непремостливите пречки за сличните подунавски миграции.* Да се направат повеќето држави „похомогени" би значело превртнички масовни движења, уште повеќе што за стратешки, историски или географски причини областите населени со друга националност ќе треба да се распределат на еден или друг начин од различните баратели. Сѐуште е можно да се разликуваат националностите меѓу селаните, но во другите класи ова е често скоро невозможно. Карактеристиките се толку помешани што националноста објективно е недефинирана и е прашање на индивидуален избор, според условите,на авторитетот што ќе одлучи кој може да остане и кој мора да замине. И во секој случај, кои се карактеристиките според кои може да се утврди националноста? Уште повеќе, кога германско-говорните групи се во прашање, движењето на населението ќе биде едносочно. Емиграцијата на германското малцинство од Чехословачка, Југославија, Унгарија и Романија не може да се балансира со повратно движење од Германија, бидејќи ниту една од овие држави нема националности на располагање за размена од таму.

Тешкотии се појавуваа дури и таму каде што трансферот со истовремени отстапувања на територии беше остварлив – како на пример меѓу Унгарија и Романија кога

---

* Види исто: „Назад кон малцинските проблеми" од Давид Томпсон, „Сведок", 19 септември 1941; „Размена на населението" од сер Џон Хоуп Симпсон, „Сведок", 5 декември 1941.

ќе дојде во прашање размената на романскиот селанец од полињата со унгарското граѓанство и горјаните (шеклерите - Szekler). Сите заинтересирани ќе бидат преселени во непознати услови. Многу често градските жители и соседното рурално население во Подунавјето припаѓаат на различни националности. Трансферот на една категорија без можност од соодветна замена ќе ги уништи економските врски, лишувајќи ги сличните продуктивни области од пазари и извори за снабдување. Фактички, сегрегацијата на подунавските нации е полна со сите видови тешкотии и е тешко изводлива. Пред сè нема гаранции дека дури и кога постојат комплетни можности дека тоа ќе води кон помирување. Елементот на принуда неизбежна во трансферот сигурно дека ќе резултира во несовладливи раздори меѓу соседните држави. Доброволната емиграција на индивидуи е можна, но не може да има голем трансфер: има мирис на хитлеризам во однос на иселување на цели народи што доведува до огромна беда. Друго решение мора и може да се најде.

...

Идејата за создавање на „еднонационални" држави од мозаикот на дунавските националности, мора да се одбие целосно. Географијата и етнографијата одредува дека народите на Подунавјето мора на еден или на друг начин да продолжат да живеат заедно – имајќи го предвид фактот што тие живееле така со илјадници години. Во нивната долга заедничка историја нивните односи биле добри и лоши. Имаше на моменти жолчни политички расправи, но рамо до рамо, овие народи го бранеа Басенот од надворешните напади. Немаше наследени непријателства меѓу нив и не постои фундаментален судир на интереси како што постојат меѓу Германија и Франција или Германците и Полјаците. Како тогаш ние да го објасниме дезинтеграрењето од 1918 година? Што е причината за судирот кој продолжува од тогаш?



Внатрешните несогласувања, и со тоа спротивставувањето за унификација под династијата на Хабсбурговците, станаа акутни кога во текот на деветнаесеттиот век, националната идеја, во модерна смисла, се рашири помеѓу народите на Подунавјето. Востанието на Кошут во Унгарија во 1848/49 година[14] беше задушено, но по поразот од Садова во Пруско-австриската војна од 1866 година,[15] Франц Јосиф[16] мислеше дека треба да се засили против Прусија. Во 1867 година политиката на унификација, на крајот беше отфрлена и се случи австро-унгарскиот компромис со кој Австриската Империја и Унгарското Царство станаа, секоја во своите историски граници, две одделни тела. Врските меѓу нив сега се главно лични преку императорот – кралот, кои се поврзаа со најјаките национални елементи: во „Австрија" со населението кое зборува германски и со Полјаците (на кои им беше даден голем степен на самоуправа во Галиција), и во Унгарија со Унгарците и Хрватите, чија автономија и историски права беа признаени.

---

[14] Лајош Кошут (19 септември 1802 – 20 март 1894), истакнат унгарски правник, политичар и вршител на должноста претседател на Кралството Унгарија во 1894 година. Бил еден од најистакнатите водачи на унгарската револуција во 1848 година.

[15] На 3 јули 1866 година, во областа околу Садова се одигрува одлучувачката битка во Австро-пруската војна.

[16] Франц Јосиф (18 август 1830 – 21 ноември 1916) – владетел од хабзбуршката династија. Австриски цар и крал на Бохемија од 1848 до 1916 и апостолски крал на Унгарија од 1867 до 1916.

Но подоцна, кога рамнотежата почна да се префрла на штета на нејзините две главни кориснички, опозицијата - предводена од Чесите – стануваше сè појака на таканаречените неисториски националности против дуалистичкиот систем. Во долготрајната расправија германските Австријци ја изгубија својата доминација, меѓутоа, без да ги напуштат своите барања за тоа, сè додека дел од нив, импресионирани од пруското издигнување над старите германски држави по нејзините австриски и француски победи, се свртe против Хабсбурговците и против Австријците; заборавајќи за што се застапуваа, станаа пангерманци и арогантни во однесувањето. Нема достигнат правичен договор меѓу нив и Чесите. Од друга страна, Унгарците се обидоа да го сопрат менувањето на рамнотежата со присилна унгаризација. Без разлика на расното или социјалното потекло секој поединец сѐуште можел да добие место во црквата и исто така и во империјалната армија и граѓанската служба под услов дека во „Австрија“ е лојален на династијата и во Унгарија дозволил да биде асимилиран во унгарска националност. Секој може да ги извршува своите работи без пречки. Како и да е, политичката и социјалната дискриминација која продолжува во „Австрија“ помеѓу разните националности го зголеми недоразбирањето и раздорот; во Унгарија мацарски-от шовинизам и тврдоглавото одбивање да го прекине дуалистичкиот систем ја погоди растечката национална свест на неунгарците. Нејзината слабост беше тоа што монархијата не најде лек за дуалистичкиот систем со времени реформи, што не обезбеди целосна еднаквост на сите свои народи. Тешко дека ќе беше можно подоцна да се направи приспособување; јазот кој стануваше сѐ поголем се отвори помеѓу националностите, бидејќи во нивните напади на дуалистичкиот систем ставовите на разните националисти се закоравија. Некои народи, од кои поголемиот дел формираат национални држави надвор од Австро-Унгарија, почнаа да гледаат преку границата, процес



што го направија Италијаните, Србите и Романците. Уште повеќе, империјалистичка Русија ја ширеше доктрината за панславизам. Против ова, монархијата била водена во зголемена покорност кон Германскиот Рајх, чија политика, со цел да ја реализира својата замисла за формирање на „средноевропско царство“, намерно го предизвика европскиот конфликт. Четиригодишната војна природно ги исфрли на површина општите поделби до врв. Тогаш, овабеа причините за дезинтеграцијата во 1918 година. Новиот поредок од 1919 година се обиде да го реши националниот проблем со „самоопределување“. Она што се донесе беше само предизвикување на промени: Чесите, Србите и Романците, од своја страна, сега беа на врвот и се јавуваат како освојувачи на другите подунавски народи. Нова Австрија (одговорна за гревовите, реални и замислени, на режимот на Хабсбурговците) и нова Унгарија не беа де јуре и де факто на иста основа со другите земји наследнички и беа присилени да ги преземат законските обврски на целата Хабсбуршка Империја заедно со големи финансиски оптоварувања. Во сложените држави, како Чехословачка, Југославија и Романија, според законот, секоја национална група и расно малцинство треба да има исти политички права, но само во Чехословачка ова може да се ужива до одреден степен. Фактички, бидејќи национализмот стана многу едностран по карактер, секој поединец што не припаѓа на доминантниот национален дел сфаќа дека влезот во државна служба практично е тежок, ако не и потполно невозможен. Уште повеќе, таков еден поединец е ставен во непријатна ситуација дури и заработувајќи за егзистенција под контрола на државата која, се меша во секојдневниот живот на сите, може економски да фаворизира еден дел и да одбива работа од другите. Многу слабости што биле осуде-ни во време на Двојната Монархија сега се, во Подунавјето по војната, поочливи од кога и дабило. Оваа нееднаквост повторно доведе до раздор и исцрпеност, повторно предизвикувајќи надворешно влијание и предизвикувајќи

катастрофа.

Уште од 1867 година беше тешко да се поврзат политиките на подунавските земји со еволутивниот развој на народите, отсуствуваа основните услови за хармонично коегзистирање. Разликата помеѓу нациите и националните делови во Подунавскиот басен беше и е кардинална грешка која мора да биде коригирана еднаш и засекогаш. Никогаш повторно да не дојде до уште еден пресврт во однос на расниот статус. Повеќе не може национализмот на еден подунавски народ да има за своја цел постигнување на супериорност над другите и намалување – или дури и потиснување – на нивните права. Никогаш повторно нема да мора да има услови каде што менталитетот „најголем авторитет" и „помал авторитет" може одеднаш да се појави. Мора да се создаде комплетно нова атмосфера; мора да се гарантира целосна слобода и еднаквост на сите подунавски народи како: Чесите, Словаците, Србите, Словенците, Австријците, Унгарците, Романците и на сите други. Поимот „малцинство" треба да падне целосно во заборав. Правотона еднаквост мора да биде основата на новата подунавска политика. Ќе бидат неопходниосновни промени. На граничните прашања не треба да им се дозволи да ја играат улогата што претходно ја имаа. Идната организација на Подунавјето на поширока основа, треба да биде прифатена од сите држави поради нивните специфични услови, барање федерација во која било форма, што е единствениот начин за просперитетно меѓусебно живеење за различните нации. Идејата таму не е нова – таа беше предлагана повторно и повторно и, иако потисната, никогаш не беше заборавена. Би било прерано да се поставаат детали за идниот устав или политичката машинерија, иако принципите на самата федерална политика може да се дефинираат сега.

Федерацијата мора да биде дизајнирана така за да биде компатибилна со цврстата независност на многуте народи кои ќе учествуваат и исто така со нивните заеднички интереси. Внатрешната администрација на подунавските држави мора да биде децентрализирана што е можно повеќе преку локална или регионална самоуправа. Секој народ, секој дел, мора да биде обезбеден со комплетна слобода и автономија во лингвистички, културни, образовни и во печатени работи. Давајќи им такви услови, тие работи како најскапоцени и со постојана вредност за секоја етничка група – нивната индивидуалност и нивната традиција – треба да бидат зачувани. Совесниот обид да се применува принципот на самоопределување не треба да значи дека го исклучува значењето за тоа колку е силен национализмот во овој дел на Европа; само вештачки негуваниот ултранационализам ќе згасне и ќе биде заменет со здрав патриотизам. Ова последното има за цел да го зајакне моралот на нивниот народ и со реформирање на образованието да се продолжи здравата и поширока перспектива на нивната младина. Покрај овие промени ќе се развие меѓусебно почитување за одредени основни принципи и толеранција за другите ставови без кои здружувањето на подунавските народи е незамисливо.

Со овие децентрализирани реформи проблемот на самоопределување ќе биде решен со внатрешната политика. Но надворешната и одбранбената политика на подунавските народи, прашања што ги надминуваат сите локални партиски и класни лојалности, мора да се третираат различно. Ова мора да биде централизирано така што тие никогаш повторно нема да бидат различни. Тоа би значело чудно, погрешно читање на историјата, сегашноста и минатото, ако националните држави повторно имаат сопствени армии, свои министерства за надворешни работи. Бидејќи овие држави, кога се изолирани, се многу слаби за да се спротивставаат на влијанието на големите континентални сили, нивниот заеднички интерес во зачувувањето на слободата и независноста против опасноста мора да најде израз во заедничката надворешна и одбранбена политика.

Дејствувајќи во единство кон надворешниот свет, овие народи ќе бидат во состојба да спречат Подунавјето повторно да биде воено поле на странски борби. Преку нивната заедничка сила, тие ќе бидат во можност погласно да бидат слушнати во Европа и на тоа да му дадат нова и поприродна рамнотежа.

Сѐ до 1914 година, секој огранок на подунавската економија, без разлика дали од индустријата или земјоделството, се разви таму каде што природните услови беа најповолни. Бидејќи економската политика беше заедничка, транспортната политика координирана и целиот систем поставен на соодветна законска регулатива и надлежност, резултираше со релативно богатство. Односно, земјите од Двојната Монархија заостануваа во споредба со западните економски стандарди,последиците од турската инвазија сѐуште се уочливи и економските и социјалните интереси трпеа од борбата меѓу националностите. Но, стандардот беше многу повисок од оној на Балканот, на Полска под руска управа и Италија. Кога единството беше изгубено, и просперитетот отиде со него. Меѓувоениот период покажа дека не можат да егзистираат независни економски единици во Дунавската долина. Повеќе од што било друго, обидите на секоја наследничка држава, да изгради свој сопствен развој и подоцна да се заштити против падот на сметка на другите, доведе до општо опаѓање. Денес најмалку едно нешто е сигурно – не може да има враќање на австриската, чехословачката, југословенската, унгарската и романската автархија.

...

Економската независност на секоја од подунавските држави е при крај, сепак, не е таква нацистичката теорија за „голем простор за економија" која ја замени неа со таков зачудувачки ефект. Според оваа теорија, Југоисточна Европа е „земјоделска сфера во потрага по индустриски производи" и Германија „индустриска сфера во потрага по земјоделски производи".



Се гледа дека германската експанзија во Дунавската долина е природен феномен и сегашната експлоатација на подунавските држави е неопходност за време на војна и затоа е само привремено. Мошне е раширена претпоставката во Велика Британија дека по поразот на нацистите економскиот поредок ѝ дозволи на Германија да игра предоминантна улога во Подунавјето – или дури да влезе во економски сојуз со неа – што би било предност за двете страни. Површно гледано, тоа се појавува како атрактивно решение за да се претпостави дека можниот земјоделски Подунавски басен и „врвно индустриска" Германија меѓусебно ќе се надополнуваат една со друга. Меѓутоа, по внимателното разгледување, оваа шема мора да биде осудена како погрешно упростување.

Таквата унија како што е набележана погоре, го изложува на опасност идниот економски развој на Дунавската долина. Пред сѐ, овие мали народи, целосно ќе бидат зависни од еден купувач. Уште полошо, интензивирањето на примарното производство, што е во интерес на Германија, е правец кој апсолутно не одговара на подунавскиот земјоделски селанец. Примарното производство, ако е во предност, значи дека подунавскиот селанец останува земјоделски во заостанатата состојба, бидејќи примарното производство не вработува голем број, проблемот на големите вишоци на селската популација мора да остане, како и претходно, ургентно. Очигледно е дека Унгарија, Југославија и Романија мора да се откажат од своите нови индустрии, бидејќи нивното земјоделство, дури и во мирновремански услови, нема да може да се движи под нивото на егзистенција – со цела веројатност тоа ќе остане повеќе во рамките на експлоатација.

Толку за подунавскиот селанец. Но, исто така, има и еден индустриски дел, кој се состои од Австрија и Бохемија, чие постоење од оваа точка на гледање, секогаш било игнорирано. Сепак, индустриите лоцирани во овие области некогаш биле толку важни што тие самите по себе биле во

можност да ги покријат главните барања во индустриското производство за целиот Подунавски басен. И навистина, поради овие причини, тие дојдоа во преден план. Тие не се комплементарни туку конкурентни со германската индустрија и вклучени во Германија ќе бидат уништени еднаш и засекогаш. Економската унија, сосема независно од политичките влијанија во кои мора постојано да вложува, не може да биде од каква било предност за подунавските народи.

А сега, да ја разгледаме ситуацијата од германска страна. Во однос на тоа, Германија тврдеше дека во Југоисточна Европа може да најде и суровини и пазари на својата произведена стока. Неопходноста на подунавските резерви за германската воена економија стана многу јасна, сега, за жал предоцна, но значењето на непосредната врска со Подунавјето за некоја идна германска мировна економија останува да биде истражена. Мирновременското побарување на суровини на Германија во Југоисточна Европа не можеше да биде задоволено. Подунавскиот басен, природно, воопшто не обезбедува тропски производи, само незначителни количини природни текстилни влакна и маслодајни растенија. Со исклучок на боксит и магнезит (и двете важни за воената индустрија) нивните руди може да обезбедат само многу мал дел од германските потреби. Југоисточно европскиот извоз на жито, месо, масти и нафтени производи (но повторно во ограничени количини и на сметка на домашната побарувачка) можат да се купат од странство во неограничени количини со подобар квалитет и со пониски цени. Германската индустрија во една економска унија со Југоисточна Европа би била хендикепирана со високи цени за суровини и според тоа со висока цена на производство. Понатаму ќе се оптовари со австриските и чешките индустрии, кои таа нема да знае како да ги искористи. Како тогаш може германската домашна потрошувачка да се прошири кога ќе биде попречена со такви рестриктивни фактори? Подунавјето, исто така, не може да понуди адекватен извозен пазар; нема да биде во можност да ја апсорбира, дури и приближно, количината на готови производи, која германската мирновременска индустрија, за да се одржи себеси, мора да ја ослободи. На крајот, германската економија ќе се најде во позиција да биде повторно принудена да се сврти кон светските пазари – со постојано зголемување на цените, дампингот и вообичаените поплаки повторно ќе се свртат кон озлогласените трикови на ерата на подземјето. Германскиот индустриски проблем ќе продолжи со целата своја жестокост. Не може да се пренебрегне фактот дека со нејзината мирновременска индустрија го ослабнува неизбежното влијание на економијата и политиката на германската тешка индустрија.

Од друга страна, се превидува дека, исто така постои високо развиено германско земјоделство, кое во сегашната состојба на опсада задоволува околу 80% од најпотребните барања на германското население. Но, во мирновременска Германија, нема да има повеќе економија што предизвикува немаштија. Германската аграрна политика, исто така, мора да се откаже од автархија. Тоа значи дека германското земјоделство не може да биде подредено на економските и политичките интереси на пруските јункери*.

---

* Овие големи земјопоседници произведувајќи жито на сиромашна земја беа помагани сè до 1879 година со заштита воведена од страна на Бизмарк. По Версај, на Германија ѝ беше забрането да формира царини пет години. Но, само што ја поврати својата слобода на движење во тој поглед, тогаш Рајстагот ги помина таксите за жито со помош на социјалистите и демократите; тоа беше во 1925 година, најславните денови на Вејмарската Република. Но сепак, во надворешниот свет, каде што одекнаа поплаките во однос на плаќањето во врска со планот на Јанг, со скандалозни димензии, субвенциите во корист на јункерите поминаа незабележливо. економија, беше безнадежно неефективна.

За да се оствари успешно мирновременско производство, треба да се оди преку секундарните производи, развој кој мирољубивите држави како Холандија и Данска го презедоа пред некое време. Таквата политика ќе му дозволи на германскиот селанец што се занимава со земјоделство да го одржи своето против големите земјопоседници.

Зголемувањето на жива стока и млечните фарми, за што земјата е погодна, ќе побара поевтини фуражни култури и големи количини на маслени семиња. Ова не може да се најде во Подунавскиот басен туку во странство. Фактички, новата ориентација на германското земјоделство е зависна од контактот со светските пазари.

Пред сегашната војна, кога автархијата стана опсесија за нив, Германците признаа дека тие биле лишени од добивање суровини од негерманските територии и наводната потреба за блиска врска со Дунавската долина како алтернативен извор. Тие знаеја дека недостигот на примарни производи беше една од основните причини за нивниот пораз во 1918 година. Па оттука и скапата аграрна заштита од 1925 година, на огромни напори и жртви направени за „сурогат" индустриските суровини и здруженијата наметнати на Југоисточна Европа. Сето ова направи германската економија да навлезе во самосоздадени тешкотии, бидејќи Германците не можеа да ги имаат и двата начина. Невозможно е да станат независни од светскиот увоз ако сакаат да се вооружаат за војна и едновремно да продаваат на светскиот пазар. Но, сосема вистинито, тие имаат една алтернатива: оружје или путер.

---

Заштитата на житото беше основен фактор во повторното вооружување, кое веќе беше започнато. Тоа е причината зошто борбата што се постави – на пример од страна на Франкфуртер Цајтунг – против големата штета направена на германската кономија, беше безнадежно неефективна.



Во каузата за мир, мора да се направи невозможно германската економија повторно да се стави во услуга на „политиката на моќ". Затоа е многу важно да се уништат по копно и со тарифни реформи и други средства упориштата на *East Elbian Junkers* и тешките индустрии на Рур, затоа што нивното земјоделство, нивната индустрија е правена за војна во Империјата на кајзерот, и тоа беа тие кои, откако повторно се врати на власт, му отворија врата на Хитлер. Па поради тоа Дунавската долина никогаш повторно не би требало да биде опкружена со Германија како нејзина економска сфера, за да не направи обид да ја концентрира својата индустриска моќ во Централна Европа и да направи толку силна позиција за да биде погодена од надворешно мешање. Само кога нејзината економија ќе биде поврзана со понудата и маркетингот со целиот свет, дали ќе биде можно да се разоружа и контролира Германија, така што таа нема да може да се врати на воинствените цели. Во долината на реката Дунав постојат најмногу далекусежни можности на комплементарно производство во речиси секоја гранка на земјоделството и индустријата. Овие економски потенцијали мора да бидат експлоатирани во својот целосен обем. Првиот чекор во елиминирање на невработеноста и селанската катастрофа мора да биде во правец на потикнување на природниот економски развој. Ниту „земјоделскиот протекционизам" со социјална помош, ниту военото вооружување, а особено задолжителната работа по нацистичката шема, не нудат значително решенија на дваесетгодишниот проблем на невработеност во Австрија и Чехословачка. Достојно вработување за австриската и чешката работна сила може да се обезбеди со мирновременска индустриска активност. Во индустријата, за прв пат во историјата на Подунавјето ќе треба да се водивистинска селанска политика, но не со вештачки раст на унгарските, југословенските и романските секундарни индустрии, а уште помалку со фаворизирање на големите имоти, туку со промовирање на интензивирано мешовито фармерство.

Затоа, за идниот развој на Подунавјето главното тежиште треба да се стави на индустријата во Австрија и Чехословачка и на земјоделството во Унгарија, Југославија и Романија. Обновувањето ќе биде тешка и напорна задача. Како и секаде, ќе треба да има промени; сегашното производство за воени потреби ќе треба да се префрли на мирновременско. Меѓутоа, додека економските проблеми на запад би биле главно за дистрибуција, во Подунавјето, исто така, би требало да има дислокација на индустријата која се однесува на пресвртот на автархијата – повторно приспособување на природните услови што ќе ги елиминираат претходните погрешни распределби. За да се постигне ова, мора да бидат спречениобновените национални ривалитети во економската сфера. Повеќе не треба да има сепарирани економии како оние што по 1919 година беа засновани на националните држави како единици. Подунавскиот басен по природа е единствен економски систем и мора повторно да се формира. Ова единствено може да биде постигнато во царинска унија.

Во предоминантно индустриските делови, Австрија и Чехословачка, и покрај тешката индустрија и рударството, разновидното индустриско мирновременско производство, изработувајќи ги суровините во готови производи, треба да биде охрабрено поради тоа што беше занемарено во периодот помеѓу двете светски војни и беше главна причина за катастрофалната невработеност. Индустриското производство ќе мора да го следи принципот на обезбедување на максимален проток на стоки за широка потрошувачка по најниски можни цени. Во подунавската царинска унија,австриската и чешката секундарна индустрија повеќе нема да бидат зависни на ограничените внатрешни пазари и на тој начин принудени, во очај, да прибегнат кон намалување на конкуренцијата на запад. Дунавската долина ќе биде



осигурана за нив како основа за нивната егзистенција. Слободниот увоз во Унгарија, Југославија и Романија ќе отвори голем пазар за нивните производи; освен тоа, секој способен, би имал неограничено експанзија со порастот на животниот стандард. Тогаш тие ќе дојдат на светскиот пазар само со своите специјализирани производи.

Резултат од отворањето на пазарите за извоз на индустриски производи од Австрија и Чехословачка, ќе биде слободата да се увезат земјоделски производи од Подунавјето. Во секој случај, таквиот развој не оди во прилог на земјоделството на Австрија и Чехословачка, ќе има многу шанси за мешовито земјоделство. Во двете земји обработливото земјиште не го поседуваат големопоседниците туку селани со мали поседи или средни по големина. Овој вид земјоделство е приспособлив за широк спектар на производство. Навистина, приспособувањето и обновувањето насекаде ќе биде потребно ако секоја нормална држава дозволува слободно движење на житото од земјоделските делови во индустриските области во рамките на проектираната царинска унија. Тешкотиите на ова приспособување не треба да се прецени, ниту неговите поволни резултати да се потценат.

Промената ќе се состои во намалување на преголемото производство на пченица по високи цени, за кои политичките мотиви повеќе не ќе можат да понудат никакво извинување и нивна замена со развој на сточарството и млечната индустрија. Последните дури и до сега беа 'рбетот на сточарството и главен извор на земјоделски приход, иако јавноста може да се доведе во ситуација да мисли за земјоделското производство во смисла на пченица. Евтината житна и сточна храна,кои се суровини на сточарството, ќе ги намали трошоците на исхраната, а со тоа ќе добијат подобрување на профитот. Побарувачката за овој вид земјоделски производи е зависна од нивната цена и од живот-

ниот стандард. Ако народот може да добие евтино брашно и леб, би можел да апсорбира многу повеќе месо, живина и храна со висока хранлива вредност како млеко, путер, сирење, јајца, зеленчук и овошје. Според тоа, промената на аграрната политика во полза на производство на висококвалитетни прехранбени производи, ќе биде во согласност со барањата на модерната исхрана и со тоа руралното население ќе ужива зголемен просперитет, ќе се здобијат со куповна моќ за индустриски стоки поголема од когабило. Така, австриското и чехословачкото земјоделство, насочено во вистински правец, не треба да стравува од каква било штета ако преработувачката индустрија го заседе водечкото место во националната економија; нема да има конфликт на интереси помеѓу индустријата и земјоделството затоа што она што е од корист за индустријата, значи напредок во земјоделството.

Во предоминантно земјоделските делови на Подунавскиот басен, 51% од унгарското население, 71% од југословенското и 78% од романското се занимаваа со земјоделство, и како по правило, супериорно селско земјоделство. Економската политика мора цврсто да биде заснована на овој факт и мора да се земе предвид селската привrзаност кон сопствената земја. Концентрирано на одгледување житни растенија, селското земјоделство, сè до сега, бешезаостанато и малку повеќе од самостојно, а сточарството и млечното производство беа запоставени.

Најбрзото средство што може да се искористи, ќе биде да се постигне подобра рамнотежа помеѓу одгледувањето на житни култури и производството на добиток. Оваа промена значи дека помалку земја ќе биде достапна за пченица, просечниот принос мора да биде зголемен со воведување на повеќе механизирани методи. Мора да се развива поразновидно и добро исплатливо мешовито земјоделство. Сточарството, каде што на вработените надзори им се дава големо значење и изборот на нови филијали бара повеќе работна сила, ќе отвори побрзи можности за вработување во земјоделството.

Но, ако производството на овие земјоделски производи расте, нема, исто така, да го акумулираат „вишокот“ кој, како што се вели, може да најде пазар само на Запад, а не во Централна Европа. Во никој случај! Подунавскиот извоз на земјоделските главни производи претставува само многу мал процент од тоталното производство и фактички не е вистински вишок на сите, но навистина „гладен извоз“, присилна, потрошувачка. Недостигот од храна дома ќе беше неизбежен, ако бескрупулозната тешка размена на купување на прекуморски индустриски суровини се покажеше како потребна. Ова нема да биде потребно сè додека готовите индустриски производи може слободно да бидат увезувани од Австрија и Чехословачка. Домашниот пазар за земјоделски производи во Унгарија, Југославија и Романија, сè уште е неразвиен. Поради густината на населението, побарувачката, особено за врвна здрава храна, е спремна за огромна експанзија. Исто така, ќе постои голема, реална побарувачка во блиските големи потрошувачки центри, Австрија и Чехословачка. Земјоделскиот увоз во овие две држави, вклучително и житни растенија за човечка потрошувачка и за сточна храна, ќе расте постојано со стимулирање со сестрано намалување на цените на храна и со општото зголемување на добивката. Потрошувачкиот капацитет може да се зголеми не само до ниво достигнато пред големата криза од триесеттите, туку дури и поназад, дури од 1914 година. Зголеменото земјоделско производство ќе се осигура со пазар во Подунавјето и Унгарија, Југосла-

вија и Романија ќе немаат потреба да ги извезуваат основните стоки на светскиот пазар.

Како што унапредувањето на индустријата не треба да се купува на сметка на ранетото земјоделство во индустриските области во Подунавскиот басен, така охрабрувањето на земјоделството во земјоделските области нема да резултира со распаѓање на локалните индустрии или да го сопре нивниот природен развој. Слободниот увоз на производи од Австрија и Чехословачка, несомнено, некои индустрии ќе ги направи излишни, но тоа ќе ги погоди само оние фабрики што произведуваат по високи цени и што се формирани и го должат своето постоење на увозните забрани (или во најмала рака на заштита која е еднаква речиси на истото). Во секој случај, тие вработуваат незанемарлив дел од населението. Селското население во иднина мора да ги ужива придобивките на евтини индустриски готови производи. Мора да има крај на несразмерноста помеѓу цените што селаните треба да ги платат за индустриските производи и оние што ги добиваат од сопственото производство. Меѓутоа, сето ова не значи дека индустриите во Унгарија, Југославија и Романија мора да бидат отфрлени целосно. Напротив, растечкиот развој на замјоделството ќе овозможи да се организираат многу поуспешно оние потенцијални важни индустрии кои како филијали на земјоделството, или се уништени (како некогаш познатата мелничка индустрија) или застанале (како производството на земјоделски машини и алати) или никогаш не отишле напред по првата фаза (како конзервирање, амбалажа, замрзнување, сушење, погони за преработка на млеко). Исто така, општиот пораст ќе врати голем број занаетчии и ситни трговци заедно со домашната



и локалната индустрија, која, зависно од селското стопанство, била долго време во директна истоштеност. Тогаш урбаните професии може да го апсорбираат вишокот население во сосема природно слободно движење на работници.

Само кога земјоделството повторно ќе се одвива непречено во Унгарија, Југославија и Романија, целиот индустриски развој може да биде поставен на цврста основа, но, не може да се избегне првата фаза од ставање на земјоделството во ред. Тука, исто така, интересот на земјоделството и индустријата не може да се сметаат како конкуренција туку како комплементарни.

...

Царинската унија ќе овозможи просперитет со можност за правилна употреба на подунавските природни богатства и вештини од страна на нејзиното индустриско население. Каков било иден економски систем не може да биде изграден врз застарени линии. Нема враќање назад на принципот што постоеше во Подунавјето сè до 1914 година, и не мора да има какво било враќање на принципите, кои под влијание на национализмот, работеа во годините по 1919 година. Видот на капитализмот и државната интервенција што водеше кон привилегии и монопол, не беа посакувани. Имитирањето на германскиот картелски систем придонесе за концентрација во мал број на моќни корпорации што се потпираа на заштита, што ги држеа цените и го ограничуваа производството. Ниту може средствата на социјализација, спасени од остатоците на континенталните социјал-демократски догми, да ја разбудат довербата во Централна Европа. Претпријатијата работеа јавно или тајно од страна на државата со голема бирократија/.../,[17] но не успеја да управуваат со работите; колку и да беа ефикасни против економскиот национализам, работеа рака под рака со

[17] Редакцијата не успеа да го расчита текстот.

него. Дали монополските права се остваруваат од страна на организациите на производителите или оние што се во сопственост на самата држава, само по себе, е безначајно. Нивната маржа беше претерана и тие се склони да се „стабилизираат“ наместо да се прошируваат. Уште повеќе, и двете водат кон државен диктат на економскиот живот исе неизбежно следени со губење на политичката слобода, притоа барајќи откажување од човечкото достоинство и среќа, неприфатливо во мирно време за слободен човек.

Идниот економски систем мора да им одговара на темпераментот на подунавските народи и да ја усогласи слободата со државната контрола во економијата. Подавските капитални средства, јавните комунални и социјални услуги не можат да се направат без организирачката моќ на државата. Но, ако треба да се постигне социјална правда, државата мора да биде на услуга на граѓаните, произведувачите во служба на потрошувачите, а не вице верза. Сигурно, тоа ќе треба да се планира. Основните индустрии мора да се надгледуваат повеќе од кога и да е, но со цел да се осигура ниско ниво на сите потреби и нивна фер дистрибуција. Исто така, според догматското мислење, здравиот разум ни кажува дека недостигот од менаџерски вештини не може да се надмине ако главниот мотив на бизнисот – профитот – не да оди со него. Она што му е потребно на Подунавјето е енергија, ефикасност, имагинација, флексибилност и обновување на индивидуалните одговорности. Слободните претпријатија, кои можат сами да го реализираат ова, мора да бидат охрабрени и да им се дадат нови можности. Меѓутоа, профитот може да се добие единствено преку обилно производство; треба да биде спречена рестрикцијата и од антимонополските закони да се спроведе нова конкурентска цена.

Јавноста мора да биде искрено обучена за економските работи за да може да прави разлика помеѓу законските и незаконските одделни интереси од трговските здруженија



на селаните и на работниците. Со употребата на конструктивна критика, ќе биде во можност да прави споредби - или сопствениот интерес против општото добро. Како во политиката така и во економијата, слободниот печат и слободата на говорот се неопходни за расудување.

Подунавската царинска унија, отвора огромен простор каде што трговијата може да се одвива непречено, нема да формира затворен пазар, одделен од надворешниот свет. Но размената на подунавските основни стоки за странски суровини, нема повеќе да претставува нивна главна надворешна трговија. Подунавските специјализирани производи, ценети секаде, ќе бидат извезувани насекаде во светот и тоа е она што со приходот од туристичката индустрија ќе се добие за Подунавјето – пари за да можат да купуваат суровини и индустриски готови производиво странство. Во оваа трговска рамка, исто така, ќе се развие односот помеѓу Германија и Подунавјето, не како еднострано хранење на германската воена машинерија, туку кон заедничка корист на двете страни како еднакви партнери. Нивната размена на стока ќе се прошири бидејќи двете високоразвиени економии нудат повеќе можности од кога и да било и тешко дека може да се најде во размената меѓу економиите од која едната е високо развиена, а другата е примитивна. Подунавската царинска унија ќе биде поврзана со светскиот пазар. Подунавјето, организирано како голема регионална група, ќе најде место во меѓународната трговија и во системот на цени што ќе биде формиран од шампионите на слободата на меѓународната трговија – САД и Британскиот комонвелт.

## Каков вид федерација?

Еднакви права за сите подунавски народи, заедничка одбрана и надворешна политика и царинска унија треба да биде основата за навистина новиот подунавски ред, потреба која беше очигледна од одамна. Ако Австро-унгарската

Империја се трансформираше во федерален систем, можеби немаше да има војна во 1914 година. Ако Вилсоновите точки беа вистински аплицирани, подунавската заедница сè уште ќе беше зачувана и Централна и Југоисточна Европа ќе беа „сигурни за демократија“; заедничка акција во текот на критичните години по доаѓањето на Хитлер ќе заштитеше една област од првостепено стратегиско значење. Националните интереси на одделни подунавски народи не се судрија со оние што го поддржуваа статус кво; нацистите не можеа да ги зауздаат на својата кочија социјалните и економските поплаки на обичниот подунавски човек. И оваа Втора светска војна можеше да биде спречена. Обединувањето на подунавските народи на федерална основа е единственото решение за оние чијашто судбина е да живеат заедно. Но, дури и по колапсот на наследничките држави политичарите од Централна Европа, кои се наоѓаа во егзил и чии мисли повеќе од дваесет години беа фокусирани на принципот на национален суверенитет и национална независност, не можеа да го свртат своето мислење кон идејата за дунавска федерација.

...

Првото решение беше видено во здружување по расни основи. Во Британија може да биде лесно да се убедат лаиците дека е чувствително да се обединат расно поврзани групи, но во подунавскиот регион, повеќе од каде и да било, верноста кон религијата, кон класата, кон професијата вреди повеќе отколку некое теоретско сродство – тие се *земјоделци*,[18] *работници* или римокат олици на прво мест о. Некои народи од Централна или Источна Европа, би можеле да бидат меѓусебно поврзани преку расата или јазикот, но поделени преку религијата или историјата, тие се различни според националниот карактер, изгледот и социјалните и економските стандарди. „Силен економски повик“ би можел да ги зближи во момент на национален восхит, но наскоро тој би исчезнал со враќањето во секојдневната реалност. Разлабавувањето на здружувањето на расна основа беше она што ги предизвика експериментите што веќе беа направени, како обединувањето на Чесите и Словаците во Чехословачка, Србите и Хрватите во Југославија, кои добија негативен епилог. Навистина постоеше чешки и словачки, но не и чехословачки национализам, српски и хрватски, но не и југословенски национализам. Да се повтори експериментот преку поврзување на Чесите и Словаците со Полјаците, и веројатно Србите и Хрватите со Бугарите, едноставно би претставувало впуштање во нови илузии. Постои опасност дека уште еднаш само лажно, диктирано однадвор, обединување би било постигнато преку: „конфедерација на Полска и Чехословачка“, и „голема јужнословенска федерална земјоделска држава“. При еден нов поттик за централизација, разочарувањето кај Чесите од Словаците и српската огорченост од Хрватите би можеле лесно да добијат облик на едно општо движење против словачките и хрватските апсирации за автономија, кои сè уште неспорно имаат карактер на автентични народни движења. Покрај тоа, кога расата ќе стане критериум би била сметана за неопходна за да се направат овие словенски држави „похомогени“; и покрај убедливиот доказ за невозможноста за реализација на нивните масовни трансфери на малцинствата кои ќе се обидат да ги направат во подунавскиот регион. Заради расните мотиви Австрија, Унгарија и Романија не беа вклучени во овие шеми. Со оглед на географските, стратешките, политичките и економските причини, сепак, тие не би можеле да бидат исклучени, комбинациите со „западните Словени“ и „јужните Словени“ изгледаат безнадежно нереални.

...

[18] Поимите земјоделци и работници се однесуваат за членови или симпатизери на Земјоделската или Работничката партија. Заб на редакторите.

Тогаш беше колебливо предложено да се комбинираат сите држави помеѓу Германија и Русија од Балтикот до Јадранското, Егејското и Црното Море, во една голема конфедерација. Досега Полска и Балканот често беа вклучувани во оваа широка замисла за Централна Европа. Сите овие народи посакуваат повторно да се стекнат со својата слобода и јасно е дека тие би можеле да го задржат своето право за неа доколку бидат обединети. Оттука, нивната идна соработка во надворешната и одбранбената стратегија е особено неопходна.

Би морало, сепак, внимателно да се разгледа дали е мудро веднаш да се создаде голема унија од сите држави од Централна Европа, или поточно, од Централноисточна Европа. Дали таква голема унија би можела да обезбеди правда за секој народи што ќе учествува во неа - да им помогне да постигнат еднаквост и да ја насочи економската реконструкција во вистинската насока? Овие размислувања ќе бидат оние што на крајот ќе одлучат дали централно-источното европско прашање, толку блиско поврзано покрај тоа со проблемот на Германија, би можело да биде решено задоволително и дали повторувањето на трета европска катастрофа, која би произлегла оттаму, би можела да биде спречена.

Практично, многу е тешко да се создаде, во еден замав, голема конфедерација составена од хетероген збир на држави. Нации врз кои царистичката, хабсбуршката и осман -лиската администрација оставиле свој белег, би биле собрани на куп. Историските здружувања меѓу нив имаат недостатоци, барем во современиот период; не постои еднаквост во нивниот развој; тие сѐ уште се странци меѓу себе. И покрај бројните расни и лингвистички афинитети, постои јасна дистинкција помеѓу северниот, централно европскиот средишниот и југоисточниот дел.



Границите на северниот дел се нејасни. Се појавуваат комплицирани прашања при исцртувањето на надворешните граници на Полска, и кон Германија (Познан, Шлезија, Поморже,[19] Данцинг,[20] Источна Прусија) и кон Русија. Во утрешната Европа овој и статусот на малите балтички држави, во секој случај, би морал да биде решен одделно. Истото важи и за Германците во Полска; одлуката за тоа што да се случи со нив ќе биде под влијание на фактот дека откако тевтонските витези ги реализирале своите освојувања кон исток таму постои наследна омраза помеѓу Полјаците и Германците. Во Полска, скоро целото германско малцинство беше непријателски расположено кон државата, додека, од друга страна, не постоеја квислинзи[21] помеѓу Полјаците и не можеше да се создаде квислиншка влада од нив. Кој е виновен, кој е жртва и кој е во право, а кој не е, е јасно како ден. По неописливите жестокости направени од страна на „Herrenvolk"[22] во Полска многу е веројатно дека мора да биде направен јасен демаркациски пресек. Фундаментално се различни прашањата што чекаат разрешување во Централна Европа, исто така и во југоисточниот дел. За надворешниот свет, географските граници на подунавскиот регион и на Балканот се дефинирани, иако само грубо. Различни еден од друг и од случајот со Полска, големото прашање во овие два региона не е насочено против Германија. На прво место се прашањата помеѓу подунавските и балканските народи. Од

---

[19] Померанија.

[20] Гдањск.

[21] Поимот потекнува од Видкун Квислинг (1887-1945), норвешки политичар кој по инвазијата на Германија врз Норвешка во 1940 година ја преземал власта во државата и станал синоним за соработник на нацистите.

[22] Ариевската раса. Терминот е оставен во оригинал заради автентичноста.

нив, балканските непријателства беа повеќе интензивирани преку серија војни отколку меѓудунавските конфликти од релативно поново време, кои претставуваат конфликти не помеѓу оние што се во право и оние што не се, туку само помеѓу оние што се во право; помеѓу праведноста, не само од чешка, српска или романска туку, исто така и од австриска, словачка, хрватска и унгарска гледна точка. Заради тоа што нивните политики лежат врз тежнеењето за строги националистички цели, ниту една подунавска влада, ниту дел од заедницата на која било дунавска држава, ниту една политичка партија не би можела да ја отфрли одговорноста за дебаклот што им се случи на овие држави. Германците пронајдоа соработници во редовите на големите политички партии во секоја од подунавските нации. Тие немаа потреба да се потпрат врз незадоволни националности или мали воинствени организации, како во Холандија и Норвешка. Марионетска влада беше создадена во секоја од подунавските земји, па дури и југословенското регентство можеше да биде користено од страна на Хитлер сè до 21 март 1941 година.[22] Иако добро е познато дека најмалку квислинзи имаше меѓу Србите, а најмногу меѓу судетските Германци, сè уште е рано да се класифицираат подунавските народи според степенот на квислинштво. Кога ќе дојде „судниот ден", ниту еден подунавски народ не би можел да го има правото да биде судија на другите на обвинителната клупа.

Во една голема централноисточна европска конфедерација судбината на германофоното население во Подунавјето ќе зависи, толку неправедно, од тоа што ќе се случи со Германците во Полска. И покрај сè, на судетските Германци мора да им дадена можноста за сомнежот. Со текот на год-

[22] Се работи за грешка во документот. Се однесува на 27 март 1941 година и воениот удар во Југославија



ините мнозинството од нив имаа „активистички" однос кон државата. Впечатливата разлика во економскиот развиток помеѓу германските и чешките региони беше таа којашто ги насочи судетските германски работници во прегратките на малигното пангерманско малцинство. Меѓутоа, поделбата на Чехословачка, како последица од нацистичките махинации, претставуваше изненадување и за самите судетски Германци. Хенлајн[24] скоро до самиот крај говореше за автономија и веруваше во неа. Кои беа најголемите наивци? Тешко е да се каже кој ѝ направи најголема штета на Чехословачка: незадоволните судетски Германци или Чешката земјоделска партија со нејзините ограничени локални интереси – да речеме ништо од рамнодушниот однос на Словаците. Вината за уништувањето на државата не би можела во целост да се стави врз грбот на само една секција. Протерувањето на судетското население би претставувало неоправдана одмазда. Чесите, навистина не можат да се откажат од природната граница на Судетските Планини, ниту пак да ја уништат економската обединетост на Бохемија. Оттука, поделбата помеѓу Чесите и судетските Германци, настрана од непремостливите технички потешкотии, не доаѓа предвид. Помеѓу другите германофони малцинства, кои сочинуваат околу два милиони во Унгарија, Југославија и Романија, не постоеше пангерманско движење сè до 1933 година. Оттогаш, со сигурност, тие станаа сè повеќе подложни на нацистичката пропаганда, но ова во никој случај немаше одлучувачко влијание врз курсот на настаните во тие држави. Иселувањето на малцинствата што живееја со векови во добри односи со околното население,

[24] Конрад Хенлајн (1898-1945), политички лидер на судетските Германци во Чехословачка. По германската окупација на Чехословачка, се приклучил на Нацистичката партија и бил назначен за претставник на Третиот рајх во Судетската област.

исто така не би било оправдано. Генерално, може да се каже дека проблемот на германските малцинства во Подунавјето, кои си дозволија себеси заради економскиот пад да бидат измамени од ветувањата на Хитлер, е економски различен од проблемот на народот во Германија, кој не е економски, ниту политички, туку во најголема мерка психолошки.

И сега за Австрија. Дека таа би можела да учествува во оваа централноисточна европска конфедерација во која, поради нејзиниот германски јазик, таа не би била еднаков партнер не е практично, фактички таа беше ставена на страна од оваа комбинација. Во 1941 година сè уште не се признаваше дека „Австрија ја има клучната позиција" иако централноисточните европски држави платија со својата загуба бидејќи беа индиферентни кон австриското страдање во меѓувоениот период. Мораше да биде евидентно дека Австријците тешко би можеле да опстојат изолирани помеѓу предложената конфедерација и Рајхот. Ова германско племе кое не ја изгуби својата индивидуалност би било принудено да остане во прусијанизираниот нацистички германски корпус. Да се спречи австриското повторно раѓање, да се продолжи таа да се користи како универзално момче за кампшикување, навистина би претставувало лош почеток за искоренувањето на коренот на злото, прусијанизмот, и би морала да се отргне од исполонувањето на главната задача на поствоена Европа, односно повторната едукација на германските маси, за создавање на мироубива Германија. За централноисточната европска конфедерација, исклучувањето на Австрија мора да подразбира тешки стратешки, политички и економски неповолни околности.

Со таквото исклучување и трансферот на германските малцинства, внатрешниот баланс на оваа конфедерација би бил нарушен, и Словените, со скоро две третини бројна надмоќ, би станале предоминантни. Во такви услови, конфликтите помеѓу Словените и Унгарците, Романците и Унгарците, па дури и оние меѓу самите Словени, не би можеле да се разрешат на задоволително ниво. Премногу



лесно преседанот создаден од односот кон германофоното население од Подунавјето би можел да ги подели членките на конфедерацијата, преку едноставна генерализација, на овци и кози. Компромисите направени од чешките и српските политичари и влади со нацистите би можеле практично да бидат занемарени, исто како што постоеја словенски држави кои застанаа на страната на Оската. Од друга страна, на секој Унгарец и секој Романец би му бил прикачен презирот бидејќи ја одбрал страната на нацистите. Овој жиг би бил незаслужен. Унгарскиот и романскиот народ не беа слободни агенти, тие беа „деца со гангстерски револвери вперени во нивните глави"*. Нивната неволја беше тоа што географската ситуација на нивните држави ги доведе до беспомошност. Тие беа сведоци на обидот за уништување на полската нација и се плашеа од истата судбина. Како несловенски народи тие веруваа дека нивната национална егзистенција е загрозена исто така и од Русија, и се гледаа себеси помеѓу две зла. Чесите, Словаците, Србите и Хрватите не се одговорни за нивните квислиншки влади, ниту пак, исто така, на Унгарците и на Романците би требало да им се припише вината за нивните квислинзи.

Доколку во предложената централноисточна европска конфедерција диференцијацијата треба да биде направена, не помеѓу оние што беа лојални и оние што беа квислинзи, туку помеѓу тоа кој е Чех или Србин и кој Унгарец или Романец, не би имало мир во Подунавјето, ниту пак конфликтите помеѓу балканските народи би можеле да бидат разрешени на таква основа. Внатрешно слаба, поради нејзините различни незадоволни партнери, оваа централноисточна европска конфедерација би била конфро-

---

* Г. Џорџ Х. Ерл, дипломатски претставник на САД во Бугарија, види *The Times*, 5 февруари, 1942.

нтирана од Голема Германија (зачувана преку аншлусот со Австрија, ако не, исто така, и преку судетските Германци). Таа би била неизбежно насочена во руската орбита. Оттука моменталното создавање на централноисточна европска конфедерација неминовно би довело до идни компликации на континентот.

Проучена од економски агол, јасно е дека таа би била целосно загрозена. Подунавските држави се комплементарни и зависни една од друга; тешко би можеле полско-балтичкиот регион, Подунавјето и Балканот да бидат едно цело. Сè досега постоеја некои економски врски помеѓу нив. Надворешната трговија на Полска и на балтичките држави, на пример, беше природно насочена кон запад и кон исток; таа на Бугарија и на Грција, исто така и на Турција, беше поморска и поголемиот дел не беше насочен кон Подунавјето, уште помалку кон Полска. Покрај тоа, не би можело да се говори за организирање на Полска, Подунавјето и балканските држави во една економска област. Оваа, предоминантно земјоделска област (дури и ако не се исклучат Австрија и Судетската област), би требало да биде индустријализирана според основниот план. Трговската политика на секоја од земјите - членки би требало да биде координирана во насока на создавање на единствена надворешна трговска и даночна политика која, треба да се нагласи, останува есенцијален услов за опстојување на политичката конфедерација.

Создавањето на царинска унија без заемно страдање би било единствено возможно доколку националните економии, кои би учествувале, би биле на исто рамниште и нивниот вообичаен животен стандард приближно еднаков. Но тие не се. Ненадејното создавање на царинска унија би значело преплавување на поразвиените држави со евтина работна сила и, бидејќи тие се во помал број, би ги повлекла надолу од нивните стандарди. Или би се појавила експлоа-



тација на заостанатите региони на Балканот и поголемиот дел на Полска, каде што, во најмала рака, голем дел од перспективниот развој би бил спречен. Оттука, порамнувањето би било неопходно, но разликите се премногу големи за тоа да биде постигнато во краток транзициски период. Поради овие разлики неминовно е да се воспостават интерните тарифи, во овој период. Ова е, фактички, веќе овозможено од поддржувачите на конфедерацијата, и на тој начин Централноисточна Европа повторно би била поделена на економски интереси. Бидејќи, сепак, индустријализацијата е основната цел, надворешниот тарифен систем би требало да биде наметнат врз овој интерен тарифен систем. Зад новата фасада на конфедерацијата би биле воспоставени добро-познатите билатерални практики помеѓу државите учесници. При нивните преговори за „преференцијални тарифи" и квоти, тие би биле континуирано охрабрувани да се согласат на висок степен на заштита на штета на надворешниот свет, и тенденцијата за затворена економија би надвладеала. Накратко, интерно, воопшто не би постоела слободна трговија, додека на надворешен план, декларираната цел за индустријализација би овозможила единствено шанса да се возобноват поранешните несреќни самозадоволувачки практики.

Во 1919 година, беа создадени независни држави без економска основа, поради политички сфаќања. Сега, според овој нов проект, на големата конфедерација, која исто така еволуира од политички мотиви, треба да ѝ биде овозможена извештачена економска основа. Резултатот би требало да биде јасно повторување на големата скала на самозадоволувачката политика која беше испробана од наследничките држави. Веќе се покажа не како извор на сила, туку како слабост за сите нив.

Предусловот за индустријализацијата подразбира, секако, финансирање од страна на англиско говорниот свет

преку снабдување со опрема за фабриките и прекуморски суровини. Дали ова ќе биде постигнато преку кредити, некаков вид на лизинг или позајмици, или дали отплатата преку земјоделски „вишоци" повторно ќе биде принудена за Западот, не прави никаква разлика – конфередацијата ќе претставува константен товар за Велика Британија и САД. Дури и да е возможно или посакувано да се претворат милиони централноисточно европски селани во фабрички работници, таквиот процес би траел со децении. Во овој „транзициски период" – РЕСТРИКЦИЈАТА[25] на внатрешната потрошувачка, во комбинација со извештачениот пораст на цените, би требало да бидат прифатени за доброто на индустријата која ќе биде создадена. Сиромаштијата и продолжувањето на нискиот животен стандард ќе ги сноси населението и залудните тежнеења за самозадоволување би ја претвориле конфедерацијата во економски неуспех.

Во копнежот за корекција во еден чекор на поделбите од 1919 година, не смее да биде направена грешка во спротивна насока. Со итна унија на сите централноисточни европски држави би бил создаден блок со најмалку 110 милиони жители, политички кревки и економски тешки за управување, во голема мерка неурамнотежени кон земјоделската страна и целосно зависни од надворешна помош. Експериментирајќи со оваа суперструктура пред основите да бидат воспоставени, би ја минирала целта за создавање на идна централноисточна европска конфедерација, загрозувајќи ја реконструкцијата во тој дел и со тоа најдобрите намери за политичко помирување и заедничка одбранбена стратегија..

Но, исто така, не би било никаква предност и доколку се формираат, како што беше предложено, два конфедерациски блока наместо една голема конфедерација. Едниот, централноевропски, би требало да биде составен од Пол-

[25] Со големи букви и подвлечено во оригиналот – (заб. на ред.)



ска, Чехословачка, Австрија и Унгарија, додека вториот, балканскиот, би бил составен од Југославија, Грција, Албанија, Бугарија и веројатно Турција. Прашањето во кој од овие два блока ќе се приклучи Романија, е оставено отворено – Австрија беше додадена како резултат на последните размислувања. Сè уште не е јасно зошто беше предложена оваа поделба на два блока.

Економски, ништо не е постигнато. Поради многу различните етапи на прогрес, би било невозможно да се избегнат тарифните граници во групите, како на пример помеѓу Полска и Чехословачка. Различните национални економии би биле повторно воспоставени и нивната ограничена соработка не оди доволно далеку за да осигура просперитет и да овозможи воена одбрана. Меѓутоа, симултано, тарифните граници исто така ќе бидат воспоставени онаму каде што инаку тие не се потребни, т.е. помеѓу земјоделските и индустриските делови на Подунавјето. Чешката и австриската индустрија, од една страна, повторно би биле, помалку или повеќе, отсечени од своите природни пазари на југоисток и повторно би се обиделе да ги пласираат производите на светскиот пазар. Полска, во желбата да изгради своја сопствена индустрија, секако, би одбила да стане нивен главен купец. Од друга страна, делумното здружување на земјоделските дефицити, тешко би им помогнало на југоисточните држави. Отсечени од своите природни пазари во Австрија и Чехословачка, тие уште еднаш би биле приморани да погледнат кон Западна Европа за откуп на нивните „вишоци" и финансирање на опремата за фабриките и индустриски сиров материјал. Нов поттик би бил даден на фаворизирањето на експериментални економски шеми кои би биле насочени кон Централна Европа во земјоделските држави и во балканската група за индустриската самоодрж-

ливост. Природните ресурси и капацитетите кои се достапни, би биле запоставени. Времето, енергијата и капиталот би биле истрошени на планови чијашто единствена цел е да спречат внатрешна подунавска поделба на трудот.

Што е тогаш основниот политички мотив кој стои зад упадливата сугестија да се исцрта арбитрарна линија на поделба преку долината на Дунав? Дали оваа поделба е навистина неопходна за хармонична соработка помеѓу засегнатите нации? Дали нејзината причина, по малку, е спротивна од намерата на промотерите, настрана од заштитата на нивните држави од германската агресија, да надвладеат одредени послаби учесници во двете комбинации со што би постигнале превласт врз нив? Ова особено се однесува на централноисточниот блок, кон кој Австрија сега треба да биде „приклучена“. Водечките чешки политичари, кои повеќе не можат да ја одржат нивната теза дека Чехословачка може да егзистира независно, сѐ уште тврдат дека во нивните релации со Австрија тие се без вина и се целосно во право. Точно е дека империјална Виена не успеа да обезбеди супернационално единство по 1867 година. Иако Бохемија и Моравија станаа најбогатите провинции во монархијата, политиката што беше усвоена против Чесите беше фундаментално погрешна. Сепак и политиката практикувана од страна на Прага кон австриската република беше во ист степен несреќна. Претставувајќи помалку од возвишените идеали на Масарик[26] отколку тесно замислениот национализам, таа ги остави старите национални и новите економски проблеми на Подунавјето еднакво нерешени; таа не ѝ разјасни на чешката јавност дека Берлин, а не Виена, беше злосторникот на мирот. Кога две грешки толку ефективно се поништуваат меѓу себе, би можело и би требало минатото да остане минато. Не ѝ се

[26] Томаш Масарик (1850-1937), чехословачки политичар, социолог и филозоф, силен поборник за создавањето на Чехословачка и нејзин прв претседател.



прави никаква услуга на чешката нација преку пристапувањето кон виталното австриско прашање со самоувереност и попустливост. Чешката политика кон Унгарија, исто така, продолжува да биде неконструктивна. Бескомпромисниот однос кон границите утврдени во Тријанон[27] не ја поддржуваат демократската кауза во Унгарија, и во одреден степен ја зајакнуваат тамошната непопустлива олигархија. Природно, Австријците и Унгарците, плашејќи се дека ќе бидат држани потиснати, би морале да отстапат од вклучувањето во оваа федерација. Тие би биле, помалку или повеќе, принудени да ѝ се приклучат.

Овие два конфедерациски блока носат застрашувачка сличност со Малата антанта и Балканската антанта кои, безуспешно, обидувајќи се да создадат „безбедносен систем“ против Австрија, Унгарија и Бугарија, не успеаја да ја сопрат германската агресија. Чешките лидери кои ја запознаа Европа со оваа сугестија, требаше да сфатат дека ништо не би било решено преку оживувањето на групациите што претставуваат извештачени конструкции и што не можат да поминат преку темелно испитување.

. . .

Не би можел да биде воспоставен федерален систем во Централноисточна Европа врз расна основа, врз бројчена супериорност на одредени учесници, ниту пак врз краткотрајни политички интереси. Доколку треба да трае, федерацијата мора да има морална основа. Единствено преку коректно почитување на еднаквоста меѓу нив, централно-источните европски нации би можеле да го докажат своето право да живеат и да постигнат слобода и безбедност за кои сите тие имаат аспирации. Единствено кога тие ќе се откажат од спроведувањето на екстравагантните политики, би може-

[27] Види белешка 5.

ле, како нивна заслуга, да сметаат на почитта од големите сили за нивниот интегритет. Во новото уредување на Централноисточна Европа географијата, историјата, традициите, религиските убедувања, економските реалности, образовните и социјалните стандарди и, не и најмалку важно, еднаквостите во начинот на живот на обичните луѓе, не би требало повеќе да бидат занемарени на сметка на расниот и партикуларистичкиот национален критериум. Некакво групирање на малите држави кои се наоѓаат помеѓу Германија и Русија, несомнено, ќе се покаже како неопходно во една организација која треба да биде формирана одоздола, а не одозгора.

За да се постигне политичка стабилност во Централноисточна Европа, изгледа е препорачливо на почетокот да се создадат низа федерации, поточно, североисточна, централ-ноевропска и југоисточна, според наведениот редослед. Таквите регионални федерации ја имаат најдобрата шанса за постигнување на внатрешна рамнотежа, за промовирање на вистински сојуз помеѓу овие нации, словенски или несловенски. Тие, исто така, би овозможиле самоопределување преку децентрализацијата на образовните, културните и административните прашања. Покрај тоа, потешкотиите од материјална природа кои се спротивства-вуваат на другите проекти би биле минимизирани.

Кога Германија ќе биде безопасна, воената моќ на Велика Британија, САД и Русија со текот на годините ќе стане најрелевантна реалност на континентот и реконструкцијата ќе има приоритет пред надворешната и одбранбената стратегија во Централноисточна Европа. Оваа одлична намера за реконструкција, би можела најсигурно да биде постигната доколку економските проблеми првично се решени одделно. Во исто време, би можело да се создадат полска (или полско-балтичка), подунавска и балканска слободна трговска зона, а економските проблеми карактеристични за секоја од овие



групи би биле под посебно внимание.

Полска, ослободена од нејзиното сегашно маченииштво кое следуваше по краткотрајниот период на слобода по 130-годишното германско-руско угнетување, би морала да биде повторно целосно изградена. Нејзината економија, покрај неколкуте индустриски центри, беше во голема мерка земјоделска и неразвиена. За да ги искористат потенцијалните ресурси на земјата, на заостанатото земјоделство и индустријализацијата, би морало да им се даде помош. Развојот на Полска на повисоко економско ниво не може да биде направен од Чесите, ниту пак од сите централно-европски народи заедно. Тоа може да биде постигнато единствено преку меѓународна акција од големи размери и со сигурност светот ѝ го должи ова на нацијата која прва му се спротивстави на Хитлер.

За подунавската група идеалното јадро би било Австрија, Чехословачка и Унгарија – поточно Централна Европа во нејзина потесна смисла. Но таквото ограничување, сепак претпазливо, веројатно е веќе застарено. Иако тие, географски делумно припаѓаат на Балканот, вклучувањето на Романија и несомнено на Југославија во федерација на сите подунавски држави, би се покажало, уште на самиот почеток, како суштинско. Ова измешано и забележливо различно население би се балансирало меѓусебно во својата различност. Во оваа подунавска зона, двете големи области, земјоделската и индустриската, од чијашто соработка зависи реконструкцијата во голема мера, тогаш би биле интегрирани од самиот почеток. Сите раскошни значења на самопомошта, наведени од природната меѓузависност на индустрис-ките Чехословачка и Австрија и земјоделските Југославија, Унгарија и Романија би биле искористени. Србија и стара Романија[28] би ја имале можноста да се развијат на повисоко

[28] Се однесува на Романија пред територијалните проширувања по Првата светска војна.

земјоделско ниво. Во овие делови на Далмација, Босна и Јужна Србија, кои не се адекватни за земјоделство, природните богатства на минерали и дрвена граѓа би можеле да бидат подобро експлоатирани. Задачите како производство на струја, контрола на реките, иригација, транспорт, економско и социјално воспитување, со кои досега немаше соочување поради отсуството на заедничка власт, би можеле да бидат исполнети за доброто на целото население во Дунавската долина. Таквата подунавска царинска унија неизмерно ќе ја олесни задачата на политичарите, и секој народ од Подунавјето би можел повторно да ги отпочне економските активности за кои е најдобро опремен. Евтината храна и производството би биле достапни насекаде, овозможувајќи им ги основните потреби за пристојна егзистенција.

Условите кои се карактеристични за југоисточната зона имаат потреба, исто така и од специјална програма. Грција (и за тоа прашање Турција) има потреба од индустриализација. Нејзината намена, сепак, нема да биде повеќе самоодржливоста, бидејќи со растечкиот просперитет на Централна Европа таму ќе се создаде потреба за нејзините извозни продукти (главно полулуксузни производи како ту-тун, рибизли, суво грозје, вино, маслинки и смокви). Грција не би била зависна, како што беше во периодот на економ-ската криза во меѓувоениот период, од Германија и Велика Британија.

Единствено по отпочнувањето на сите овие промени, со бавниот процес на времето, би се појавиле можностите за соработка помеѓу овие три зони. Само тогаш би можело да се оцени до кој степен е практично да се насочи извозната трговија на северноисточната зона кон југ, и онаа на југоисточната зона кон север. Извештачените развои би можеле единствено непотребно да ја забават трговската експанзија, а можеби и да ја загрозат во целост. Вообичаените



трговски канали мораат да бидат задржани и поттикнати. Централноисточните европски држави ниту имаат ресурси, ниту влијание да спроведат централизирана индустриска стратегија. Не е во нивни интерес да се обединат во еден или два самозадоволувачки блока, на тој начин да се претворат во обврска за англо-американскиот свет. Секоја од нив мора да настојува да стане економски силна и како капитал во меѓународната трговија да биде заживеана во што е можно поширок размер.

Во овие регионални федерации, централноисточните европски нации на крајот би го пронашле внатрешниот мир. Кога условите во трите групи ќе бидат консолидирани, би можело со сигурност да се направи обид тие да се обединат во една голема политичка конфедерација со заедничка надворешна и одбранбена политика. Еднаквата надворешна и внатрешна трговска стратегија, која би произлегла од условите на самоодржливоста, не претставува есенцијален услов ниту за економски прогрес, ниту за политичка стабилност. Би можело и би требало да постојат три регионални економски федерации во рамките на конфедерацијата на централно-источните европски нации. Заедничкиот интерес за одржување на нивниот политички интегритет и индивидуалност најдобро би служел доколку тие ја координираат воената одбрана, надворешната и економската стратегија со онаа на Британскиот комонвелт, САД и Русија. Тогаш, централноисточните европски народи би биле во позиција, исто така да ја исполнат својата посебна европска мисија. Полјаците и Чесите со својата западна цивилизација би претставувале мост, кој недостасуваше досега, помеѓу Русија и англиско говорниот свет. Слободата и просперитетот на негерманското - говорно население од Подунавјето ќе биде најдобриот доказ за Германците од Рајхот дека и тие можат

да достигнат слобода и просперитет преку мирољубива соработка со другите народи од Европа, наместо преку создавањето на пруски воено-апсолутистички центар на моќ.

## „Лидерство“ во Централноисточна Европа

Прускиот милитаризам, кој ги соедини Германците во една обединета држава во текот на последните осумдесет години, се претвори во најголем европски непријател. Двапати во овој век Германија се обиде да го потчини континентот, обидувајќи се секојпат, преку употребата на слабостите во подунавскиот политички систем, да создаде „средноевропска област“. Во 1919 година победниците ја пропуштија можноста да го отсечат канцерот преку демилитаризацијата на Германија и истовремено им дадоа голема слобода на подунавските сојузници кои се однесуваа како главното прашање да беше единствено судирот помеѓу Австро-Унгарија и Србија. Прашањето беше споредно и последната војна не постигна ништо. Овојпат демократиите не смеат да ја пропуштат шансата. Мора да биде спречен трет германски обид и поради оваа причина да биде ставен крај на клацкалката на завојуваните подунавски национализми, толку штетни за најдобрите интереси на Подунавјето, всушност, за целата европска заедница. Не смее да се дозволи Подунавјето да биде извор на Трета светска војна.

Во годините пред 1939 година, германската страст за освојување можеше да се развива од грешките на нејзините противници. Подунавските нации, целосно вдлабочени како што беа во домашните и меѓудунавските прашања, малку ја загрижуваа Германија. Не беше сфатено дека германските активности во нивните земји претставуваат подготовки за војна, уште помалку дека тие беа ултимативно насочени против Британија; фактички, и за Британците не беше очигледно што се случува навистина, сè до окупацијата на Прага. Настаните во Подунавјето, кои доведоа до огромна



предност за Германците и се покажаа штетни за Британија, резултираа од услови врз кои народите од Подунавјето немаа контрола и беа спротивни на нивните желби. Војната, според тоа, треба да биде водена против Германците кои доминираат во Подунавјето и против нивните орудија, но ниту еден народ од Подунавјето во целост не треба да биде гледан како непријател на Велика Британија, САД и Русија. Кога ќе започне враќањето на мирот попустливоста кон квислинзите би била погрешна; тие мора да го добијат тоа што го заслужиле, без разлика на нивната националност. Но да се дискриминира помеѓу самите народи според тоа „како тие се држеле покрај Британците во оваа војна“, би претставувало сериозно погрешна судска пресуда. Таму не би требало повеќе да постојат привилегирани народи.

За жал, подунавските народи сега се поделени на сојузници и непријатели. Британија и последователно САД мораа да признаат две подунавски емигрантски влади. Исто така, тие мораа како чин на лојалност да се согласат со руското барање да им објават војна на Унгарија и Романија.*
Меѓу протераните лица од сојузничките подунавски држави две различни мислења се уочливи денес. Некои, гледајќи назад во меѓувоените години и под влијание на катастрофата што следуваше, веруваат дека централноисточните европски нации би требало да се обединат против нивниот заеднички напријател и да бидат толерантни меѓу себе, дека тие би требало да го окончат тој политички и економски национализам кој сеел пустош меѓу нив.

Декларацијата составена од новата југословенска вла-

---

*При барањето за објавување војна од страна на Соединетите Држави на Унгарија и Романија, во посебното соопштение до Конгресот на 2 јуни 1942 година, претседателот Рузвелт изнесе дека односните влади им објавиле војна на САД иако тие „го преземале овој чекор не на своја сопствена иницијатива или како одговор на желбите на нивните народи, туку како инструмент на Хитлер“ („*The Times*“, 3 јуни 1942 година).

да од мај 1942 година која содржи: „Ние се обидовме да го ублажиме владеењето на претходните влади, владеење кое беше причина за трајно незадоволство во земјата“, изгледа ветува дека долгорочно може да се случи промена на мислењето во Подунавјето. Сосема поинаков поглед е наведен во извештајот „Планирајќи ја поствоена Европа“[++] подготвен во соработка со чехословачката влада: „Мировниот договор од Версај ја направи Централна Европа способна за просперитет и на политички и на економски план.

Австрија и Унгарија беа соочени со одредени потешкотии во текот на периодот на транзиција, но со помошта на Лигата на народите тие успеаја да ги надминат овие потешкотии и да се адаптираат себеси на новите усло-ви. Чехословачка која наследи две третини од индус-трискиот производство, и само една четвртина од конзу-ментите на старата монархија на Дунав,[29] исто така, имаше свои потешкотии, сè додека не пронајде нови пазари и научи да игра самостојна улога во светската трговија. На крајот и Чехословачка постигна огромен просперитет“.

Толку многу изјави, толку многу неточности! Уште еден цитат од оваа серија на написи, [+++] „претставувајќи го авторитативното мислење“ на чехословачката влада, покажува како иднината е визулизирана од страна на претставниците на овој правец на размислување:

„Но преку модификацијата на границите и размената на население, би требало да биде возможно да се намали обемот на нејзините малцинства и да се направи Чехословачка етнографски похомогена држава. Хитлер покажа дека размените на население во голем обем се возможни“.

[++] „The Fortnightly“, октомври, 1941година

[29] Се однесува на Австро-Унгарија.

[+++] „The Fortnightly“, август, 1941.



Таквите ставови докажуваат колку беше оправдана загриженоста искажана од г. Самнер Велс[30] на 7 октомври 1941 година „Постои опасност, и покрај јасните поуки од минатото, дека нациите од светот уште еднаш ќе бидат во искушение да се впуштат било во истите погрешни политики кои имаа толку катастрофални последици. И на економското поле, особено таму, е присутна опасноста дека посебните интереси...уште еднаш себично и слепо ќе бараат преференци за нив самите и дискриминација кон другите“. Ова, веројатно, се однесува на Подунавјето многу повеќе отколку на кој било друг дел од светот.

Не може да се избега од фактот дека претставниците на подунавските народи - признатите влади и таканаречените слободни движења, исто така, се составени до одреден степен од поранешните носители на јавни функции, раководители и партиски лидери кои дозволија Подунавјето да биде расцепено од деструктивни конфликти, кои дозволија нивните држави да потпаднат во економска зависност од Германија и продолжуваа да се однесуваат со главата во песок кон германската опасност. Постојат две објаснувања на ова: прво, помеѓу мнозинството малцинства имаше тенденција за простување на грешките во проценките на нивните лидери кои и тие самите ги споделуваа; второ, се мислеше дека е мудро да се одложат обвинувањата насочени против тие лидери за да не се поттикнува неслогата помеѓу оние што се во егзил. Се веруваше дека, откако ги научија лекциите, ништо од нивниот стар ограничен однос не би можел да го преживее подунавскиот дебакл.

Придржувањето кон историските факти би требало да . .

[30] Бенџамин Самнер Велес (1892-1961), американски дипломат и главен советник на американскиот претседател Френклин Рузвелт за надворешна политика.

покаже дека Михнен[31] претставуваше акумулиран ефект од целата стратешка, политичка и економска ситуација во Подунавјето, со која Франција и Велика Британија беа соочени. Други и подлабоки причини отколку англо-француските предлози од 19 септември, кои му претходеа на Минхенскиот договор, лежат во основата на капитулацијата на Чехословачка. Чешките влади знаеја перфектно добро дека нивниот народ не може да очекува ништо друго освен поробување од страна на Германците доколку судетскиот регион беше отстапен. И покрај тоа, тие не беа одлучни да се борат, со или без помош, и веќе тргнаа по патот за

[31] Се однесува на Минхенскиот договор од 30 септември 1938 година со кој на нацистичка Германија ѝ била дозволена анексија на Судетската област која дотогаш ѝ припаѓала на Чехословачка. Договорот бил потпишан од претставници на Италија, Франција, Велика Британија и Германија.

„Дневникот на амбасадорот Дод", 4 април, 1935, стр. 238:

„Јас разбрав од доверлив разговор со Бенеш,[32] кон крајот на март, во кој чешкиот премиер рече дека неговата земја би се борела за нејзината независност доколку нивните сојузници им помогнат; во спротивно, ништо не би можело да се стори освен капитулација под германските услови за пријателство". И 29 август, 1936, стр. 353: „Притисокот насекаде е за диктатура... во Чехословачка, каде што има движење за предавање на Хитлер". „Mission to Moscow" на амбасадорот Џозеф Е. Дејвис, 24 март, 1938, стр. 185: „... тој (Фиерлингер, дипломатскиот претставник на Чехословачка во Москва) рече дека бил известен во текот на претходниот ден од страна на неговата влада дека таа добила дефинитивни ветувања од страна на Германија дека не постоела намера од нивна страна за да ја вознемират Чехословачка. Тој рече, се разбира, не постоело ништо што би можела неговата влада да го стори во врска со тоа во секој случај; дека нивната позиција во целост зависела од тоа каква надворешна помош би добиле од Франција и Англија. Чехословачка не би можела ништо да стори сама".



задоволување на судетските нацисти преку отстапки, секоја од нив, тие мораа да знаат, дека едноставно ќе води до барање на друга поголема. Без сомнеж, француската и британската влада успеаја, со своите потписи на Договорот, да придонесат за конечната пропаст на Чехословачка, но вистинските домашни и внатрешно- подунавските причини ги спречија храбрите и добро опремени Чеси да ја бранат својата земја. Со или без Минхен, со или без Хитлер, целиот подунавски регион беше на умирање.

Бранот на самокритика и самообвинување кој се појави во Британија по Минхен и општото сочувство кое ги поздрави протагонистите на режимите од Подунавјето во егзил, сепак, не придонесе за побудување на слично самоиспитување за нивната улога.

Од континуираните обвинувања на сојузниците кои не успеаја да го зајакнат опасниот мит дека „на Чехословачка не ѝ беше овозможено да се брани самата", беше зацврстена одговорноста на Франција и Британија. Предвоените околности во Подунавјето денес би можеле да бидат прикриени за да изгледа Хитлеровата агресија едноставно како гром од ведро небо. Чехословаците, Австријците, Унгарците и Романците чијшто личен престиж е поврзан со преднацистичката статус кво ситуација, сега го прават тоа, но за нацистите нивните држави беа целосно одржливи, и оние што имаа лични интереси во подунавскиот економски национализам си го присвојуваат правото да говорат во име на централноисточната европска економија. Иако економското безредие примарно беше епилог на нивната некомпетенција, тие тврдат дека нивните држави можеа да бидат спасени докол-

од Франција и Англија. Чехословачка не би можела ништо да стори сама".

[32] Едвард Бенеш (1884-1948), чехословачки политичар, поборник за создавањето на Чехословачка, нејзин министер за надворешни работи и претседател.

ку Британците не беа толку скржави при откупот на нивните „вишоци“. Тие ја обвинуваат британската игнорантност за подунавските прилики – игнорантност која беше составена во поголем дел, конкретно од превидот кој беше насочен кон нивните активности за самоодржливост. При-фаќањето на овие обвинувања во Британија го поттикнуваат нивното самозадоволување; оддалечувајќи ги од обидите да ги коригираат нивните грешки, тие го одбегнуваат признанието дека нивните политики се банкротирани. Додека во полското и грчкото претставништво се направени промени наклонети кон оние што се истакнаа себеси во спротивставувањето на диктатурата, подунавските нацио-налистички автархистички фракции добија нов закуп за живот во сојузничкиот совет.

* * *

Децениите на ултранационалистичкото владеење во Подунавјето ги разнишаа заедничките вредности и солидарноста кои несомнено егзистираа таму сè до крајот на деветнаесеттиот век. Зли страсти беа побудувани со годините на репресија; многумина, и не само оние што беа пријателски наклонети кон пруската националистичка држава, беа под влијание на нејзината немилосрдна ефикасност и бескрупулозниот успех. Прусијанизмот одамна престана да претставува расен концепт таму, тоа е состојба на умот. Подунавскиот национализам го отфрли своето првобитно поврзување со западните идеи за слобода и толеранција и доби дефинитивно антииндивидуално, антидемократско и антикосмополитско скршнување. Вековното наследство на религиското и моралното образование, компаративната пристојност и либералното владеење на Австриската Империја, беа истиснати од тесноградиот материјализам на расчекните сила на прускиот националистички идеал и неискреноста во принципите на владеење. Во ограничениот простор каде што водечки треба да биде принципот „живеј



и дозволи да живее“, подунавските ултранационалисти сакаат да бидат господари, не еднакви. Сакајќи да ја снабдат својата почитувана нација со најдобри излези, со најшироки граници, секој наметнува тврдења за кои сите се свесни дека другите нема да ги допуштат. Јавно или тајно, за сопствените народи тие посакуваат водечка улога помеѓу народите во Подунавјето, иста онаква каква што Прусите стекнаа помеѓу германските племиња. Секој посакува неговата сопствена нација да биде јадрото, стожерот на централноисточниот европски организам. Во односот кон надворешниот свет подунавските ултранационалисти сите изгледаат исто; разликата не е во политиката, туку во тактиките. Кога тие си ветија помош од Лигата на народите, настапија во Женева како „добри Европејци“ и „слободни трговци“, изгласуваа резолуции, потпишуваа извештаи и изразуваа надежи за подунавска соработка. Дома продолжуваа слепо да се угледуваат на пруската автархија, којашто во теорија ја осудуваа кратко претходно. Денес, според по-требата, тие говорат различни жаргони - во Британија тие продолжуваат да ја повторуваат демократската формула; во окупираните земји нивниот јазик има вкус на мал фашизам. Веењето на знамињата за Британија или Германија, Русија или Италија само укажува на тоа од која страна или од која голема завојувана сила тие очекуваат исполнување на своите барања.

Сојузничките централноисточни европски влади упатуваат на жртвување на националниот суверенитет, кое се подготвени да го сторат и, свесни за актуелното мислење во англиско говорниот свет, тие сугерираат два конфедерациски блока. Сè уште кога тие повикуваат на федерализам, изразуваат нешто на што нивните актуелни предлози за жал му противречат. Според ултранационалистичките лидери, суверенитетот на различните подунавски држави би бил обновен и нивните политики одделно изградени. Мирот во Подунавјето повторно ќе биде прашање на границите. Нивниот милозвучен говор за слобо-

и еднаквост е некомпатибилен со искажаната желба за *restitutio in integrum*,[33] и нивното барање за недискриминирачка одмазда во облик на размена на население, е тешко помирливо со принципот на цивилизираниот свет дека ниту еден човек не би требало да биде казнет за злосторството на другиот. Што се однесува до предлозите што се изнесени за економска реконструкција, замислената полско-чешка царинска унија *sui generis*[34] навистина претставува царинска унија која нема паралела, бидејќи трговските бариери нужно би биле задржани. И „подобро балансi-раната економија" во рамките на двата конфедерациски блока што се предмет на дискусија, не претставува ништо друго освен еуфемизам, друго име за автархија. Колку и да се различни овие шеми, тие сите покажуваат дека нивните промотори само привидно имаат прифатено идеи кои се спротивни на оние што тие претходно ги застапуваа.

Целата концепција е искалкулирана за да ги подели казните за некои и наградите за други подунавски народи; да додели делови од територија на некои на сметка на нивните соседи. Доволно е познато за пред вратата на германските поттикнувачи да се положи вината за злосторствата и суровоста во Подунавјето; тоа беше составен дел од Хитлеровата техника за да ги вовлече своите жртви како соработници. И покрај тоа ултранационалистите меѓу подунавските сојузници посакуваат победничко расчистување со некои од подунавските народи. Поради овие погрешни напори очигледните потреби за прогресивен развој на овој дел од Европа се замрачени, популарното и националното чувство во сите подунавски држави е повредено. Промовирањето наподунавската царинска унија, беше осуетено и солидната земјоделска политика која можеше да биде реализирана во

[34] Од посебен вид.



иднина беше спречена. Во својот тесноград поглед на национален самоинтерес, иницијаторите на овие потези не можат да увидат дека преку палењето на огновите на расната омраза тие директно му помагаат на Хитлер кој настојува да ги спречи подунавските народи да се кренат против него насочувајќи ги едни против други. Тие не можат да видат колку сојузничките воени напори се отежнати поради ова и германските шанси за победа во пат позиција подобрени. Тие, исто така, не сфаќаат дека ги прекршуваат одредбите од Атлантската повелба[35] која тие самите ја потпишаа, и дека преку иницирањето на непотребните потешкотии предизвикуваат анимозитети во Централноисточна Европа за таа да стане премногу силна за каков било мудар и државнички мир. Нивната главна цел е да се изборат за позиција од која би можеле да настапат со големи барања, и да создадат *faitesaccomplisco*[36] кои би ги загрозиле идните мировни преговори. Велика Британија, тие претпоставуваат, ќе има капацитет да дејствува како посредник додека тие се спогодуваат за териториите во Подунавјето, и подоцна, заедно со Америка, ќе овозможат капитал преку доделување заеми.

Подунавските ултранационалисти и автархисти со самоубиствена нерационалност ги предадоа своите држави на големиот Пруски рајх. Сè до денес, логиката на настаните не ги одвраќа од нивната погрешно насочена филозофија. Да се обезбеди себична предност сè уште е многу позначајно за нив отколку да се обединат за да го уништат непријателот чијашто победа би ги здробила националните амбиции на

[35] Атлантската повелба претставува политичка декларација од 14 август 1941 година со која јасно се утврдени целите на сојузниците по завршувањето на Втората светска војна. Во преговорите учествувале американскиот претседател Френклин Рузвелт и британскиот премиер Винстон Черчил.

[36] Нешто што е готово и не може да се промени.

секој од нив. Бидејќи тие не можат да ги согледаат придобивките од обединувањето, искрено признавање на правата на секоја од подунавските националности, не би можело да биде добиено од нив. Сè додека ултранационалистите ги држат конците во свои раце, реформите неопходни за вистински нов поредок во Централноисточна Европа не би можеле да бидат спроведени – некои сметаат дека го изгубиле своето право да бидат предводници.

Доколку по победата на Обединетите нации, креирањето на мирот во Централноисточна Европа се препушти на подунавските сојузници, постојат сите индикации дека ќе се создаде нова плима на национализам. Старата игра одново ќе започне, со единствена разлика во тоа што, четврти пат во една генерација, улогите на угнетувачите и угнетените ќе бидат променети. Подунавјето ќе биде расцепено преку омразата и поделено во две групи: првата која ќе инсистира на нејзините привилегии додека другата ќе ја чека следната можност за да се вклучи во непријателска комбинација. Од една страна, поранешните соработници на Хитлер ќе се обидат да го исчистат својот углед преку гласен плач за на-ционалистичка освета. Од друга, тие, преку тврдењето за придржување на демократската кауза како соодветно пок-ритие за да ја избегнат казната, одново ќе направат заговор против неа. На двете страни на оградата трезвените соб-ранија повторно ќе бидат оквалификувани како непатриотски, и ќе им недостасува поддршка. Овие земји тогаш повторно ќе добијат слика на владеење на оли-гархиите и кликите, чиешто будење ќе биде проследено со места за опортунистите и циниците. И покрај фактот што економските потешкотии би можеле да бидат надминати, единствено преку рационално распоредување на трудот, политичарите повторно ќе бараат помош од шарлатаните, и измамниците набрзо ќе ги влечат конците. По иницијалниот ентузијазам кој ќе следи по ослободувањето од Хитлер, секојдневно Подунавјето ќе биде оставено беспомошно во задушувањето од себичните националистички и автархист-



тички малцинства. Дали ова треба да биде зората на „векот на обичниот човек“?

Таквото предавство на слободата, демократијата и здравата економија не би можело долгорочно да биде криено од очите на Западот. Порано или подоцна повеќето од ултранационалистичките изјави би морале да се покажат во најдобар случај како погрешни и полувистинити, нивните конфедерации и царински унии како мртвородени. Доколку централноисточните европски нации бидат повторно разединети и слаби, доколку продолжат да вознемируваат за пари и откуп на нивните „вишоци“, тие ќе ја изгубат англоамериканската симпатија која сите од нив посакуваат да ја задржат. Би постоела мала заинтересираност на Западот да навлезе во лавиринтот на подунавската политика, кој е сложен, неразбирлив и далечен. Во нивната огорченост, дури и пријателите на подунавските народи ќе заклучат дека сите жртвувања и добрите намери не можат да надвладеат над незадоволството и економското заболување. Тие ќе веруваат дека овие нации се безнадежно неконструктивни, неизлечиво кавгаџиски настроени и дека федерализмот во Централно-источна Европа е оттука осуден на пропаст од самиот почеток. Оние сили што придонесуваат за резервираноста, секогаш притаени во Велика Британија и САД, уште еднаш ќе имаат основа; ќе постои тенденција за воздржување од обврски и да се излезе што е можно побрзо од онаму каде што веќе се вклучени. Додека Централно-источна Европа ќе се насочи кон нова катастрофа, Западот ќе се најде во непријатна дилема. Дали оваа опасна точка за светскиот мир треба да биде поделена помеѓу Германија и Русија? Дали треба да биде комбинирана со Германија, која, откако ќе биде победена, како пред 1938 година, внимателно би придобивала симпатија? - или дали нејзиното апсорбирање од страна на Русија, приближувајќи ја руската граница кон запад, треба да биде преферирано?

Таквиот развој веќе ја фрла својата сенка. Конфедерациските блокови предложени за Централноисточна Ев-

ропа не го поттикнуваат ентузијазмот кој е потребен како движечка сила. Сè уште постојат добронамерни луѓе кои влеваат надеж во умерените фрази кои потекнуваат од лидерите на народите кон кои тие чувствуваат симпатија. Во угледните весници, благовремено се појавуваат кратки написи дека оваа или онаа централноисточна европска влада „направила напори за да ги израмни нивните стари разлики и поставува здрава основа за плодна соработка во блиската иднина". Но дури и денес, кога недостатоците на тие предлози сè уште не се во целост препознаени, често се нагласува дека мерките што се предложени се сосема недоволни. Дури и пошироките кругови се на убедување дека централно-источните европски нации ќе бидат неспособни да управуваат со сопствените работи, и ќе имаат потреба од совет за начинот како да го сторат тоа. Оттука произлегуваат сè повеќе и повеќе честите алузии дека некоја голема сила би требало да го преземе лидерството таму. Прашањето е која голема сила?

Сè до денес постојат многумина што веруваат дека хитлеризмот претставува единствен феномен или едноставно резултат на економската криза од триесеттите и во некои кругови преовладува мислењето дека по колапсот на нацизмот, не би можела да биде негирана супериорноста на Германците во Централноисточна Европа. Ова, секако, е наследство од нацистичката предвоена пропаганда дека Германија претставува природен пазар за подунавските производи и обратно. Но ние видовме дека, на прво место, доколку Подунавјето треба да просперира, тоа не мора да е поврзано со германската економија; второ, блиските врски со Подунавјето, корисни за германската воена економија, би биле штетни на многу начини за развој на германската економија во време на мир. Доколку силна Германија треба да биде чувана под контрола, не смее да ѝ се дозволи економски суверенитет врз Подунавјето. Нејзиното политичко лидерство, исто така, мора да биде исклучено. Во овој



контекст не треба да се полемизира дали само Хитлер и неговата банда се виновни за плановите за доминација и за извршените злосторства, или дали навистина ова е вродено во германскиот народ. Исто така, ирелевантно е да се дискутира дали нацизмот едноставно е неколкугодишно лудо скршнување од прусијанизмот што доведува до неговиот логичен заклучок. Долгогодишното искуство покажа дека моќта има корумпирачко влијание врз карактерот на германскиот народ и ја изнесува неговата мрачна страна на површина. Германците се уставно неспособни да создадат мирен поредок во Подунавјето. Покрај тоа, доколку нивното лидерство е дозволено, тие би заклучиле дека аргесијата се исплаќа. Инвазијата врз нивните соседи стана едновековна пруска традиција и, доколку на Германците не им се покаже дека агресијата е неисплатлива, победата над нив би ја изгубила основната цел.

Заради очигледни причини оние што го фаворизираат германското лидерство во Подунавјето, денес се држат во заднината. Погласни се повиците на оние во Британија, чијашто надеж за Централноисточна Европа е насочена кон Русија. Поврзувањето со Русија можеби не е експлицитно застапено, но постојано се сугерира дека Русија би требало да ја игра водечката улога во тој дел на Европа по војната.

Преку нивниот импресивен отпор против неиспровоцираната германска агресија, Русите направија непроценливи услуги на Обединетите нации. Човештвото има огромна обврска на благодарност кон Русија, но дали ова би можело да се отплати преку нејзино оптоварување со одговорноста за Централноисточна Европа? Прво мора да се земе предвид дали постојат предуслови во Русија за решавање единствено на оние проблеми што го прават лидерството во тој регион посакувано.

Пред војната 1914-18 Русија имаше блиски односи

единствено со балканските Словени, особено со Бугарите, кои тие ги ослободија од турското владеење. Единствено на Балканот, панславизмот, поттикнат од политичкиот тек на царистичкиот империјализам, навистина стекнуваше влијание. Со најголемиот дел од подунавските народи, вклучувајќи ги и подунавските Словени, Русија немаше религиски, историски или економски врски, постоеја и многу малку културни врски. Природата на руските релации со Полска е веќе позната. Советска Русија на својата страна се изолираше себеси во меѓувоениот период, и социјалните и религиските антагонизми кон советскиот систем кои постоеја во Централноисточна Европа ја засилија изолацијата, така што овој народ и Русите, скоро целосно изгубија контакт. Незамисливо е, сепак, дека по нацистичката окупација, безредијата што бранувaат одоздола можеби навистина би создале силна привлечност кон Советска Русија во Централноисточна Европа. Некои од народите, или делови од нив, би можеле да бидат во ментална состојба која би ги убедила да ја прифатат руската хегемонија. Малите, но решителни малцинства би можеле да ги наметнат своите ставови врз пасивните маси во корист на руското лидерство, базирани или врз расниот империјализам или врз интернационалниот социјализам.

Русите се борат помалку за идеологија отколку за одбрана на домашната почва. Во исчекувањето на војната, националистичката нота веќе беше нагласена со голем успех во Советскиот Сојуз. Веднаш по отпочнувањето на Германско-руската војна, и повторно во април 1942 година, сесловенските конференции[38] се одржуваа во Москва чијашто чијашто цел беше да се покаже „солидарноста на

[38] По првиот одржан Се-словенски конгрес во Москва во август 1941 година и во 1942 година се одржал конгрес на кој претставниците на словенските народи се обврзале со заеднички сили да се борат до конечното уништување на нацифашизмот и ослободување на словенските народи.



сите словенски народи против агресијата на тевтонскиот агресор". Оттука, заживувањето на панславизмот, веројатно во ревидиран облик, изгледа веројатно. Базиран врз победата и засилениот престиж на Русија, пансловенскиот ентузијзам би можел да биде поттикнат во некои делови на Централноисточна Европа. Многу е нејасно, сепак, дали примитивниот дух на племенското општество би бил изразен помеѓу западните и јужните Словени, или дали тие би го пронашле расниот мотив доволно привлечен да им дозволи да го сметаат за одлучувачки фактор. Националната, во многу поголема мера од расната свест, преовладува кај Полјаците и кај Чесите. Сеќавајќи се на борбата против русификацијата од страна на Полјаците, не би можело да се помогне преку размислувањето дека би била крупна грешка да се потцени силата на нивното национално чувство. Кај несловенските народи, германофоните елементи ќе се почувствуваат приморани да ѝ се приклучат на Германија и другите несловенски народи (Грците, Романците, Унгарците) би одбиле да ја предадат својата национална индивидуалност.

Многу е поверојатно растечкото национално истакнување во Русија подоцна, особено при пристапот кон конечната победа, да биде комбиниран или дури истиснат од интернационалната нота. Локалните комунисти од Централноисточна Европа би можеле до одреден степен и да ја приморaат Русија да се наврати на идеолошкото размислување.

Достигнувањата на Руската револуција, чудата на материјалната конструкција во советската планска економија, се целосно признаени денес. Тоа што Русите започнаа да ги собираат плодовите од нивните страдања и жртвувања е најверојатно една од причините зошто нивниот морал е толку супериорен. Но состојбата на работите во Русија е тешко споредлива со онаа во Централноисточна Европа. Условите што го овозможуваат успехот на експериментот со колективизацијата во Русија се отсутни во оваа

област каде што целата економска структура е различна со онаа во Русија. Тука не постојат огромни степи погодни за фабрики за преработка на жито, туку огромна класа земјоделци поединци, чиишто земјоделски потреби побаруваат подобрени методи според моделот на данското и холандското одгледување добиток, наместо колективизација. Тука социјалниот статус на селаните и работниците има помала потреба за подигнување отколку што беше случај во Русија, со исклучок на Унгарија и веројатно на Полска, не постојат бариери помеѓу класите. Иако стандардите на животот во Подунавјето не беа подигнати и во некои случаи дури беа влошени во последните дваесет години (додека тие несомнено растеа во истиот период во Русија) подунавските работници и селани беа сè уште подобри, особено во однос на живеалиштата и заработувачката, отколку кај оние што се под Советите. Според различните стандарди на политичката еволуција, карактерот на централноисточните европски народи е во целост многу повеќе западен отколку источен. Нивниот дух не покажува сличности со оној на Русите, кои долго беа научени на силна централизирана и интензивна автократска администрација. Централноисточните Европејци се решително индивидуалисти, додека Русите манифестираат чувство на заедништво и концепт на ред преку еднаквост.

Не може да се претпостави дека под руска хегемонија западноевропската култура и економскиот систем би можеле да егзистираат паралелно со руската. Ниту пак асимилацијата би била успешна поради психолошките разлики. Голем дел од мнозинството набрзо ќе почувствува огорченост поради уништувањето на индивидуалноста, и селаните тврдоглаво ќе одбијат да бидат принудени да влезат во заеднички калап. Многу милиони од словенските и несловенските централно-источни Европејци би ѝ се спротивставиле на Русија и таа, исплашена од нивното незадоволство би можела да ги освои идните германски сојузници, би морала да го воспостави својот режим врз вое-



на сила, уништувајќи го отпорот преку драстични методи.

По војната од 1914 година, политичката револуција од 1919 година, потресот од големата економска криза и нацистичката инвазија, Подунавјето би станало сцена на конечна ликвидација на старите култури, на протерување на цело население, на насилна економска револуција која би го засенила сето она што Русија го претрпе во периодот 1917-1921 година. Првата светска војна заврши со исчезнување на погрешно водената Австро-унгарска Монархија. Втората светска војна би завршила со исчезнување на погрешно водените подунавски национални држави и Германија ќе продолжи да претставува опасност.

Мора да биде јасно дека Швеѓаните на север и Италијаните на југ не би сакале да бидат соседи на неизмерно проширена Руска Империја. Турците, кои ја земаат предвид независноста на балканските народи како основа за сопствената надворешна политика, би биле незадоволни доколку бидат ставени помеѓу два словенски шилци. Соочен со проширена Русија, остатокот од целиот континент би морал да бара заштита од сила која, преку својата централна позиција и бројчена надмоќ, преку организациските и техничките капацитети на своето население, преку својот индустриски капацитет и воена вештина е предодредена за овој регион. Таа сила е Германија. Или би постоеле пансловенски и пангермански блок спротивставени еден на друг или Германците би можеле преку етикетата „Советска Германија", да го користат своето лукавство и дарба за масовно организирање за да развијат за десет, дваесет или триесет години германско-руски блок. Против таквите единици на воена моќ, англиски говорните демократии, и над сè овој мал британски остров, уште еднаш би биле приморани на дефанзива. Тие никогаш не би можеле да се адаптираат на мирот и секое чувство на меѓународна безбедност сосема би отсуствувало. Не би требало да има сомнеж дека панславизмот или комунизмот во Централноисточна Европа се секогаш многу проблематични и противмерка на пангерманизмот.

Иако континенталните нации би можеле да ги мразат Германците и да се восхитуваат на борбените вештини на Русите, тие сè уште не би прифатиле руска доминација во Централно[источна Европа. Причините што придонесоа Советите да извршат инвазија врз западните соседи во 1939/1940 година сега се подобро сфатени во Британија. Се смета дека, поради тоа што владата на Чемблен[39] ѝ дозволи на Германија да се прошири кон исток, Русите не би требало да бидат обвинувани за тоа што, како реакција на ова, се проширија кон запад. На континентот, сепак, Русија е запаметена како агресор во тој период дури и во најискрените демократски и просојузнички кругови. Сугестиите во Британија за руска доминација имаа енормна пропагандистичка вредност за Германците и предизвикаа вознемиреност дури и помеѓу централноисточните европски сојузници во оваа држава. Тие реплицираат дека после сè тие не се борат да се ослободат себеси од странска хегемонија за потоа директно да бидат ставени под друга. Британија мора да внимава да не си дозволи да биде под влијание на оние што се енергични да ја убедат Русија да го преземе лидерството во Централноисточна Европа.

Сè до денес нема оправдување за сфаќањето дека Русија се залага за територијално проширување. Навистина, Русите го истакнуваат дефанзивниот карактер на својата војна и ниту едно искажување од нивна страна не индицира дека по завршувањето на војната Русија воопшто би го прифатила тоа лидерство. Договорот помеѓу Сталин и Сикорски[40] од 4 декември 1941 година, на пример, одредува „добрососедска“ соработка, пријателство и искрено заедничко по-читување на обврските што беа договорени од двете стра-

[39] Невил Чемблен (1869-1940), британски политичар од Конзервативната партија, премиер на Велика Британија во периодот помеѓу 1937 и 1940 година.

[40] Владислав Сикорски (1881-1943), полски политичар, министер на војската и премиер на полската влада во егзил.



ни. И г. Молотов,[41] говорејќи во Кремљ во врска со Англо-руските договор* (18 јуни 1942 година) истакна: „Ние немаме и не би можеле да имаме воени цели како придобивањето на странски територии или покорувањето на други народи“.

Покрај тоа, би можело да се претпостави дека по загубите кои се неспоредливи во светската историја, Русија ќе биде апсорбирана во сопствените проблеми. Таа прво ќе мора да се посвети на обнова на своите разорени територии. Со трансферот на индустријата и работниците за време на војната, стимулот за руското производство да се насочи кон исток би било, со сета веројатност, уште повеќе забележлив отколку претходно. Нејзиниот центар на гравитација би бил променет кон широките и сè уште неразвиени делови на Урал и Централна Азија. Да се оптоварат со задолженија во Централноисточна Европа, не би било разумно за Русите, освен ако на тој начин тие би ја зајакнале својата одбрана од Германците. Но, без Австрија и Судетските Планини не би постоела јасна и одбранбена граница, и постоењето на глазура составена од големо незадоволно население, кое малку веројатно би се спротивставило на идна германска агресија, би претставувало јалова одбрана за самата Русија. Таквото блиско соседство со Германија, исто така, би претставувало потешкотија за одбегнување на потенцијалната замка од лажна германска револуција, со помош на која германските милитаристи би можеле уште еднаш да се обидат да ги избегнат последиците од поразот. Русија има потреба од одбранбена граница на своето западно крило, и Централноисточна Европа би можела да ѝ го овозможи ова единствено доколку таа е силна, независна и пријателска. Меѓународниот поредок не би можел да биде замислен без Русија како еден од неговите поддржувачи; таа би морала да

[41] Вјачеслав Молотов (1890-1986), советски политичар и дипломат, министер за надворешни работи на СССР и еден од најблиските соработници на Јозеф Сталин.

* „Manchester Guardian“, 20 јуни 1942 година.

го задржи своето вистинско место како една од големите комплементарни сили на светот. По нападот од страна на двете милитаристички сили, Германија и Јапонија, беа намалени до апсурдност стравовите на Советска Русија од агресија од страна на капиталистичките сили и паралелните стравови за комунистички упад во тие држави. Исто така, треба да постои надеж дека „ѕидот на игнорирање и сомнеж“ кој ја опколуваше Русија во меѓувоениот период, ќе биде срушен. Јасен и добар договор за Централноисточна Европа помеѓу неа и англо-американските демократии е остварлив. Таквата согласност има примарно значење за спречување на повоениот хаос и поттикнување на миролубив и прогресивен развој во Централноисточна Европа.

. . .

Велика Британија ја презема врз себе обврската за ослободување на Европа од нацистичкото ропство и за заштитата на изобилната различност на нејзината цивилизација. Нејзина докажана цел е да ја запре деградацијата на христијанската етика и да ја штити западната рационална и хуманитарна традиција. Британија се бори за меѓународно добро однесување и почитување на слободата на малите нации, не само поради сожалување и витештво туку и од нужност. Отсекогаш бил јасен британскиот самоинтерес да го спречи освојувањето на Европа од страна на една копнена сила - прво тоа беше Шпанија, потоа Франција и во наше време, Германија.

Одамна помина времето кога Британија можеше да се потпре на традиционалниот баланс на силите на континентот. Исто така помина времето кога таа ја држеше во рамнотежа Европа играјќи ја улогата на тегот, бидејќи четирите големи континентални сили беа заменети со една или две единки со неизмерна големина. Наспроти воениот потенцијал на последните, британските острови не би можеле да се направат тие да бидат неосвоиви, и заеднички систем на одбрана со западните европски држави не би можел да овозможи сигурност. Мажино линијата заедно со



менталитетот „мажино“[42] не успеаја да овозможат заштита; морнарицата не беше во можност да ги одбрани државите бидејќи беше растегната по долгата континентална крајбрежна линија; ниту пак адаптирањето кон таа „друга Германија“ е практична политика, пред да започне неопходно постепениот процес за промена на германскиот национален карактер. Доколку, сепак, би можело да биде создаден синџир од слободољубивите помали сили на источниот германски раб од Полска до Грција и Турција, вкупно 130.000.000 луѓе, би била постигната многу моќна копнена комбинација. Британија, Западна и Централноисточна Европа заедно би го имале едностраниот баланс на поморската, воздушната и копнената моќ и известноста за заедничко дејствување со нивниот непосредно организиран отпор би дејствувале како најсилната возможна пречка против *furor teutonicus*[43].

Предуслови за градење заштита од германската агресија постојат единствено во Централна Европа, бидејќи за широките руски степи таа не претставува силна природна одбранбена линија. Австрија и Бохемија, двата бастиона, исто така го штитат Медитеранот и двата големи премина помеѓу Европа и Азија, така што ова област е од витален интерес не само за Британија и Русија туку и за Индија и Австралазија[44]. Според тоа, практичните интереси помеѓу

---

[42] Мажино линијата, именувана по францускиот министер за војна Андре Мажино, претставувала систем на бункери, бетонски барикади, ровови и распоред на вооружување кој бил создаден на границата помеѓу Франција и Германија како одбранбена мерка од повторување на настаните од Првата светска војна и повторна агресија од страна на Германија.

[43] Тевтонски бес. Латинска фраза која накратко ги објаснува жестокостите на Тевтонците, односно на германските племиња при нападите на Римската Империја.

[44] Австралазија е регион што припаѓа на Океанија и во својот состав ги опфаќа Австралија, Нов Зеланд, Нова Гвинеја

источните европски народи, Британскиот комонвелт и Русија, коинцидираат. Нивните стратешки потреби бараат обединета, просперитетна и политички силна Централно-источна Европа, додека големите континентални копнени сили, Франција и Германија, во своите повторливи напади на мегаломанија, посакуваат да ја видат Централноисточна Европа разединета и слаба. Доколку Британија сака да избегне повторно да ја игра по трет пат улогата која не е нејзин избор, доколку таа сака сигурност за европскиот мир, слобода и прогрес за генерациите, би требало да прифати политика на заемна помош и заедничка акција со централноисточните европски народи.

Британската јавност е, сепак, генерално воздржана да се заинтересира за надворешна политика во мирновремски услови и посакува колку што е можно помалку да се занимава со меѓународните прашања на централно-источните европски држави, таа е помалку од рамнодушна за обврски во тој дел. Дури и денес британската политика се воздржува од соочување со ова комплексно прашање, придржувајќи се сѐуште кон неинтервенционистичката традиција, долгото јаже[45] им е оставено на подунавските сојузници. Некои пријатели во Британија кои со благонаклонетост гледаат кон еден или кон друг од овие сојузници, би можеле да изведат задоволство од оваа состојба, но, сѐ додека секоја од ривалските подунавски нации, секоја група, има посебни застапници помеѓу Британците, конфликтните докази што произлегуваат од нив, едноставно ја поткрепуваат јавноста во нејзината намера „да остане надвор" од Централноисточна Европа. Сега, кога самоуништувачката природа на подунавската ул- и островите во непосредна близина.

[45] Во англискиот јазик фразата „much rope" означува состојба во која поединката или групата има слобода на избор при користењето на јажето, меѓутоа честопати означува и можност за самоубиство со бесење.



транацио-налистичка политика беше откриена, генерално и правилно се предвидува дека повторното воведување на отфрлениот преднацистички поредок со гаранции ќе резултира со разочарување. Само поради ова постои голема опасност дека народите во оваа држава ќе посакуваат да немаат ништо со „лудницата" Централноисточна Европа, и неинтервенизмот, така, на крајот би можел да преовлада. Веќе некои неинтервенционисти од десницата и некои интелектуалци од левицата, кои посакуваат да ја претворат победата на Обединетите нации во идеолошка победа, се согласуваат на решение по скратена постапка за Централ-наисточна Европа. Едноставните средства не успеаја во минатото: заемите од Лигата, откупот на „вишоците", миролубивата политика кон Германија. Но, откако Русија се вклучи, се говори: „Оставете ѝго тоа на Русија", како во годините што ѝ претходеа на војната кога се говореше „Оставете ѝ го тоа на Германија."*

[46] Лигата на народите.

* E. H. Carr, „Conditions of Peace", 1941 година, стр. 196/197: „Доколку државите од Источна Европа сакаат да се ослободат себеси од доминацијата на Германија, есенцијално е за нив да дејствуваат во тесна и доброволна соработка со Советска Русија и да резервираат за Русија одлучувачка улога во евентуалната организација во тој регион постоеше одамна ќе беше неопходно за интересот на Европа и на човештвото таа да се создаде.". Истиот автор во „International Relations since the Peace Treaties", 1937 година, (второ издание 1940 година, стр. 136-139) за шемата за австро-германска царинска унија:

„Ноторно е дека царинската унија помеѓу голема и мала сила неминовно доведува до политичка доминација на првата врз втората. Доколку шемата биде реализирана, независноста на Австрија ќе стане мит. Покрај тоа, Чехословачка, чиишто основни пазари беа Германија и Австрија, едвај би си дозволила да остане надвор од унијата. Другите подунавски држави би можеле да следуваат; и Германија би осигурала економска, и на крајот политичка, контрола врз Подунавскиот басен... Ниту шемата сама по себе ниту нејзиното проширување врз другите сили би биле штетни за британските интереси".

Денес, кога растојанието е совладано од науката, Британија не би можела да се изолира себеси. Залудната надеж дека таа би можела да си ги измие рацете од Централноисточна Европа, секогаш водеше до погрешни пресметки и неподготвеност. Заради неизбежните географски и стратешки факти, интервенцијата е неминовна, како што се покажа со оваа Втора светска војна, во која Британија треба да се бори за опстанок.

Британија не би можела повеќе да остане на линијата на помал отпор во Централноисточна Европа. Постојано игнорирајќи го фактот дека подунавските земји се испреплетени политички и економски, таа не би можела да се врати на поддршката на дискредитираните и непостоечки национални држави базирани врз апстрактни теории за суверенитет. Таа не би можела да се потпре врз некои одбрани сојузници кои ги фаворизира, со тоа проширувајќи ја потпората на екстремистите на секоја страна од завојуваните држави. Ниту пак може да дозволи оваа област да стане „сфера на интерес" на која било континентална сила, дури ниту на Русија - која во никој случај не имплицира потценување на улогата која последната треба да ја игра. Британија мора да пронајде друг начин на фаворизирање и пократок пат. Тоа што Палацки,[47] чешкиот државник и историчар од деветнаесеттиот век го кажа за Австриската Империја - мислејќи на супернационална сила - држи повеќе од кога било: „Доколку таа не постоеше одамна ќе беше неопходно за интересот на Европа и на човештвото таа да се создаде". Таква централноисточна европска сила ја овозможува единствената гаранција дека жителите на Подунавјето,

[47] Франтишек Палацки (1798-1876), чешки историчар и политичар, еден од најистакнатите претставници на чешката преродба, честопати именуван како „татко на нацијата".



Полјаците и балканските народи ќе пронајдат услови запристојно живеење; дека Германија би можела да биде натерана да се одрече од агресијата и да стане конструктивен член на европското семејство на нациите. Без оваа далекувидна и реалистична цел, семето на новите кризи ќе биде посеано. Поради очигледни причини централноисточните европски народи не би биле во можност да создадат вистински и толерантен поредок. Велика Британија мора, според тоа, да им даде насока. Тоа е цената што таа мора да ја плати за зачувувањето на европскиот мир.

За да се биде сигурен, ова не би можело да се постигне само од страна на Британија, сѐ зависи од англо-американската соработка. Тоа е уникатното значење на Атлантската повелба каде што Рузвелт ги поддржа можностите за соработка во однос на промените по војната. И сѐ додека САД се во војна, тие се залагаат не само да се добие војната туку, исто така и мирот: „Ние мора да ја започнеме големата задача која лежи пред нас со напуштање еднаш засекогаш на илузиите дека ние кога било повторно ќе се изолираме од остатокот на човештвото". (Рузвелт, 10 декември 1942).

Сѐ до сега, американската јавност имаше аверзија кон европските нестабилности, не сакајќи да прифати дел од одговорноста за зачувување на мирот со влегување во определни обврски. Нема сомневање, силите на изолационизмот сѐ уште се многу јаки во САД. Демократската и Републиканската партија се поделени меѓу поранешните изолационисти, кои сега го трошат своето време, и оние што ја прифаќаат „обврската да помогнат во меѓусебното разбирање, пристојност и соработка меѓу нациите во светот".* Сепак она што му сѐ случи на Вилсон, тешко дека може да се повтори. Може да има реакција од изолационис-

* Резолуција усвоена од републиканскиот национален комитет на 21 април 1942 година („Манчестер Гардијан", 22 април 1942).

тите по војната, но нивните шанси се многу помали отколку што беа во 1919 година. Америка по втор пат интервенираше во војна која почна во Централна Европа. Нејзините водечки државници знаат дека склоноста да се доминира тешко ќе умре на континентот и дека неговата поделба на „сфери на влијание“ мора да води кон нови војни. Малку е веројатно дека таа би сакала да не се интересира за иднината на Европа или да си дозволи да се исклучи од мировнот процес.

На Америка ќе падне лавовскиот удел во собирањето и транспортирањето на храна за да ги спасат наци окупираните држави од глад во првите месеци по војната. Таа, исто така во голема мера, ќе биде обврзана да обезбеди капи-тална и материјална помош за економската обнова. Ако го направи сето ова, таа би сакала да види за што се употребени нејзините средства, и со добра причина, затоа што, тие може да бидат погрешно употребени за автархиски цели. Американските државници се залагаат најмногу за слободна меѓународна трговија, толку неодминлива потреба во Централно источна Европа. Јасноста на американското расудување за оваа работа се покажува во зборовите на Вендел Вилки: „Самозадоволството во светот денес е пат кон тоталитаризам“. Во ваа смисла, американската помош оди над материјалната корист.

И покрај тоа што Америка нема историски врски со народите на Подунавјето, постојат многу силни човечки и културни врски меѓу нив.

Бројот на Американците со подунавско потекло брои милиони, скоро секоја подунавска фамилија има роднини во Америка и тие во најголем дел одржуваат контакти еден со друг. Придонесот на Америка на солидно знаење и точни инфрмации за овој дел од Европа, не можат да се изостават. Велика Британија и САД мора да ја задржат и енергично да го засилат лидерството што тие го добија во војната, за одговорноста од обезбедување на добра влада во рацете на победниците. Тие се компетентни за изнаоѓање решение за Централноисточна Европа над националните конфликти на партизација.



рацете на победниците. Тие се компетентни за изнаоѓање решение за Централноисточна Европа над националните конфликти на партизација. Англо-американскиот свет стои доволно далеку над кавгите за да ги види работите како целина, да ги сфати основите на ситуацијата и да ги остави неважните работи настрана. Британија и САД беа во ситуација да дејствуваат на начин кој е поволен за сите централноисточни европски народи. Тие не треба, со цел да добијат нешто, да ги предизвикуваат другите. Нивниот политички гениј, што беше мешавина од идеалистичко и рационално мислење, е потребен наместо некои „доктрини“ или утописки програми со неостварливи цели. Во нивна моќ е многу да се подобри положбата на подунавските народи со организирање на работите, сега така што тие би требало да се очекуваат како ослободители од сите нив.

Никаде на континентот Британците и Американците немаат подобри пријатели отколку во Подунавјето, овие народи се најголемите англофили во Европа. Чувствувајќи дека двете најголеми англиски говорни демократии, секоја посебно, го отфрла законот на силата и потчинувајќи ги политиките на моралните принципи, тие гледаат на Лондон и Вашингтон, надевајќи се и покрај сè, дека ова ним ќе им даде водство.Тие знаат дека нема никаква намера за домина-ција и лесно и со задоволство ќе го следат англо-американското водство.

Денес, подунавските народи знаат дека нивните контроверзии ја прикриваат нивната заедничка опасност и тие го знаат вистинското значење на тиранијата. Со германското угнетување, процесот на израмнување се стави во движење што може да го промени проблемот комплетно. Малку по малку, намалувањето на судирот и терањето на малите нации да бидат заедно, може да создададат ново чувство на солидарност и спремност за соработка. Сега, кога подунавските народи дознаа едни по други дека надмоќноста

не е ништо друго туку само кратка политичка предност, нема да биде тешко да го сфатат вистинскиот идентитет на нивните витални интереси. Големите центрипетални сили може да бидат скриени во Подунавјето чекајќи да бидат искористени. Тоа би бил неимагинативен став кој ќе се воздржи од користење на ова сегашно вкрстување.

Честите изрази на сомневања се дали подунавските народи имаат тенденција за демократија и дали парламентарните и демократските институции можат да работат таму. Едноставно, овие луѓе немале можност да созреат политички. Во времето кога Англичаните долго беа господари на својата судбина, подунавските народи сè уште се бореа против освојувачите. Во согласност со овој стрес, мораа да прибегнат кон континуирани мерки кои се штетни за слободен, демократски развој. Во модерната ера на национализмот, државните приходи и енергии од сите пропорции сè уште се посветени на националната безбедност. Онаму каде што е можнадемократијата, во работите како социјални реформи и работи, Австријците и Чесите, на пример, имаат постигнато впечатливи резултати. Но странските проблеми на подунавските народи беа решени зад нивниот грб, прејудицирајќи, исто така, многу домашни проблеми. И подоцна, во 1919 година, на париските договори, во 1938 на аншлусот и одлуката во Минхен, Хитлеровите „награди", и сега во договорот за конфедерација на централноисточните европски влади, засегнатата јавност едвај погледна на тоа.

Неспорно, образованите класи долго беа во една неизбалансирана состојба на умот и склони кон екстремизам, но не толку и простиот човек. Селаните и работниците звучеа сосема различно. Националните нетрпеливости не беа ниту длабоки и ниту толку доминантни како што сè изгледа од жестоката расправа на претставниците на националистите и агитаторите чии доктрини за националната сувереност тие никогаш не ги делеа. Сè што сакаа тие е мир и работа. Исто така, беа далеку да бидат некритични



кон своите лидери, како оние што беа во Германија. Секогаш во Подунавјето имаше голем дел што мислеше умерено, но вистинските демократски лидери немаа шанса против себичните малцинства поддржани од ривалските европски големи сили, или, каде што аристократските карактери, како оној на Дик и Масарик успеаја во самопотврдувањето, но нивното влијание не траеше долго. По децении на неспособност и фрустрации, луѓето што размислуваа умерено станаа дезорганизирани, нерасположени и мирни.

Овие луѓе што размислувале умерено, мора да се соберат и да им се даде помошта што ја заслужуваат, затоа во своите редови треба да имаат искрени и остроумни мажи кои не се опседнати со поклопување на целите и барањата, луѓе кои се водени од уверувањето дека за да преживеат централноисточните европските нации тие мора да живеат во пријателство. Само умерените, бранителите на цврстиот национализам, може да се очекува да ја образуваат подунавската јавност за потребите за иднината и да ги предводат своите народи над она за што тие живеат сега.

Под такво влијание, Чесите ќе си постават себеси, како што очекуваат нивните пријатели, највисоки стандарди за своите национални цели. Тие ќе сфатат дека сојуз со Запад или со Словените на исток не е доволен за да се пополни важна положба поради нив во Подунавјето. Со својата најдобра демократска и хуманистичка традиција, Тие мора да воспостават добри односи со другите подунавски народи. Австријците, кои со своето искуство работеа на чудото за воскреснување на австрискиот патриотизам, ќе живеат со духот на нивниот народ. Во природните заедници на Подунавјето тие би можеле да ја негуваат уметноста, книжевноста и науката, помагајќи да се обнови радоста на животот. Србите, тие нескротливи борци за слобода, ќе сфатат дека ниту во Голема Србија, дури ниту во Југославија можат да ја

зачуваат својата слобода. И покрај тоа што тоа може да бара самоодрекување и великодушност, тие ќе треба да го чуваат пријателството не само со Хрватите, туку со сите подунавски и балкански народи. Со ова сами обезбедуваат цврста гаранција за сопствената иднина. Унгарците, кои во еден период од европската историја беа главните бранители на христијанската кауза, ќе сфатат дека да се посветат на внатрешните реформи е многу подостоинствен излез за нивниот патриотизам отколку наметнување на нивните желби на другите народи. Во својата земја на обилна плодност, и Романците конечно ќе работат за напредок на селското население. Луѓето со добра волја мора да се обединат од сите сфери, спремни да направат вистинско жртвување, што значи, отстапување од „да се биде во право“ во очекување на разликите. Ако опстојат на кажаното, може да има надеж дека неодговорните политики ќе бидат напуштени и ќе се преземе храбра акција со умерена завршница. Тогаш демократијата за прв пат има шанса во Централноисточна Европа.

Тоа нема да биде брз напредок. Централноисточните европски народи само постепено ќе се здобијат со поширок видик и нов дух. Нивните малограѓански погледи мора да се надминат и тие мора да се ослободат од многу вкоренети заблуди: нивното познавање на политичките проблеми изведени од историјата, посебно припремени за нив, и нивната концепција за економијата земена од гледна точка на автархијата. Различните нации мора да знаат дека нивните интереси не се, како што им се презентираат, спротивставени, но повеќе слични. Во школите, кои се колевки на жестокиот национализам, мора да се исчисти учителската професија од ултранационалистичките елементи; мора да се воведатнови и координирани училишни учебници. Новите генерации мора да се образуваат да бидат водени од реално-



стите, неоптоварени со чувства. Треба да им се вреже лојалност не само кон сопствената нација туку и кон централноисточното европско и над тоа, кон светското општество.

Ќе поминат години пред почитувањето на достоинството на поединците и за национална слобода ќе биде добро воспоставена во нерасна обединета Централноисточна Европа, сè додека заедничките принципи и идеали не креираат братство помеѓу нациите и еднаквоста и толеранцијата станат факти. Кога новиот човек со карактер и интелект ќе дојде до израз, ослободен од повлеченост и предрасуди и со храброст за личните уверувања, тогаш ќе може да се избере колективно раководство од сите централноисточни народи. Сè дотогаш, да бидеме на чисто со тоа, иднината на цивилизирана Централноисточна Европа ќе зависи од англо-американскиот свет. Дали Велика Британија и Соединетите Американски Држави ќе можат да сфатат дека без овие нации Европа нема да биде Европа? Дали тие можат и сакаат да дадат насоки кон духот на неконвенционални промени?

Велика Британија и Соединетите Американски Државви мора да се одлучат дека тоа треба да биде направено и тогаш тие ќе го видат тоа директно. Ако со ефективна сила зад нивната политика тие вршат силно влијание во Централноисточна Европа, тогаш политиката на овие земји може да се управува во посигурен правец и борбата против заостанатоста и непотребната сиромаштија треба да сеземе предвид. Со оваа интервенција англо-американскиот свет ќе стави крај на постојаните европски кавги и ќе го чува мирот што не може да се зачува со изолација. Од двата начина на живот, демократски или тоталитаризам, сега во игра, слободата ќе извојува победа. Ќе се отворат големи можности за нациите на Подунавјето, такви какви што тие дотогаш не познавале.

---

PRO FO 371/33134 R 6423/43/67

## 2

## БЕЛЕШКИ ОД ЕКСПЕРТИТЕ НА ФОРИН ОФИС ВО ОДНОС НА СТУДИЈАТА НА ЛЕО ГЕСТЕТНЕР „ИДНИНАТА НА НАЦИИТЕ ВОПОДУНАВЈЕТО“, 21 јули 1942

Мислам дека ова на свој начин претставува многу импресивен документ. Во основа г. Гестетнер верува дека единствена остварлива конфедерација на исток од Европа ќе биде онаа составена од Чехословачка и Австрија, како и Романија, Југославија и Унгарија. Со други зборови, тој навистина се залага за повторно создавање на нешто како старата Австро-унгарска Империја. Затоа тој е против предложената полско-чешка конфедерација и уште повеќе против обидот да влезат во конфедерација Полјаци, Чеси, Унгарци и Словаци.

Економски, многу од неговите аргументи изгледаат разумни. Многу поголема ќе биде веројатноста предложениот блок да функционира ефикасно ако и двете, австриската и чешката индустрија, бидат во него и под исти услови. Не може да се негира дека сѐ додека Австрија припаѓа на Обединетата империја, позицијата на Чехословачка во секој случај ќе биде стратегиски неодржлива. Уште повеќе, сигурно е дека Австрија ќе сака да се огради од Рајхот на крајот од оваа војна и дури чешката колебливост во однос на Австрија да биде дел од конфедерацијата може да биде модифицирано ако јасно се стави на знаење дека Виена нема да биде главен град. Дали има нешто во идејата дека Братислава може да се биде нешто како „Областа Колумбија“ во која средната европска конфедерација може да има свој парламент и претседател.



5 август 1942

/...[48]

Документот на г. Гестетнер ме восхити како сосема компетентна презентација на случајот за реставрација на политичката единица толку слична на старата Австро-унгарска Империја. Би се согласил со него дека од гледна точка на британскиот интерес и европската безбедност колапсот на Австро-унгарската Империја беше голема несреќа. Сигурно дека ќе има економски и дури и политички предности во нејзиното пресоздавање во форма на подунавска федерација. Во теорија, таквото решение веројатно би било најдобро од многуте алтернативни решенија на кои би требало да сметаме.

Но ако го напуштиме доменот на шематските планови во корист на практичната политика, се плашам дека гледам мала надеж за реализирање на планот на г. Гестетнер. Многу е добро да се каже дека нема да има одмаздништки мир во тој дел на светот и да се залагаат за еднаквост во третманот за сојузничките и непријателите. Но мене ми се чини дека не се поставува прашањето да се најде решение што би ја оставило индустриската, а со тоа и политичката сила во рацете на три члена на федерацијата, две од кои, Австрија и Унгарија, ќе бидат поранешни непријатели, додека Југословените и Романците да останат чисто земјоделски и поради тоа подредени. Ниту пак ме погоди предлогот за можностите во однос на Полска. Изгледа дека идејата е Полска да се остави помалку или повеќе самата на себе со нејзино проширување кон балканските држави. Меѓутоа, ние знаеме дека Русите ќе спречат какво било проширување и исто така имаат намера да земат половина од предвоена Полска. Тоа сигурно би ја оставило Полска крајно ослабена без никакви специјални

[48] Потпис нечиток.

врски со државите на југ од неа.

Има многу тешкотии и економски и политички за полско-чешката и грчко-југословенската федерација. Но барем нивните темели постојат и ми се чини дека е многу попаметно да се обиде да се гради врз основа на овие темели отколку да се гради многу поамбициозна подунавска федерација составена врз еднакви основи од поранешните сојузници и поранешните непријатели. Претпоставувам дека нашата цел е главно да изградиме некоја единица потенцијално способна да ја држи Германија под контрола со помош на големите сили. Полско-чешката конфедерација е потенцијално способна да ја исполни оваа цел и во однос на индустрискиот потенцијал, човечката моќ и желбата да се бори. Ако ова се прошири и ја вклучи Унгарија, оваа поранешна непријателска земја би била релативно мал член на федерацијата и на крајот не мора да биде прогермански елемент. Меѓутоа, ако го следиме г. Гестетнер и ако се земат Чехословачка, Австрија и Унгарија како јадро на новата единица, Чесите бројчено ќе бидат безнадежно помногубројни и неизбежниот резултат ќе биде враќање на германската доминација во подунавската област.

Сигурно дека позицијата на Австрија е клучниот проблем. Не беа преземени никакви одлуки во однос на ова и моето чувство е дека Австрија нема и не би била добро пречекана од нашите сојузници во која било идна федерација во тој дел од светот. Исто така, мислам дека Австријците нема многу да сакаат да го поништат аншлусот, но дека би било неопходно за нас од стратегиски причини да се пресоздаде независна Австрија и да се обидиме да направиме од неа еден вид Швајцарија.

Да заклучам. Мислам дека треба да запаметиме дека најдобар е непријателот на доброто. Мора да ја запаметиме горчината на расните чувства кои ќе постојат по војната. Ние би требало да настојуваме да градиме врз она што го имаме т.е. постоечките планови за конфедерации и над сè на



нашите словенски сојузници отколку на сомнителни елементи како Австрија, Унгарија и Романија.

Џ. К. Робертс,
10 август 1942

Основната забелешка на предлогот на г. Гестетнер се чини е дека, додека тој прави грижливи одредби за подунавските земји во кои сигурно има посебен интерес, тие практично ги игнорираат другите земји на Источна Европа – Полска на север и Грција и Бугарија на југ, кои се оставени во рамките на оваа шема изолирани и напуштени.

Јужните граници на предложената подунавска конфедерација се поединечно нелогични. На пример, Романија е вклучена, а Бугарија е исклучена и сепак не претставува дел од Австро-унгарската Империја, а и двете се неспорно подунавски држави. Исто така, Србија е вклучена, иако таа не е ниту подунавска земја ниту е дел од Австро-унгарската Империја, и уште Албанија, која исто така има барања, е исклучена.

На југ од неговата предложена федерација г. Гестетнер ја остава балканската група составена од Албанија, Грција, Бугарија и можеби Турција. Таква група не би била ниту географска, економска ниту стратегиска целина. Меѓутоа, таа може да биде комплетирана со додавање на Србија и не сум сигурен дека некои договори на овие линии може нема да бидат најдоброто решение за да ги реши проблемите на Југославија: Србија да ѝ се приклучи на балканска федерација и Хрватска и Словенија да ѝ се приклучат на воскреснатата Австро-унгарска Империја.

Би било корисно да им се достави меморандумот на г. Гестетнер на нашите економски експерти, кои и да се тие, бидејќи многу од неговите заклучоци зависат од економските аргументи. Може ли е/кономскиот/ и и/стражувачкиот/ оддел да дадат свој совет? Иако ова е малку задоцнето, поднесувам нацрт-одговор.

16 септември 1942
Роуз

PRO FO 371/33134R 4813/43/67

## 3

## ПИСМО ОД ЛЕО ГЕСТЕТНЕР ДО ЗАМЕНИК-СЕКРЕТАРОТ НА ДРЖАВАТА, 21 јули 1942

3 Highgate, North Hill,
Highgate, London N. 6
21 јули 1942

Заменик-секретарот на државата
Форин офис
Лондон, С. В. 1

Бр. X 7440/61/67

Господине,

Направени се предлози во однос на формирањето на два конфедеративни блока во Централна и Југоисточна Европа. Овие предлози ја исклучуваат подунавската федерација, чие формирање е спречено во Австро-унгарската Монархија со дуалистичкиот систем во повоениот период со ултранационалистичките елементи кои се во сојуз со оние што профитирале од економскиот национализам во сите подунавски земји.

Една од аномалиите изведени од подунавскиот економ-ски национализам беше дека информациите што доаѓаат до Британија за земјите претежно со индустриски карактер, се добиени од земјоделски извори; извештаите за земјите со претежно земјоделски карактер доаѓаат од индустријалците. Како резултат на овасе вкоренија овде заблуди, кои подоцна водеа кон сериозни погрешни проценки за кризата во овие



земји.

Водејќи политика на земјоделска самоодржливост финансиски потпомогната со заеми, австриската влада вознемирено ги избегнува дискусиите за проблемот на кризните индустрии и поради тоа не успеа да истакне дека, со должно потенцирање, царинската унија со Германија нема да ја спаси оваа индустрија. Така се случи што австро-германската царинска унија, зацртана 1931 година, дури и по нејзиното напуштање, сè уште има многу влијателни поддржувачи во Британија. (Спореди Е. Х. Кар, „Меѓународните односи од мировните договори“, второ издание, стр. 136-139, со моето писмо во „Економист“, 16 април 1938, стр. 142).

Чехословачката политика на земјоделска самоодржливост водеше кон криза во индустрискиот судетски регион – сосема независно од неискрениот став на Рајхот. Меѓутоа, земјоделската политика што произлегува од извештајот на лорд Рунциман, никогаш не беше сфатен дека беше главната причина за падот на Судетите, така што лекот се виде во отстапување на Германија.

Ниту пак беше општо прифатено дека купувањето на „вишокот“ од Југославија, Унгарија и Романија, на што постојано се повикуваше во Британија, ќе им помогне само на индустријалците таму да се здобијат со слободна размена за да купат прекуморски суровини. Можноста да ѝ се даде помош на Југоисточна Европа со укажување за неопходни земјоделски реформи и унапредувања, беше испуштена и Германците можеа да го реализираат преку нивните лажни трговски договори.

Во јунскиот број на „Деветнаесетти век“, уредникот истакнува многу соодветно: „Неизвесно е дали дури Полјаците и Чесите кога било ќе бидат во можност да федерираат, затоа што тие, иако нивните држави стојат или паѓаат една од друга, тие двете се два различни света! Но до денес целосно се игнорира до кој степен Полско-чехословачкиот договор, како и предлогот за централноевропска и балканска

конфедерација се поттикнати со екстремен национализам, политички и економски, настојувајќи да се спречи подунавската федерација. Ниту се сфати колку многу овие избрзани чекори ѝ помогнаа на Германија да ги искористи конфликтите меѓу централно и југоисточните европски нации, и веројатно, дури да ги унапреди нивните шанси за патпозиција. Сега, кога Атлантската повелба и Англо-руският договор обезбедуваат рамка за европска реконструкција, постојат предуслови за добар план кој може да се реализира веднаш за прекин на борбите. Уште повеќе силна и ефективна пропаганда може да се насочи кон Централна и Југоисточна Европа. Таму каде што има во моментот херојски, но бескорисни индивидуални жртви и општо незадоволство на дел од подунавското население, тогаш таму може да има отворено непријателство во една област за чии суровини и работна рака германските воени напори се толку многу зависни.

Осврнувајќи се на говорот на висконтот Краборн во Куќата на лордовите на 2 јуни 1942 година, во кој тој нагласи дека според аспектот на некои од „луѓето во оваа земја кои направиле студија за предметот", си земам слобода да поднесам некои делови од мојата студија „Иднината на нациите во Подунавието".

Со почит,
Лео Гестетнер

PROFO 371/33134 R 4813/43/67

---

## 4

## ТЕЛЕГРАМА ОД ДАГЛАС ХАУАРД ДО ЏОРЏ РЕНДЕЛ, 17 октомври 1942

ФОРИН ОФИС, S. W. 1
17 октомври 1942
(R 6755/43/92)



Почитуван Џорџ,

Благодарам многу за твоето писмо CO. 320 од 9 октомври за грчко-југословенскиот состанок од 25 септември. Договорот е охрабрувачки чекор кон реализација на предложената грчко-југословенска федерација и сметаме дека на двете влади треба да им се честита.

Како што истакнуваш, член 4 е од особена важност. Во ова ние сме наклонети да ја видиме раката на Нинчиќ, кој, без сомневање, чувствува дека е разумно да се стави таква одредба со цел да ги смири сомнителните Руси. Се сложуваме дека во практика тоа резултира со одбивање на Грците и Југословените да направат какви било договори со Романија или Полска сè додека нивните граници со Русија не бидат фиксирани. Ова е нормално сè додека се однесува на Романија, но ние се плашиме дека тоа ќе ги навреди Полјаците ако тие слушнат дека грчката и југословенската влада се согласиле да ги отстранат нив на овој начин, што после сè, не е нивна грешка. Меѓутоа, за среќа, договорот ќе треба да се чува во тајност и се надеваме дека ова ќе обезбеди Полјаците да не слушнат за тоа.

Со почит,
Даглас Хауард

Џ. В. Рендел Esq. C. M. G.
PROFO 371/33134 R 6755/43/92

---

## 5

## ТЕЛЕГРАМА ОД СЕР НАЧБУЛ ХАГЕСЕН, ОД АНГОРА[50] ДО СЕР ОРМЕ САРЏЕНТ, 10 ноември 1942

(236/66/42) Британска амбасада, Ангора
10 ноември 1942

ТАЈНО

R 9/12

Почитуван Молеј,

Ќе се сетиш дека, како што е наведено во мојата телеграма бр. 2743 од 21 ноември минатата година, Сарачоглу ми говореше за конкретни приоѓања кон него од страна на балкански политичари за учество на Турција во некаков вид дефанзивна комбинација на балканските држави по војната. Приложувам копија од таа телеграма. Предлозите беа неодредени и во зародиш, но мене ми изгледаа важни заради тоа што го ставаа прашањето на маса.

2. Во врска со ова не слушнав ништо сè до минатата недела. Сарачоглу вечераше тет-а-тет со мене на 7 ноември и јас го прашав дали нешто ново се случило. Тој ми кажа дека од неодамна овие приоѓања добиле на интензитет, особено од Унгарија и исто така од Романија. Тоа што тој го кажа кај мене остави впечаток дека Балканот има тенденција сè повеќе и повеќе да гледа кон Турција како кон консолидирачки фактор во неговото повоено уредување. Тој ми кажа дека генерал Антонеску[51] бил особено активен по ова прашање. (Случајно тој искажа убедување дека Антонеску во срцето бил нелојален на Хитлер и ми кажа дека Хитлер барал адекватна замена за него). Тој рече дека до него немало приоѓање од страна на Бугарија.

3. На 9 ноември јас го покренав прашањето пред Нуман. Нуман беше помалку јасен. Тој рече дека имало во помал обем од страна на Унгарија, но дека одредени нејасни сугестии биле направени од страна на Романија. И двајцата

[51] Јон Антонеску (1882-1946), романски политичар, премиер на Романија за време на Втората светска војна и сојузник на Адолф Хитлер.



Антонеску[51] имале свој удел. Линијата што била заземена се состоела во тоа Романија, иако во војна со Русија, не сакала во целост да ги загуби своите врски со Велика Британија и Соединетите Држави. Таа сфатила дека не може во овој момент да ги вовлече Турците во конверзации и шеми за иднината, но таа гледала напред кон времето кога ова би било возможно и чувствувала дека Турција би можела да ја има водечката улога во идната балканска комбинација. Романија била подготвена за секоја форма на разбирање дури и до степен на „фузија“.

4. Нуман продолжи да зборува опширно за важната улога која Турција би можела да ја игра во содејството со нас во Југоисточна Европа по војната. Тој мисли дека Турција би можела да биде голем фактор во нашата политика. Тој спомна дека постоела сугестија, од страна на Русија, за заедничка граница со Чехословачка; Нуман рече „низ Словенија“, но јас претпоставувам дека мислеше низ Рутенија. Во секој случај, тој додаде дека доколку ова се прошири во поширока комбинација во која би биле вклучени повеќе јужнословенски држави, тоа би претставувала примена на јужнословенската политика за која се залагаше Петар Велики[52]. Тој беше убеден дека толку голем јужнословенски блок во Југоисточна Европа не би бил во согласност со нашите вистински интереси и дека ние би требало да преферираме да работиме на линијата за

[51] Се однесува на Јон и Михај Антонеску. Михај Антонеску (1904-1946), романски политичар и министер за надворешни работи на Романија во перидот на Втората светска војна, не бил во родно сродство со Јон Антонеску.

[52] Петар Велики (1672-1725), руски император кој во периодот на неговото владеење раководел со процес на реформи што довеле до модернизација на Руската Империја. Во неговата политика на експанзионизам постоел и сегмент што ги опфаќал словенските народи на Балканот, односно нивно ослободување од Отоманската Империја со помош на Русија.

создавање на балканска федерација која би била предводена од Турција и која во својот состав би ја имала Грција како противтежа на словенскиот елемент.

5. Мене ми изгледа дека тоа што го кажаа обајцата, Сарачоглу и Нуман, е да покажат колку екстремно важна би можела да биде Турција за нас како соработник за балканските прашања по војната. Без да се допре прашањето за можностите за руска доминација во овој дел од светот, сметам дека е аксиоматски ние да не дозволиме руска надмоќ во блискоисточна Европа и поради таа причина мене ми изгледа неопходно да ја култивираме и поддржиме Турција. Со балканските држави кои веќе ја гледаат Турција како некој вид лидер и со Турција како наш сојузник, изгледа дека ние би можеле да добиеме сè преку искористувањето на предноста за соработка со Турција и од нејзината стожерна позиција во овој дел од светот. Ниту пак не изгледа неминовно дека таквата политика од наша страна на крајот ќе нè донесе директно во конфликт со Русија. Турција, после сè, е наш сојузник како и Русија, и треба да биде возможно да направиме капитал од ова, иако очигледно работата е деликатна.

6. Како дополнување на овие поишироки размислувања за фундаменталната политика што треба да се следи, постои уште една многу поитна, не само за зајакнување на нашите врски со Турција туку и давањето на Турција некаква активна важност во развојот на овој дел од светот и играњето на некаква улога во соработката со нас која, доколку би можел така да се изразам, би го направило англиско-турскиот сојуз помалку „летаргичен" отколку што беше досега. Им кажав и на Сарачоглу и на Нуман дека ние, исто така, имаме наши идеи за идното организирање на Балканот. Го имав предвид Вашиот меморандум од 1 јуни (Доверлива копија, 1 јуни, Секција I). Јас кажав дека мене ми изгледа корисно доколку би можеле да направиме размена на мислења и информации на оваа тема. Нуман повеќе пристапи кон ова. Се разбира, јас тоа го кажав сосема лично, но сметам дека постои многу што би можело да се каже во врска со тоа до извесна граница, како што е наведено погоре, да ѝ се даде на Турција активен интерес на наша страна и делумно да останеме во близок контакт со турската влада во однос на кои било идни придобивки кои Балканот би можел да ги направи за нив. Доколку Вие не сте поборник за ова, јас би можел или да не кажам ништо повеќе или да испратам некој многу општ одговор во смисла дека ние природно гледаме кон иднината и разгледуваме какво економско или дефанзивно организирање би било практично за помалите држави кои инаку би биле оставени на милост и немилост од агресија од поголемите држави, но дека ние во моментот немаме многу конкретни идеи.

7. Од друга страна, доколку Вие сметате дека е добро да се надоврземе, јас би можел на Нуман да му дадам образложение, вербално доколку е неопходно, базирано врз параграфите 5, 6, 9 и 13 од Вашиот меморандум.

8. Веројатно, ова требаше да ја обликува темата во една официјална депеша, но полесно е да се справиме со неа преку приватно писмо и прашањето е, јасно, во една хипотетичка фаза. Сепак Вие можеби сметате дека е препорачливо да ми испратите официјален одговор во однос на тоа дали да ја поддржам оваа размена на мислења и што би можел да кажам.

Со почит,
Начбул Хагесен

Сер Орме Сарџент М. Ц. М. Г. Ц. Б.
Форин Офис
Лондон S. W. 1

PRO FO 371/33134 R 8417/43/67

## 6

## ПИСМО ОД ПРОФЕСОРОТ ЛАФАН, ОД СЛУЖБАТА ЗА НАДВОРЕШНИ ИСТРАЖУВАЊА И ПЕЧАТ, ДО РОУЗ, 5 декември 1942

КРАЛСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
Служба за надворешни истражувања и печат
Балиол колеџ, Оксфорд

5 декември 1942

Почитуван Роуз,

Во прилог го враќам извештајот Иднината на подунавските народи од Гестетнер, за кој побаравте коментари од нашиот економски експерт. Се плашам дека го држев предолго. Причината е во тоа што, додека неекономските експерти до кои беше испратен сметаа дека, иако на некои места беше чуден и преувеличувачки, документот во целост е стабилен и разумен. Фишер, нашиот економски првенец, сепак, го врати со жестоки критики; критики кои на Макартни и на мене ни изгледаа претерани, па го повикавме Фишер на состанок во врска со темата. Поминаа скоро две недели од одржувањето на состанокот. Фишер, во целост, се држеше на неговите ставови, но се согласи да ги модифицира точките.

Ги приложувам споменатите критики на Фишер.

Мене ми изгледа (како и што му изгледаше на поширокиот комитет кој вчера се сретна за да го разгледа трудот на Фишер кој беше на истата тема како оној на Гестетнер) дека Фишер е толку опседнат од потребата за нагласување на виталната потреба на Подунавјето за економски односи со надворешниот свет, што тој не би ги признал предностите од создавањето на единствена економска зона во Подунавје-



то. Првата страница од приложените критики, сепак, содржи во голема мерка негов умерен исказ за неговата позиција, отколку претходните критики. Во текот на работата на комитетот тој ги сумираше неговите мислења на следниот остар и брз начин. Тој рече дека доколку земеме 10 како приход на Подунавјето, тоа би можело да се зголеми по икс години на 11 во подунавската унија, на 13 преку задоволувачки економски односи со западниот свет, на 16 доколку се реализираат двете.

Искрено Ваш,
Р. Лафан

Г. Роуз,
Форин офис,
S. W. 1

---

Коментари за иднината на нациите во подунавскиот регион.

1. Овој труд претставува силна молба за еден вид подунавска федерација или конфедерација, со образложение дека таква организација би им донела голема економска корист на земјите во прашање. Во рамките на овие редови може да произлезе цврст случај, но во овој контекст, дури и повеќе отколку во однос на мнозинството прашања, важно е да се направи вистинска рамнотежа помеѓу влијанието на внатрешните и надворешните фактори, соодветно. Економските потешкотии во регионот во периодот помеѓу двете светски војни, се должеше делумно на прекумерниот економски национализам практикуван од страна на владите од подунавската област, но се должеа до одредена мера и на екслузивните политики на други држави надвор од регионот. Од гледна точка на прецизна историска анализа и за целите на идните политики, важно е двата фактора да добијат внимание. Постои опасна тенденција за индиректна претпоставка дека охрабрувањата за економско единство во подунавскиот регион би ги апсолвирала западните земји од која

било обврска да ги признаат грешките од меѓувоениот период за кои самите се сметаат за виновни. Жестоките привrзаници на подунавска федерација, кои не ја сфаќаат оваа опасност, понекогаш претеруваат во голема мера околу предностите, кои, веројатно би се стекнале со економска унија, и во настојувањето да се наметне каузата, тие се склони кон давање искривена слика за степенот до кој подунавските земји самите се виновни за своите проблеми. Авторот на овој труд ми изгледа како да западнал во оваа неволја, па дури и од чисто тактичка гледна точка, недоверливо е дали случајот не е оштетен со тоа што е претставен на овој претеран и искривен начин. Тоа води, на пример, кон непотребниот акцент врз очигледните и крупните политички грешки извршени веднаш по војната 1914-1918 година. Вистина е дека во голема мера последиците од овие грешки беа ненадоместливи и поради тоа треба да се истакнат, но во последниве години имаше значителен степен на подготвеност од страна на некои подунавски државници да се разгледа сериозно планот за економска интеграција. Не е сигурно дека овие планови ќе стапат во сила, дури и ако општите услови биле поволни за нивна реализација. Меѓутоа, беа безуспешни поради притисокот на надворешните политички интереси и прилично упорното одбивање на западните земји да ја одиграат својата улога во градењето на економска структура во која подунавските земји би можеле, со ветување на задоволителен простор на другите пазари, да очекуваат со нетрпение постојан и стабилен развој.

2. Ќе биде ставен нагласок поединечно на секоја причина што придонесува за комплицираната ситуација која мора, во прв ред, да биде прашање на историска пресуда, а од оваа гледна точка трудот сериозно го потценува значењето на надворешната политика за благосостојбата на подунавскиот регион. Но ставањето акцент, исто така, може соодветно да биде под влијание на процената на постоечката



состојба на умот на луѓето кон кои треба да се насочат аргументите. Токму поради оваа причина може да се смета дека е мудро да се потенцира вредноста на единството кога се обраќаме на подунавските народи, но да бидеме праведни, многу од нив веќе се убедени по ова прашање. Но при обраќањето кон луѓето во Западна Европа, несомнено е дека другата страна на сликата има потреба од најголемо нагласување.

3. Политичката дискусија на овој труд во голема мера е надвор од мојот домен, но, како што покажуваат моите приговори кон прикажаните искривени гледишта на релативните задолженија за немирите во меѓувоениот период, заслужува да се дадат забелешки. Настрана од абнормалната ексклузивност на владите од подунавскиот регион, практично, целокупната одговорност за држење на подунавските народи на страна им се припишува на Германците (стр. 12). Но, всушност, ваквата пасивна и активна одговорност мора да се сподели значително и од страна на Франција, Италија и Велика Британија (како што всушност се предлага на стр. 22) и кога ова ќе се признае ќе се увиди веднаш дека во повоената политика не е доволно да се отстрани германското влијание и да се охрабри внатрешното единство. Тоа е исто толку важно, или за одредени цели уште поважно, отколку што е потребата за радикални промени во економската политика од страна на западните земји.

4. Историскиот дел од економски поспецифичниот аргумент ми изгледа донекаде неправеден кон подунавските влади. Ниту ова не претставува единствено прашање за верно историско толкување, бидејќи за правилно историско толкување непосредно релевантно е, исто така, и мерењето на факторите што треба да се земат предвид при формулирањето на здрава повоена политика. Причините за економска оскудица во подунавскиот регион во меѓувоениот период, би можеле да се класифицираат на широко (ненужно рангирани според важноста) во четири поглавја. (I) Деструктивните ефекти на самата војна (што оопфаќа, секако не са-

мо физичка деструкција, туку и насилен премин на нормалниот процес на производство и транспорт, опаѓање на капиталот, институционални и други фактори кои поттикнале насилна инфлација на валутата). Овие точки не се обработени во трудот. Имаше приговори (стр. 2) околу фактот дека „повоениот договор не им донесе на подунавските народи ниту мир ниту леб". Напротив, оставајќи ја на страна можноста за обемна парична помош од страна на побогатите земји, на начин што подолу во трудот е одбиено како подунавска политика по оваа војна, речиси неизбежно, колку и да го испланирале мудро договорот по 1918 година, државите во дунавскиот регион ги очекуваа тешки времиња и неколку години по војната. Уривачките ефекти на војната беа загрижувачки во многу делови од оваа област, а екстремната сиромаштија најверојатно ќе влијае на уште поспоро опоравување од опустошените земји на запад. Лесно ѝ е на Западна Европа да ги затвора очите пред важноста на овој фактор. Што се однесува до Западна Европа, целокупното светско производство се немаше вратено на нивото од 1913 година сè до 1925 година, додека во Источна и Централна Европа нивото од 1913 се достигна во 1927 година.

5. (II) Економскиот национализам на земјите во подунавскиот регион. Ова беше без сомневање многу важен фактор; закрепнувањето ќе беше забрзано доколку немаше толкава алчност да се изградат нови економски единици со врски на најниско ниво со најблиските соседи. Трудот го оценува овој фактор како доволен сам по себе за да ја објасни целокупната економска историја на регионот во меѓувоениот период – „болеста произлегуваше од одвоената политика која систематски се имплементираше во новите држави" (стр. 24), видување кое дава изобличена претстава за текот на настаните. Тоа што го направија сите засегнати влади, особено за време на раниот повоен период, беа екстремно неразумни работи и би било пожелно нивните следбеници да се воздржуваат од слични неразумни постапки во



иднина. Како поточно се очекувало да ги воздржат во тоа време (како што е посочено на стр. 24), не е многу јасно. Кога беше предложено нивната економска политика да биде контролирана, тие, се разбира, прашаа зошто други земји не се подлежни на слични дисциплински мерки, прашање на кое немаше многу убедлив или јасен одговор. Секако, од периодот на *големата депресија* па натаму, извештајот за земјите од подунавскиот регион во врска со подготвеноста да соработуваат за заеднички политички прашања, не беше многу поцрн од оној на западните земји (што можеби и не кажува многу). Тие самите не беа директно одговорни (како што е посочено на стр. 5) за растот на приливите и одливите од новите рестриктивни инструменти. Некои од нив, без сомнение, одиграа улога во раното експериментирање на ова поле, но во поголемиот дел тие беа имитатори. Едноставно не е вистина дека по депресијата „политичката и економската соработка помеѓу народите од подунавската област" не им беше јасна на подунавските лидери. (стр. 19). Во голем дел имаше мошне сериозни дискусии за соработка од различен карактер. Локалните лични интереси честопати го попречија патот, а политичките судири повремено го намалија спектарот на гледање. Но, вистинското влијание што бројните преговарања ги направи безуспешни, доаѓаше од неуспехот на Западна Европа како целина да ја одигра својата улога во обезбедување на потребните услови за успех, отколку желбата на подунавските политичари да го избегнат проблемот. Тоа што беше потребно не беше западните сили да ги принудат земјите од подунавскиот регион да направат нешто (како што сугерира трудот дека требало да направат во 1919 година), туку дека западните сили требало самите да ги променат своите политики. Долго време имаше решителен отпор на германското навлегување и честопати земјите од Југоисточна Европа, кога беа во можност, играа на таа карта. Нивната позиција можеби ќе беше посилна доколку покажеа волја да ја поттикнат меѓусебната трговија, но генерално беа во непожелна позиција дека на сметка на индифе-

рентноста на остатокот од Западна Европа, нивните карти не беа никогаш доволно силни. Не беше „гротескната економска борба помеѓу овие држави што на крајот ги испорача во германски раце“ (стр. 14), туку недостигот од алтернативни пазари. Можеби ќе беа во незначително посилна позиција виз-а-ви Германија, доколку беа обединети, но наспроти еден силен купувач, унијата на слаби продавачи не може да биде значително посилна од слабите продавачи одделно. Ова гледиште, секако, имплицира негирање на гледиштето што е централна економска теза на трудот дека подунавската унија може да понуди свои соодветни пазари доволни да ги задоволат побарувачките на слабите продавачи, а дополнителни коментари околу оваа точка ќе следуваат понатаму во текстот. Подунавските и балканските земји беа самите крајно свесни за оваа потешкотија и многу од нивните претставници го изразија многу јасно алармот за отсуство на британски интерес кај нив.

6. Индустријализацијата во трудот е објаснета (стр. 4) исклучиво во однос на одбранбената политика. Ова, несомнено, одигра важна улога, но во однос на општите економски состојби во регионот (и особено зголемениот притисок од населението), тие беа такви за да направат една природна политика од таквата индустријализација, случај што беше дополнително засилен со катастрофалниот колапс на извозните пазари за време на кризата. А тоа дека оваа политика беше лошо испланирана и изведена, е сосема друго прашање. Да се размислува во рамките на „индустри-ска самостојност“ секако, беше бесмислено, но стапката до која во некои земји увозот на готови производи за потрошувачите се намали а увозот на машинерија и суровини се зголеми, сугерира дека вистинското зголемување на обемот на индустриско производство беше мошне значително. „Очајниот обид“ да се зголеми продажбата на произведена стока во Западна Европа (стр.6) беше веројатно направен од страна на Австрија и Чехословачка, но не е јасно зошто ова треба да се осуди како „бескрупулозна конкуренција“ стр. 58) или



Австријците и Чесите да бидат укорени за обидот да „продаваат стока на светскиот пазар“ (стр. 75), бидејќи според условите на времето практично сите земји за време на кризата, кои повеќе кои помалку, правеа очајнички обиди за да го задржат или прошират својот пазар. Да постоеше тогаш подунавска федерација, ќе беше во многу слична ситуација. Обидите да се создадат сигурни врски за австриските и чешките производи беа за почит, и нема зошто Австријците и Чесите да бидат осудени за тоа. (Ниту пак е лесно да се види оправдувањето за погледите изнесени на стр. 58 дека главната причина за катастрофалното невработување во Австрија и Чехословачка беше запоставувањето на „разновидното индустриско производство во мир“,[53] во кое всушност двете земји беа ексремно активни). Слично на тоа, земјоделските суфицити што ѝ беа понудени на Западна Европа не беа ниту „акумулирани“ ниту „продадени“, ниту пак ова беше случај на „префрлање на земјоделскиот суфицит во Западна Европа (стр.25). Многу од пазарите во кои извозот беше продаден, а од кои имаа придобивки сите вклучени партии, на пример во Германија, Франција, Италија, Шпанија и други, за време на релативно просперитетните години пред кризата, беа затворени во име на економскиот национализам на *големата депресија.* Овие пазари беа прилично „природни“ и немаше добра причина за правдање на тоа зошто не беа направени напори за тие да се задржат или заменат.

(III) Третиот важен фактор, кој трудот целосно го изоставува или барем имплицитно го негира, е ефектот врз земјите од подунавскиот регион од општата економска политика која ја следи остатокот од светот, особено по почетокот на *големата депресија.* Колку и да е голема важноста што му се придава на вториот фактор споменат погоре–

[53] Индустриски мир е состојба во индустриските односи во која работодавачот и вработените се воздржуваат од штрајкови, отпуштање работници, затворање фабрики и слично.

а беше договорено дека неговата важност е голема – воената политика тешко дека ќе следи здрави правци, освен ако сега не се посвети соодветно внимание на длабоките причини за безредие во Централна и Источна Европа. Авторот на трудот изгледа дека не се согласува со оваа сугестија затоа што имплицира дека во креирањето политики кои треба да им одговараат повеќе на потребите, земјите од Западна Европа би требало да бидат повнимателни во земањето предвид на нивните реперкусии на други места. На пласирањето на „извозен суфицит“ се гледа како на еден вид нечесна активност (види стр. 33 и стр. 38) наместо да биде, како што и впрочем е, нормална практика на секоја здрава економија, секоја насилна или длабока пречка која природно го прави екстремно тешко одржувањето на секој вид економска стабилност. Работата е што земјите во подунавскиот регион имаа изградено прилично задоволителни трговски врски со различни страни во светот. Истите беа сериозно попречени кога наводно кризата ги принуди сите земји да усвојат ексклузивна политика во врска со надворешната трговија. Се чини помалку непромислено да се каже дека тоа беше грешка на самите земји од подунавскиот регион, а не грешка на други-те (и во многу случаи многу моќни) економии кои го пре-зедоа водството во кршење на вообичаените врски.

8. (IV) Овој фактор е тесно поврзан со четвртиот, *големата депресија*. Ова не беше едност авно привидение, и покрај тоа што сега не може да биде многу профитабилно да се испитува внимателно како можеше да се избегне тоа. Но секако, не беше предизвикано од земјите во подунавскиот регион, туку одговорноста за светската економска криза припаѓа неминовно повеќе на моќните економии кои вообичаено се во водство. Деталните причини за секоја поединечна епизода од *големата депресија* е несомнено комплексна, а банкротирањето на банката Кредит-Ансалт не беше првенствено „резултат на самостојни политики во подунавскиот регион“ (стр. 25). Нема сериозно потценување на ефектите од бесмислениот економски национализам на



земјите во подунавската област ако се каже дека доколку *големата депресија* беше избегнат а (а самит е земји во подунавскиот регион немаа посебно влијание во нејзиното создавање) никој денес не би им додал на пакосните ефекти од природните поделби во Источна Европа повеќе од третостепено значење. „Враќањето на разумот“ како што е споменато на стр. 7, беше наводно враќање на економското обединување или еден вид подунавска царинска унија, но колку и да го посакувале, ова немаше да направи многу за да ги олесни потешкотиите од раните триесетти години.

9. Што се однесува до идните политики, трудот прави грешка, која за жал е многу честа, мислејќи дека предложените различни линии на дејствување нужно се исклучуваат меѓусебно. Индустријализацијата и интензивното земјоделство се алтернативи кои не би требало да се преземаат истовремено (стр. 38-9). Во секој случај, нема докази за ова верување. Постои јасен и силен простор за радикални подобрувања во земјоделството, вклучувајќи некои промени во производството за кои трудот со право се залага. Купувањето на извозен суфицит од постоечки основни посеви од подунавската област од страна на Британија (и други западни земји), не може да се дефинира како „конечно решение“ (стр. 38), но не поради причините што ги имплицираат додека таа можност се разгледува на хартија, туку затоа што според природата на нештата не може да има „конечни решенија“ на ваквите проблеми. Секоја економија мора да биде подготвена, одвреме-навреме, да спроведува промени за релативната важност на своите основни производи и извози, и некои од потешкотиите од подунавскиот регион се појавија поради фактот дека некои промени што се пожелни беа премногу одолговлекувани. Сепак, тешко е да се увиди, особено ако го земеме предвид времето што неизбежно мора да измине пред револуционерните промени да се комплетираат во економската структура, како иднината на повоената подунавска област не може да биде ништо друго освен мрачна – освен ако западните земји не ја

изменат својата политика од пред 1939 година во однос на дунавските извозни продукти. Но, заедно со подобрувањата во земјоделството постои простор и за значителни мерки за умешно координирана индустријализација. Двете работи би требало да одат заедно и се всушност во одредени апекти меѓусебно зависни.

10. Дали Австриската Империја беше всушност „идеална економска единица“ (стр. 24) каде што „секоја гранка од подунавската економија се имаше развиено каде што природните услови беа најповолни“ (стр.52) е неизвесно, но дали била или не, сега веќе не е многу важно. Порастот на населението, промената на техничките услови во прои-зводството и светската побарувачка, сите имаа далекусежни ефекти што не може да се направи блиска аналогија помеѓу условите во денешно време и условите во Хабсбуршката Империја пред 28 години, а аналогијата е целосно непрепознатлива доколку Романија и Југославија се вклучат во подунавската царинска унија (стр. 78-9). Степенот до кој Хабсбуршката Империја формираше „економска единица“ беше самиот (како што е всушност вистина за сите т.н. Економски единици) во голема мера зависен од историските причини кои не се веќе оперативни околу една генерација, а некои беа насилно отстранети. Здрава економска политика за областа во прашање, без сомнение, би вклучила повисок степен на интеграција помеѓу нејзините бројни делови отколку што политичките судири дозволија во меѓувоениот период. Исто така, би вклучила и значителен обем на трговска размена со Германија („економска поврзаност со Германија“ (стр. 39) која не би требало да се подразбере дека имплицира ексклузивно здружување на Германија со дунавската област (спореди со стр. 54), како и значајни трговски врски со Западна Европа и со



остатокот од светот. Вистина е дека „Дунавската долина не смее никогаш повеќе да биде подредена на економската сфера на интереси на Германија“ (стр. 56), но ова гледиште не е недоследно со препознавањето на заемните придобивки кои би произлегле од трговска размена помеѓу Германија и дунавската област, а главната заштита од политичката злоупотреба на такви бенефиции е обезбедена со одржување на алтернативни пазари за дунавските извози во други делови од светот. Исто така, вистина е (и важно) дека за комбинацијата од мудри политики од различен карактер што е пожелно „би биле потребни декади“ (стр.74), но тоа е подеднакво вистина за секоја политика која би можела сериозно да се разгледува. Целосниот и ненадеен прекин на трговски бариери во подунавскиот регион не би бил помалку тежок удар од она што се смета дека е невозможно да се соочи во рамките на поширокиот простор помеѓу балтичкиот регион и Егејот. Во однос на оваа точка, трудот не е многу јасен. Предвидени се многу значителни придобивки по воспоставување на подунавска царинска унија, но овие придобивки тешко би се материјализирале, освен ако има доста радикални промени во економските структури на погодените области. Но трудот сугерира дека навистина не се потребни радикални промени. „На австриското и чехословачкото земјоделство не им е потребна повреда туку стравување“ (стр. 59) и „охрабрувањето на земјоделството во аграрните области нема да наложува пропаѓање на локалните индустрии“ (стр. 51). Но не е доволно да се претполага исчезнувањето на тешкотијата од ослободување од неекономско земјоделско и индустриско производство под претпоставка дека ќе се зголеми животниот стандард, а животниот стандард нема да се зголеми освен ако ова не економско производство не се замени со нешто друго. Зголемувањето на животниот стандард не може го да направи непотребно она што е всушност основен предуслов за негово реализирање.

11. Во таа насока, вистинското значење на надворешните економски здруженија, изгледа, е дадено погрешно во трудот. Подунавските народи се покорени бидејќи тие „не можеа да опстанат без надворешна помош“ (стр. 19), но ако тоа значи дека тие мислеле дека одржувањето на трговски врски со остатокот од Европа и светот е основен услов за задоволителен економски живот, укорот изгледа доста незаслужен, затоа што, ќе повторам, таква е состојбата на една здрава економија. Без сомнение, би било корисно доколку сите ресурси за потпирање на сопствените сили би биле потполно искористени; балансот помеѓу одговорноста да се припише на внатрешните фактори и да се пренесе на надворешни фактори е секогаш на некој начин чувствителна работа, а по оваа војна важно е да им се појасни на подунавските народи степенот до кој нивното економско закрепнување мора да зависи од делата што тие ќе ги поттикнат. Но за да се истакне оваа поента не треба да се повикува на навредливата точка - зависност од „надворешна помош“. Вистина е дека „меѓувоениот период покажа дека ниту една независна економска единица не може да опстане во Дунавската долина“ (стр. 52). Таа вистина е во секој случај применлива, секако во различни степени, на сите држави и секако на подунавската федерација.

12. „Надворешната помош“ всушност може да се подразбере потесно за покривање на провизиите од странски капитал. Тука, многу е важно да се инсистира дека подунавските земји, во иднина, треба да ги употребуваат поефикасно своите внатрешни ресурси отколку што некои од нив тоа го направија во меѓувоениот период. Но, дури и кога ќе сторат сè во оваа насока, тешко е да произлезе суштинско подобрување на животниот стандард, разгледуван во трудот, без значајна сума странски инвестиции. Трудот како да имплицира дека по војната производствениот капацитет во областа бил веќе соодветен за да обезбеди елементи за повисок животен стандард низ регионот и дека странскиот капитал не бил потребен (стр. 74). Но овој исказ се чини многу



дискутабилен.

13. Ситуацијата на југословенското и унгарското зем-јоделство сигурно ќе беше олеснета доколку имаа слободен пристап до австриските и чешките пазари, исто како што положбата на австриските и чешките индустрии ќе беше олеснета ако имаа слободен влез во Југославија и Унгарија. Сепак, изгледа мошне сомнително дали вреди да се потроши одреден временски период за разумните државници да дејствуваат во целата подунавска област за да обезбедат соодветни пазари за целокупниот производствен капацитет (на начин што, како што се сугерира на стр. 60, нема да има извозен суфицит). Трудот, секако, не го зема предвид целосниот прекин на економски врски помеѓу подунавскиот регион и остатокот од светот. Има брзо очекување (стр.64) дека „специјализирани производи од дунавскиот регион ќе бидат извезени насекаде во светот“, но ограничувањето на „специјализирани производи“, кое се повторува на стр. 58, а во врска со австриското и чехословачкото производство, како да имплицира дека врските се предвидени да бидат од мал размер за да му ги обезбедат на подунавскиот регион соодветните резерви потребни за зголемување на животниот стандард. Веќе се развиени блиски трговски врски помеѓу земјите од подунавскиот регион и остатокот од светот и ова би било во интерес на сите заинтересирани странки, тие да се развијат дополнително.

14. Оваа генерална низа аргументи, кои се основаат на скептицизмот околу претендирањата дека секоја област претставува „засебна економска единица“ (стр.57), има тенденција да го потисне целосно основното значење на формирањето поголеми економски единици во Источна Европа, барем како фактор кој најверојатно сам по себе може да обезбеди суштинска помош на жителите на погодените земји. Мора да се согласиме дека, исто така постои опасност да се презентира овој аргумент во преувеличена форма, но до сега, дискусијата кон крајот на трудот околу релативни вредности на различни групации што беа предложени, губи

добар дел од своето значење. Сепак, не е вистина дека „воспоставувањето на царинска унија без заемна загуба би била возможна само доколку националните економии кои би учествувале во неа и нивниот вообичаен животен стандард се на слично ниво“ (стр. 72). Царинската унија во Соединетите Американски Држави функционира доста добро (иако постојат несогласувања) и покрај големата разлика помеѓу просечното ниво на приход во Калифорнија и Нова Англија од една страна и она на Аризона и Џорџија од друга страна, големи разлики како оние што може да се увидат во Источна Европа. Тешкотиите да се воспостави царинска унија помеѓу Полска и Чехословачка, делумно се должи на резултатот од нивните „различни фази на напредок“ (стр. 75), но исто така тоа е резултат на фактот дека во некои аспекти постигнале иста стапка на прогрес и ниту една земја не е подготвена да го подложи резултатот од својот индустриски развој на ризиците од слободната конкуренција од другите земји.

15. Неколку значајни точки треба да се забележат одделно. (I) Преселбата на населението се врши под капата на политиката (стр. 45), но од економска гледна точка разумен е аргументот дека големите принудни преселби може да бидат опасно уривачки за економскиот живот во областа, каде што, во секој случај, ќе биде доволно тешко, и без да се додаде комплексноста на проблемот, да се воспостави стабилна основа во разумен краток период на време.

16. (II) Ирационалноста на дунавскиот извоз не е ни приближно толку голема како што е предложено на стр. 60. Романците извезуваа жито бидејќи ги претпочитаа производите што можеа да ги добијат во замена за житото. Фактот дека го продаваа своето жито во Чехословачка наместо во Велика Британија, не ја промени воопшто состојбата на сиромавиот селанец. Нему не му е од никаква корист фактот дека готов индустриски производ може слободно да се увезе од Чехословачка доколку нема пари да плати за него.



На ист начин, доколку може да стигне до тие пари, дали со напредок во земјоделството или трансфер на подобро платено работно место, не му преставува особена разлика дали готовиот производ што сака да го купи доаѓа од Чехословачка или Велика Британија. Несомнено, би било многу поволно за романскиот селанец да биде подобро нахранет, но проучувањето за исхраната нема само по себе да го однесе многу далеку, како што поголемата потрошувачка на храна за него значи помала потрошувачка на други работи, кои според неговите потрошувачки навики се поважни.

17. (3) Не е воопшто јасно каков економски систем е предвиден на стр 62-3. Доктрината Laissez-faire[54] е осудена (барем на начинот на кој постоела во дунавската област до 1914 година), но мора да се охрабрат и да им се дадат нови можности на слободните претпријатија. Едвај е спомнато важното прашање за даночна политика која треба да се примени во однос на остатокот од светот.

4 декември 1942 година
PRO FO 371/33134 R 8392/43/67

## 7

## БЕЛЕШКИ НА КЛУТОН, ЕКСПЕРТ ВО ФОРИН ОФИС, 5 декември 1942

Прашањето за идната улога на Турција на Балканот беше дискутирано со Сер Х. Начбул Хагесен на состанок одржан во канцеларијата на Сер О. Сарџент на 4 декември.

Сер Х. Начбул Хагесен рече дека тој во повеќе навра-

[54] Доктрина според која владата не би требало да интервенира на пазарот.

ти зборувал со министерот за надворешни работи[55], кој покажал значителен интерес за нашите планови за федерација. Тој смета дека Турција посакува да ја игра нејзината улога.

Беше договорено, сепак, дека основна задача не е единствено да се поттикне Турција да биде заинтересирана за балканското уредување по војната, туку таа да биде заинтересирана сега. Грчкиот премиер,[56] на пример, ја искажа својата подготвеност за сегашна соработка со Турците во градењето на идното уредување. Според грчката перцепција, сепак, Турција не би требало да претставува интегрален дел од балканската федерација, најмногу поради тоа што Турција била азиска, како и европска сила. Балканските држави не посакуваат, ниту пак беше во нивна моќ, да ги гарантираат турските источни граници. Нивниот интерес, на пример, во Дијарбакир или во Карс беше многу далечен, многу подалечен отколку турскиот интерес за Скопје или за Солун.

Потоа беше истакнато дека доколку Турција сега се заинтересира за иднината на Балканот, тоа би бил чекор во насока да ја поттикнеме да соработува со нас многу поотворено и поблиску отколку што дозволуваше нејзиниот досегашен став за строга неутралност. Изгледите за споделување во уредувањето на Балканот, секако, не би ја поттикнале да земе учество во војната на наша страна, но би креирале атмосфера каде каде што другите фактори би имале подобри шанси за развој.

Сер Х. Начбул Хагесен, соодветно на тоа, беше овластен да ги продолжи разговорите со турската влада во врска со улогата на Турција во иднината на Балканот и да му ги покаже на министерот за надворешни работи неговите опсервации во Меморандумот на Форин офисот на таа тема.

---

[55] Шукру Сарачоглу (1887-1953), турски политичар, министер за надворешни работи во периодот 1938- 1942 година и премиер во периодот 1942-1946 година.

[56] Емануил Цудерос (1882-1956), грчки политичар, премиер на грчката влада во егзил.



С. Х. Клутон

Јужен оддел,
Форин офис
5 декември 1942

Белешки

Во подоцнежен разговор, Сер Начбул-Хагенс даде цврсти ветувања дека ќе ги елаборира своите идеи во врска со неговото писмо до сер Орме Сарџент во R. 8417.

Клутон
8/12

Јас сметам дека, како почеток, за мене би било доволно да зборувам со Нуман во следниот контекст, врз основа на меморандумот на Сер О. Сарџент во R3793.

Јас би рекол дека Владата на Неговото Височество му посветува внимание на проблемот на најдобрата организација на Балканот по војната. Тие беа главно импресионирани од потребата за зацврстување на три посакувани сегменти, имено заедничка одбрана, заеднички економски систем и заедничка надворешна политика.

Прашањето кое природно би се поставило, е до кој степен овие три посакувања ќе побаруваат некаков федеративен систем и до кој степен ќе биде неопходно да се создаде некаква форма на централизирана или колективна организација, во која секој од ентитетите би застапувал дел од неговата најсилна моќ, со цел да се реализираат овие намери.

Таквата комбинација јасно би морала да биде сочинета од сите балкански народи, вклучувајќи ги и Бугарите и Романците, и секој ентитет (пр. Србите, Хрватите, Словенците и тн.) би можел да оформи одделна единица во колективниот систем. Би било секако неопходно да се одредат надворешните граници во кои конфедерацијата би била формирана.

Проблемот со внатрешните граници помеѓу различните ентитети, исто така има потреба од решавање.

Во сето ова добрата волја и соработката на турската влада би претставувале есенцијален фактор и во овој контекст значајно прашање кое бара проучување е до која мерка Турција би била здружена со или приклучена во конфедерацијата.

/...[57]

14 декември 1942

PRO FO 371/33134R 8380/43/67

[57] Потписот е нечиток.



# ИНДЕКС НА ЛИЧНИ ИМИЊА


Антонеску, Јон 135, 136
Арнолд, Тојнби 7

Бенеш, Едвард 98

Велс, Бенџамин Самнер 96
Вилки, Вендел 121
Вилсон 34, 75, 120

Геринг 36
Гестетнер, Лео 4, 127, 128, 129, 130,131, 134, 140

Даглас Хауард 4, 133
Дод, амбасадор 98

Е. Дејвис, Џозеф 98

Јосиф, Франц 57

Кар, Е. Х. 118, 132
Караѓорѓевиќ , Александар 29
Караѓорѓевиќ, Петар II 29
Караѓорѓевиќ, Павле 29
Квинслинг, Видкун 79
Клутон 4, 155, 156
Кошут, Лајош 56

Леит Рос, сер Фредерик 35
Леополд, Ото фон Бизмарк Едуард 31
Лафан 4, 139, 140

Масарик, Томаш 88
Мажино, Андре 115
Молеј 135
Молотов, Вјачеслав 113

Начбул Хагесен 4, 134,138, 155, 156

Молеј 135
Молотов, Вјачеслав 113

Начбул Хагесен 4, 134,138, 155, 156
Нинчиќ 133
Нуман 136, 137, 138, 157

Орме Сарџент 4, 138, 155, 156, 157

Палацки, Франтишек 119
Петар Велики 136

Рејнод 33
Роуз 4, 130, 139, 140
Робертс, Џ. К. 129
Рузвелт, Френклин 51, 95,103, 119, 120

Садова 57
Сарачоглу, Шукру 135, 137
Сикорски, Владислав 113
Сталин 113

Томпсон, Давид 55

Фиерлингер 98
Фишер 139

Х. Ерл, Џорџ 83
Хенлајн, Конрад 80
Хитлер 17, 19, 35, 36, 37, 38, 39, 42, 46-53, 67, 75, 80, 81, 90, 95, 96, 98, 99, 102, 104, 106, 123, 135
Хоуп Симпсон, сер Џон 55

Џудерос, Емануил 155

Чемберлен, Невил 112



Черчил, Винстон 40-42, 46, 52, 103
Џорџ Рендел 4, 133, 134

## ИНДЕКС НА ГЕОГРАФСКИ ПОИМИ

Австралазија 116
Австрија 9-13, 15, 19, 20, 22, 24, 34, 35-39, 42, 43, 47, 50, 51, 57, 58, 59, 63, 67, 68, 69, 71, 77, 81-84, 86-88, 91, 95, 113, 116, 118, 126, 127-129, 146
Австралија 116
Албанија 130
Ангора 4, 134
Англија 33, 34, 36, 50, 98, 153
Азија 112, 113, 116
Аризона 153

Балкан 10, 41, 53, 62, 77, 79, 83, 84, 91, 107, 135, 137, 138, 155, 156, 157
Банат 29
Балтик 77
Берлин 88
Бесарабија 29, 43
Босна 91
Бохемија 37, 57, 81, 88
Братислава 127
Бренер, премин 39
Британскиот комонвелт 75
Бугарија 43, 83, 86, 88, 129, 130, 135
Буковина 29, 43

Варшава 10
Велика Британија 7, 30, 42, 52, 62, 85, 97, 105, 114, 119, 121, 126, 136, 142, 159
Вејмарска Република 65
Версај 5, 35, 95
Виена 10, 24, 36, 50, 88, 127

Галиција 57
Гдањск 78

Галиција 57
Гдањск 78
Германија 6, 10, 16, 18, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 30, 31, 35, 41, 44, 47, 49, 51, 56, 62, 63, 64, 75, 77, 78, 83, 89, 90, 92, 93, 97, 98, 105, 106, 109, 111, 112, 114, 118, 119, 128, 131, 132, 150

Далмација 91
Данска 65
Данцинг 78
Дијарбакир 156
Добруџа 43
Дунав 96

Европа 5-8, 22, 33, 34, 37-41, 43, 44, 45, 47, 48, 49, 51, 52, 61, 62, 64, 66, 67, 70, 73, 75, 76, 77, 78, 79, 82, 87, 89, 90, 92, 93, 95, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 112-125, 126, 129, 131-133, 136, 137, 142-150, 151, 153
Егејското Море 77

Италија 9, 31, 39, 48, 62, 101, 142, 146

Јадранско Море 77
Јапонија 114
Југославија 8, 9, 12-15, 18, 19, 20, 23, 25, 29, 32, 34, 38, 39, 41, 47, 50, 52, 55, 59, 63, 67, 68, 71, 72, 76, 81, 86, 91, 124, 126, 130, 132, 149, 152
Јужна Америка 47

Калифорнија 153
Карс 156
Колумбија 127
Крит 53

Либија 39
Лондон 39, 122, 138

Марсеј 29
Минхен 38, 50, 98, 99, 123



Марсеј 29
Минхен 38, 50, 98, 99, 123
Москва 98, 108

Нов Зеланд 116
Нова Англија 153
Нова Гвинеја 116
Норвешка 52

Оксфорд 139

Париз 33
Познан 78
Полска 6, 10, 28, 38, 44, 45, 62, 77, 79, 83, 86, 90, 108, 115, 128, 129, 134, 153
Померанија 78
Поморже 78
Прага 22, 24, 40, 88, 94

Прусија 31, 35, 57, 78

Рим 15
Романија 8, 9, 10, 12, 14, 15, 19, 21, 23, 25, 29, 30, 34, 38, 41, 43, 44, 47, 50, 55, 63, 68, 71, 72, 77, 91, 129, 134, 136, 149
Рур 19, 66
Русија 18, 29, 33, 43, 58, 77, 90, 93, 101, 107, 108-114, 116-119, 134
Рутенија 136

Садова 57
Саре 39
Сен Жермен 33
Скопје 156
Славонија 18

Славонија 18
Соединети Американски Држави 7, 33, 47, 75, 83, 85, 90, 93, 94, 95, 105, 120, 121, 126, 153
Солун 156
Словачка 30, 32, 38
Словенија 130
Србија 18, 29, 32, 91, 130
Средоземно Море 38
Судетски Планини 38, 80, 113

Трансилванија 28, 29, 43, 44
Тријанон 20, 28
Турција 83, 86, 91, 115, 130, 135, 136, 137, 138, 155, 156, 157

Унгарија 7, 9, 10, 12, 15, 20, 21, 24, 29, 32, 33, 38, 43, 44, 50, 55, 56, 57, 58, 59, 77, 88, 90, 91, 93, 94, 95, 110, 129, 132, 135
Урал 113

Франција 7, 9, 31, 34, 40, 56, 97, 98, 99, 115, 116

Холандија 65, 80
Хрватска 18, 32, 79, 130

Црно Море 38, 77

Чехословачка 8, 13, 15, 19, 23, 32, 34, 38, 44, 47, 59, 67, 87, 90, 91, 95, 96, 98, 99, 126, 127, 146, 154

Џорџија 153

Швајцарија 129
Шлезија 78,
Шпанија 115



## СОДРЖИНА

1. Иднината на нациите во Подунавјето, 26 септември 1942 ....... 9
2. Белешки од експертите на Форин офис во однос на студијата на Лео Гестетнер „Иднината на подунавските нации“, 21 јули 1942 ....... 126
3. Писмо од Лео Гестетнер до заменик-секретарот на државата, 21 јули 1942 ....... 130
4. Телеграма од Даглас Хауард до Џорџ Рендел, 17 октомври 1942 ....... 132
5. Телеграма од сер Начбул Хагесен, од Ангора, до сер Орме Сарџент, 10 ноември 1942 ....... 133
6. Писмо од професорот Лафан од службата за надворешни истражувања и печат, до Роуз, 5 декември 1942 ....... 138
7. Белешк на Клутон, експерт во Форин офис, 5 декември 1942 ....... 153

ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И ИДЕИТЕ ЗА ПОДУНАВСКА ФЕДЕРАЦИЈА, КОНФЕДЕРАЦИЈА И УНИЈА
(документи)


Превод и редакција
д-р Тодор Чепреганов
д-р Теон Џинго
д-р Ирена Авировиќ
д-р Соња Николова

За издавачот:
Проф. д-р Наташа Котлар

Рецензенти:
Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски
Проф. д-р Мишо Нетков

Лектор:
Валентина Великова

Печатница:
Магнаскен